Универзитет „Св. Климент Охридски“– Битола

Факултет за туризам и угостителство – Охрид

# „Дијаспората во функција на развој на туризмот во Опоље и Гора“

-докторска дисертација-

Ментор:

Проф. д-р Науме Мариноски

Кандидат:

Шериф А. Ага

Охрид, 2020 година

Апстракт:

Целта на докторската дисертација на тема Дијаспората во функција на развој на туризмот во Опоље и Гора е да се истражат капацитетите, односно можностите на дијаспората за инвестирање во туризмот во Опоље и Гора, како и да се истакнат предиктивните фактори кои влијаат врз развојот на туризмот во Опоље и Гора. Туризмот како економска дејност претставува мултидимензионална појава која се карактеризира со изразена масовност на глобално ниво. Современите работни услови во областа на туризмот се одликуваат со силна конкурентност. Со вклучувањето на дијаспората во развивањето на туризмот во овој дел од Косово, ќе постигнеме поефикасна анализа и валоризација на природните потенцијали, антропогените, инфраструктурните и инвестициските ресурси во областа на Опоље и Гора, но и пошироко. Со овој труд сакаме да укажеме на развојните потенцијали на дијаспората и нејзината подготвеност за инвестирање во туризмот, како и во креирањето на политики и развивање на конкретни иницијативи и различни облици на соработка со локалната и централната власт со иселеништвото, со цел укажување на потребата за целосно запознавање на туристичкиот и економскиот пазар во околината, како и на можностите за пласман на стоки и туристичка понуда на стоки на тој пазар, и на тој начин да се дадат инспиративни примери за останатите општини на Косово. Ние знаеме дека тоа се области со недоволно развиена туристичка инфра и супраструктура, но во оваа докторска дисертација ја вклучивме дијаспората која може да ја унапреди туристичката индустрија во овие делови и да го развие туризмот како економска гранка во општина Драгаш. Еден од главните мотиви кој влијаеше врз изборот на темата за докторската дисертација со наслов „Дијаспората во функција на развој на туризмот во Опоље и Гора“ е ниското ниво на економски развој, недоволната информираност за потенцијалите и проблемите во овој дел на Косово, незаинтересираноста на инвеститорите, претприемачите и менаџерите за пронаоѓање начини и креирање на политики за забрзан развој на подрачјето и негово извлекување од економската заостанатост. Сето тоа ја наметнуваат потребата за студиозно проучување на овој регион. Преку овој труд, сакаме да ги согледаме законските услови, односно законските олеснувања од локалните и централните институции кои влијаат врз развојот на туризмот. Врз основа на идентификуваните фактори и добиените резултати од истражувањето, ќе ги претставиме чекорите кои е потребно да се имплементираат во

реалноста за да може туризмот во овој регион да биде егзистенцијална гранка на домашното население население.

**Клучни зборови:** туризам, Опоље и Гора, туристички ресурси, дијаспора.

Abstract:

The purpose of a doctoral dissertation on the topic of Diaspora in the function of tourism development in Opolje and Gora is to examine the capacities, ie, opportunities of investing diaspora in tourism in Opolje and Gora, and to highlight the predictive factors that influence tourism development in Opolje and Gora. Tourism as an economic activity is a multidimensional phenomenon characterized by a pronounced mass on a global scale. Modern working conditions in the field of tourism are characterized by strong competitiveness. By involving the diaspora in the function of tourism development in this part of Kosovo, we will achieve a more efficient analysis and valorization of natural resources, anthropogenic, infrastructural, supra-structural and investment tourism resources in the regions of Opolje and Gore, and beyond. The aim of this paper is to point out the development potential of the diaspora and their willingness to invest in tourism development, as well as to create policies and develop concrete initiatives and various forms of cooperation between local and central authorities with the expatriate community, with the aim of pointing out the need to become more fully acquainted with the tourist and economic market in the region. and the opportunity to market goods and the tourist supply of goods in that market, as well as to provide inspiring examples for other municipalities in Kosovo. We know that regions with little developed tourism infrastructure and supra structure, but in this doctoral dissertation we have included a diaspora that will advance the tourism industry in these regions, and develop tourism as an industry branch in Dragash municipality. One of the motives that influenced the choice of the doctoral dissertation under the title "Diaspora in the Function of Tourism Development in Opolje and Gora" is low economic development, lack of information on the potentials and problems of the area of this part of Kosovo, lack of interest of investors, entrepreneurs and managers for finding roads and the creation of a policy of accelerated development of the area and its removal from economic backwardness, impose the need for a

careful study of the area. In this paper we want to look at the legal conditions, ie, the legal easements by the local and central institutions, which influence the development of tourism. Based on the identified factors and the results of the research, we will present in this paper the steps that need to be implemented in reality in order to make tourism in this area one of the main branches of existence of the local population.

**Keywords:** tourism, Opolje and Gora, tourism resources, diaspora.

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** .................... **8**

**1 ТЕОРЕТСКО – МЕТОДОЛОШКИ И ПРАКТИЧЕН ПРИСТАП НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** .................... **11**

1.1 Дефинирање и опис на предметот (проблемот) на истражување .................... 12
1.2 Цел на истражувањето со акцент на очекуваните резултати .................... 13
1.3 Истражувачки хипотези .................... 14
1.4 Методологија на истражувањето .................... 15
1.5 Методолошки принципи на истражување .................... 17
1.6 Очекувани резултати .................... 18
1.7 Основни теоретски и оперативни претпоставки .................... 20

**2 ТУРИЗМОТ КАКО СИСТЕМ** .................... **23**

2.1 Туристичкиот пазар на Косово .................... 25
2.2 Јужниот регион на Косово .................... 35

**3 ПРОСТОРНИ РЕСУРСИ НА ОПОЉЕ И ГОРА** .................... **37**

3.1 Природни ресурси на Опоље и Гора .................... 38
*3.1.1 Геоморфолошки туристички вредности* .................... *40*
*3.1.2 Климата како туристичка вредност* .................... *44*
*3.1.3 Водени ресурси – хидрографски потенцијали* .................... *48*
*3.1.4 Флора и фауна* .................... *51*
3.2 Национален парк Шар Планина .................... 55
3.3 Демографија .................... 58
*3.3.1 Образование* .................... *62*
*3.3.2 Здравствена заштита* .................... *63*
*3.3.3 Вработување* .................... *64*
*3.3.4 Економски развој* .................... *66*
*3.3.5 Миграции* .................... *70*
3.4 Антропогени туристички ресурси .................... 71
*3.4.1 Етнолошки музеј* .................... *77*
*3.4.2 Туристички инфо центар* .................... *79*
*3.4.3 Сакрални објекти* .................... *79*
*3.4.4 Народни носии* .................... *86*
*3.4.5 Свадбени обичаи* .................... *89*
*3.4.6 Манифестации и фестивали во Опоље и Гора* .................... *90*
*3.4.7 Гастрономија* .................... *97*

**4 РЕЦЕПТИВНИ КАПАЦИТЕТИ И ДИНАМИКА НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПОЉЕ И ГОРА** **99**

4.1 Угостителски капацитети за сместување во Опоље и Гора .................... 101
*4.1.1 Хотел Мека* .................... *101*
*4.1.2 Туристичко рекреативен центар Arxhena* .................... *102*
*4.1.3 Анализа на статистичките податоци за бројот на посетители и остварени ноќевања во хотелите Мека и Arxhena* .................... *107*
4.2 Угостителски објекти за храна и пијалаци .................... 112

**5 СООБРАЌАЈНА ПОВРЗАНОСТ СО ОКОЛИНАТА И ДИЈАСПОРАТА** .................... **115**

5.1 Копнена поврзаност – патен и железнички сообраќај .................... 115

5.2 Воздушна поврзаност на општина Драгаш (Опоље и Гора) ....120

**6 ПРЕДВИДУВАЊЕ НА РАЗВОЈНИТЕ МОЖНОСТИ НА ДИЈАСПОРАТА ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПОЉЕ И ГОРА .... 121**

6.1 Централни институции и законски регулативи поврзани со инвестирањето во туризмот на Косово 121

6.2 Модели за привлекување инвестиции на локално ниво....125

*6.2.1 Законски олеснувања на општинско ниво ....129*

*6.2.2 Даночни олеснувања на локално ниво во општина Драгаш ....130*

6.3 Инвестиции на локално ниво за развој на туризмот во Опоље и Гора ....132

*6.3.1 Создавање на правни основи за субвенции во општина Драгаш ....135*

**7 ПОИМ ЗА ДИЈАСПОРА И ЗАКОНСКА ОСНОВА НА КОСОВО .... 137**

7.1 Историски тек на дијаспората ....141

7.2 Косовската дијаспора како потенцијал за економски развој на земјата ....150

7.3 Поврзаност на дијаспората со матичниот простор ....151

7.4 Дијаспората од Опоље и Гора ....152

7.5 Посетеност и престој на туристи од дијаспората во Опоље и Гора ....156

7.6 Способност на дијаспората за инвестирање во туризмот во Опоље и Гора ....158

**8 МЕТОДОЛОГИЈА И ИСТРАЖУВАЧКИ РЕЗУЛТАТИ .... 162**

8.1 Методологија на истражувањето....163

*8.1.1 Место и време на истражување....163*

*8.1.2 Фази на истражување....163*

*8.1.3 Инструменти на истражување ....164*

*8.1.4 Методи за статистичка обработка и анализа користени во истражувањето ....165*

8.2 Истражувачки резултати ....166

*8.2.1 Дескриптивна статистика ....166*

*8.2.2 Хи-квадрат тест ( χ2)....181*

*8.2.3 Анализа на резултатите добиени со помош на ANOVA (Analysis of Variance – ANOVA)....187*

**9 ДИСКУСИЈА ЗА ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА ТУРИСТИЧКИОТ РАЗВОЈ.... 190**

9.1 Положба на туризмот на Косово во 21 век....198

9.2 Насоки на развој на туризмот....203

9.3 Облици на туристички развој во Опоље и Гора ....207

9.4 Приоритети во развојот на туризмот ....213

9.5 Пестел анализа ....215

9.6 SWOT анализа на туристичкиот развој во Опоље и Гора....218

**10 ВЕРИФИКАЦИЈА НА ХИПОТЕЗИТЕ.... 223**

**ЛИТЕРАТУРА.... 232**

**ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ.... 237**

**СПИСОК НА ТАБЕЛИ .... 238**

**СПИСОК НА ГРАФИКОНИ .... 240**

**СПИСОК НА КАРТИ .... 241**

**СПИСОК НА СЛИКИ .... 242**

**ПРИЛОЗИ.... 243**

# ВОВЕД

Во оваа докторска дисертација со наслов „Дијаспората во функција на развој на туризмот во Опоље и Гора“ се претставени географските карактеристики и туристичките потенцијали на регионите Опоље и Гора, кои заеднички ја сочинуваат општината Драгаш. Потоа, презентирано е влијанието на дијаспората во развојот на туризмот во овие области, што подразбира испитување на низа фактори, пред сѐ фактори на самиот терен, но и финансиски фактори, односно желбата на дијаспората потенцијално да инвестира во својот роден крај. Големо внимание се посветува на моменталната ситуација и новите можности за инвестирање во туризмот во овој дел од јужно Косово. За да ја оствариме поставената цел, беше потребно да се користи разновидна литература од областа на докторската дисертација, како и спроведени теренски истражувања од истата тема. Прво се анализирани просторните ресурси на Опоље и Гора (природните и антропогените), а потоа и туристичките ресурси на овој дел од Косово. Јасно е дека тоа се делови со слабо развиена инфра и супраструктура, но во оваа докторска дисертација ја вклучивме дијаспората која може да ја унапреди туристичката индустрија во овие области и да го развие туризмот како економска гранка во општина Драгаш. Еден од главните мотиви кој влијаеше врз изборот на темата за докторската дисертација со наслов „Дијаспората во функција на развој на туризмот во Опоље и Гора“ е ниското ниво на економски развој, недоволната информираност за потенцијалите и проблемите во овој дел на Косово, незаинтересираноста на инвеститорите, претприемачите и менаџерите за пронаоѓање начини и креирање на политики за забрзан развој на подрачјето и негово извлекување од економската заостанатост. Сето тоа ја наметнува потребата од студиозно проучување на ова подрачје. Врз основа на идентификуваните фактори и добиените резултати од истражувањето, ќе ги претставиме чекорите кои е потребно да се имплементираат во реалноста за да може туризмот во овој регион да биде егзистенцијална гранка на домашното население. Со оглед на тоа што регионите Опоље и Гора имаат бројни природни и антропогени туристички вредности, потребно е да се создаде туристичка понуда со што поразновидни туристички производи и услуги. Тоа ќе доведе до зголемување на нивото на конкурентност на овие региони, како на домашниот, така и на меѓународниот пазар, како и до зголемување на туристичкиот промет во регионот. Дијаспората од Опоље и Гора претставува можен потенцијал кој може да има значајна улога во развојот на туризмот во овие две области. Дијаспората и до сега беше

подвижна сила во опстанокот и развојот на домашното население во Опоље и Гора. Со оглед на тоа што областите Опоље и Гора се планински подрачја, како и меѓугранични региони, процентот на невработеност секогаш бил на високо ниво. Населението било приморано постојано да бара егзистенција надвор од своето родно место. Покрај горенаведените мотиви за избор на темата, она што дополнително влијаеше за избор на истата е приврзаноста на сите членови од дијаспората за родниот крај, без разлика каде живеат и каде ја барале својата егзистенција. Во овој труд ќе ги анализираме можностите и проблемите кои Опоље и Гора ги имаат во процесот на вложување во областа на туризмот како економска гранка.

Докторската дисертација, покрај вовед, заклучок и литература, содржи десет поглавја со релевантни тези. Секое поглавје содржи подпоглавја и делови и сите тие заедно претставуваат еден истражувачки процес. Во секој дел од докторската дисертација се провлекува главната тема и предметот на овој труд.

***Првото поглавје*** од докторската дисертација ***Теоретско – методолошки пристап на истражувањето***. Ова поглавје го дефинира предметот, односно проблемот на истражување, целите на истражување, методите и методолошките принципи, хипотезите, очекуваните резултати, придонесот на научното истражување, како и основните теоретски и оперативни претпоставки.

Во ***второто поглавје,*** со наслов ***„Туризмот како систем“*** дефиниран е туризмот како систем, со посебен осврт на анализата на туристичкиот пазар на Косово и јужните делови на Косово.

***Третото поглавје*** насловено како ***„Просторни ресурси на Опоље и Гора“*** се состои од две подпоглавја. Во овој дел се анализираат природните и антропогените туристички ресурси во Опоље и Гора. Во почетниот дел е анализирана географската положба, потоа геоморфолошките, климатските, хидрографските и биогеографските туристички ресурси на двете регии. Потоа се обработени антропогените и човечките ресурси: (пр. образовани лица, вработување, желбата на дијаспората да прифати да биде активна во денешни услови во Опоље и Гора). Со други зборови, во ова поглавје е претставена моменталната состојба на туристичкиот потенцијал, како и истражувањето на природните и антропогените услови за развој на туризмот, испитувањето на погодните места за инвестирање од страна на

претставници од дијаспората во изградба на инфраструктурни објекти (хотели, мотели, апартмани, ресторани и други неопходни угостителско - туристички објекти) за непречен (континуиран) развој на туризмот во овој дел од Косово.

Во ***четвртото поглавје*** се анализираат ***„Рецептивните капацитети и динамиката на туристички развој во Ополје и Гора“.*** Во овој дел детално е анализиран и прикажан бројот на угостителски објекти, бројот на странски и домашни туристи, како и можноста за изградба на нови сместувачки капацитети и подобрување на постоечките туристичко – угостителски објекти.

***Петтото поглавје*** е насловено како ***„Сообраќајна поврзаност со околината и дијаспората“.*** Во ова поглавје се анализирани инфраструктурните капацитети во областа на Ополје и Гора. Со оглед на тоа што патната инфраструктура е во состојба на ограничена функционалност, се наметнува потребата од конструкција на нови и модернизација на постоечките сообраќајници, особено на оние кои ги поврзуваат потенцијалните туристички зони и локалитети со основните сообраќајни правци на ова подрачје. Инфраструктурата е важен мотивациски услов на дијаспората за инвестирање во туризмот како економска гранка.

Развојот на инфраструктурата и сообраќајната поврзаност се предуслов за функционирање на економските капацитети, како и подобрување на квалитетот на живот на населението. Тоа е навистина важен услов за инвестицискиот, економскиот и општествениот развој на овој регион.

***Шесттото поглавје*** носи наслов ***„Предвидување на развојните можности на дијспората во функција на развој на туризмот во Ополје и Гора“.*** Во овој дел се анализирани моделите за привлекување инвестиции (законски олеснувања, рамка, слободни зони, кредитни линии – способности, даночни олеснувања од локалните и централните институции).

***Седмото поглавје*** е за ***„Поимот за дијаспора и нејзината улога во развојот на туризмот во Ополје и Гора“.*** Во овој дел е детално анализиран поимот, улогата и значењето на дијаспората во Ополје и Гора, како и анализа на:

- Поврзаноста на дијаспората со матичниот простор;

- Истражувања во врска со посетеноста на Опоље и Гора со туристи од дијаспората;
- Процентот на посетеност и инвестициската способност за инвестирање во туризмот.

***Осмото поглавје*** е ***емпирискиот дел од докторската дисертација.*** Ова поглавје се однесува на досега направените истражувања со цел да се идентификуваат можностите за вложување на дијаспората во развојот на туризмот во Опоље и Гора, како и влијанието на развојот на туризмот на ставовите на локалното население во овие области. Во ова поглавје е претставена методологијата на истражувањето, резултатите добиени со примена на соодветните статистички методи и нивна анализа со соодветна интерпретација.

***Деветтото поглавје*** е наменето за ***дискусија на истражувањето,*** каде се дадени и препораки и насоки за развој на туризмот за да се подобри моменталната ситуација со туризмот во областа Опоље и Гора и пошироко. Направена е SWOT и Pastel анализа.

Во ***десеттото поглавје*** е прикажана верификацијата на хипотезите.

На крајот, даден е ***заклучок*** од докторската дисертација како и ***преглед (увид) на користената домашна и странската литература*** искористена при пишувањето на трудот.

# 1 ТЕОРЕТСКО – МЕТОДОЛОШКИ И ПРАКТИЧЕН ПРИСТАП НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Теоретско – методолошкиот и практичниот пристап на истражувањето во врска со дијаспората и нејзината улога во развојот на туризмот во Опоље и Гора, подразбира дефинирање на предметот, целите на истражување, дефинирање на истражувачката методологија која ги опфаќа користените методи и принципи на истражување, како и поставените хипотези.

По однос на сложеноста, обемот и содржината на истражување, оваа докторска дисертација има мултидисциплинарен карактер, со оглед на тоа што е од доменот на природните и општествените науки, а припаѓа во рамките на економско туристичките теми. Во суштина, истражувачкиот предмет е поврзан со низа сродни научни дисциплини како што се туризмологија, демографија, економија, социологија, екологија и др. Сето тоа ја наметна

потребата од интердисциплинарен пристап во обработката на дисертацијата. Реално е да се очекува дека дисертацијата со наслов „Дијаспората во функција на развој на туризмот во Опоље и Гора“ ќе има теоретска и практична вредност во туризмојологијата и економијата, особено во конципирањето на долгорочниот туристички развој на подрачјето и во решавањето на низа актуелни проблеми кои го ограничуваат одржливиот развој во Опоље и Гора. Оваа докторска дисертација може да послужи како референтна литература, како база на податоци и добра основа за изготвување на план за економско – туристички развој на Опоље и Гора, како и за изработување на дипломски, магистерски и докторски трудови. Научната заснованост на темата произлегува од обемот и длабочината на истражувачкиот предмет, користењето на научно верифицирани методи на работа, укажувањето на потребата за решавање на проблемите на научна основа и др. Во теоретскиот дел од докторската дисертација, појаснети се туристичките вредности кои постојат во Опоље и Гора за непречен развој на повисоки облици на туризам како што се: природните ресурси (релјеф, климатски услови), хидрографскиот потенцијал, биодиверзитетот (флора и фауна), руралниот пејзаж, културното наследство, етнографските елементи, фолклорните фестивали.

Сите наведени туристички вредности претставуваат идеален предуслов за инвестирање од страна на дијаспората во туризмот и неговиот развој како економска гранка во оваа област.

## 1.1 Дефинирање и опис на предметот (проблемот) на истражување

***Предметот на оваа докторска дисертација*** е истражувањето на дијаспората во функција на развивање на туризмот во Опоље и Гора, односно волјата на дијаспората потенцијално да инвестира во својот роден крај. Тоа подразбира земање предвид на моменталните истражувачки активности и веќе постигнатите резултати во оваа област со критички пристап, како и идентификување на можностите за понатамошен развој.

Туризмот е еден од клучните елементи кои во последно време влијаат врз економијата на земјата, што значи дека туризмот, од една страна, помага во подобрувањето на економијата, а од друга страна регионот и државата стануваат сè попрепознатливи како туристички дестинации на туристичкиот пазар во овој дел од Балканот.

Регионите на Опоље и Гора имаат долг историски континуитет, особено во последните 20 години, кога во фокус беа ставени бројни национални, политички и други интереси. Интересот за овој регион во текот на споменатиот период бил претежно тенденциозен, квазинаучен и национално инспириран. Сите региони во Косово имаат своја специфичност во однос на демографските карактеристики, природните и антропогените туристички вредности и можности за туристички развој. Сепак, неспорно е дека регионите на Опоље и Гора поседуваат огромни природни богатства кои до сега се малку или воопшто истражувани. Во последните 20 години интересот за истражување на овие области е зголемен во секој поглед, па и во економски, а особено од страна на меѓународните институции со нивни проекти. Тие истражувања се во форма на пилот проекти, студии на случај и сл. Субјектите кои најмногу се посветени во истражување на овие простори се повеќе косовски министерства, локалната власт и UNDP.

Сепак, реалните можности и потреби за инвестирање во туризмот како економски фактор за развој се слабо истражувани. Со оваа докторска дисертација сакавме да ја вклучиме дијаспората во функција на развој на туризмот во овој крај, како и да ги истакнеме сите фактори што можат да придонесат за развој на туризмот во Опоље и Гора. Несомнено е дека такви фактори постојат многу и на сите нив ќе биде направена адекватна анализа. Ќе бидат анализирани човечките ресурси, природните и културните добра, како и инфра и супраструктурните потенцијали и законски регулативи, како можни фактори за понатамошен професионален развој на туризмот и промовирање на Опоље и Гора како атрактивни туристички дестинации, не само во јужниот дел на Косово, туку и пошироко.

## 1.2 Цел на истражувањето со акцент на очекуваните резултати

Знаеме дека секое истражување има своја цел, а во ова истражување ги наведовме нашите цели и истражувачки хипотези во врска со предметот на докторската дисертација. Исто така, спроведеното истражување ги опфаќа проблемите од областа во научна смисла како теоретска и практична можност.

Општата цел на овој труд е да се испитаат капацитетите за инвестирање на дијаспората во туризмот во Опоље и Гора.

Останатите истражувачки цели се следни:

- Да се испита желбата на дијаспората за инвестирање во туризмот во Опоље и Гора;
- Испитување на дијаспората за законските можности за инвестирање во Опоље и Гора;
- Да се испитаат инвестициските модалитети во туризмот во Опоље и Гора;
- Да се испитаат човековите ресурси за вклучување во туризмот во Опоље и Гора;
- Да се испитаат предиктивните фактори кои влијаат врз туризмот во Опоље и Гора;
- Укажување на потребата од поцелосно запознавање со туристичкиот и економскиот пазар во областа и можноста за пласирање на стоки и туристичката понуда на стоки на тој пазар;
- Утврдување на факторите кои го ограничуваат развојот на туризмот и другите економски дејности во ова подрачје.

Основната работна хипотеза во докторската дисертација е дека дијаспората покажува позитивен интерес за инвестирање во туризмот во Опоље и Гора, во смисла на искористување на постоечките природни туристички потенцијали, како и создавање на услови за развој на неколку облици на туризам кои овие региони ги нудат. Во трудот се укажува и на тоа дека долгорочниот и стабилниот развој на областа треба да се заснова на употреба на природни ресурси, како и на стручно оспособување на персоналот за вршење на економски активности. Се укажува и можноста за ангажирање на странски инвеститори со инвестирање во нови проекти.

## 1.3 Истражувачки хипотези

***Основната хипотеза*** е дека ***дијаспората покажува позитивен интерес за инвестирање во туризмот во Опоље и Гора,*** со оглед на тоа што регионите изобилуваат со значајни природни и антропогени туристички ресурси, а можностите за развој на туризмот во овие предели не се доволно искористени. Покрај општата хипотеза, наведени се и следните субхипотези:

- Дијаспората не ги познава законските можности за инвестирање во Косово;
- Дијаспората смета дека законските модели за инвестирање се лоши;

- Опоље и Гора имаат човекови ресурси кои можат да ги задоволат туристичките потреби;
- Патната инфраструктура има негативно влијание врз развојот на туризмот во Опоље и Гора;
- Туристичките потенцијали во опољско-горскиот дел на Шар Планина не се доволно искористени.

Сите овие хипотези се понатаму обработени во докторската дисертација. Потврдувањето или отфрлањето на основната хипотеза или останатите субхипотези ќе доведе до значајни резултати и заклучоци во врска дијаспората и нејзината инволвираност во развојот на туризмот во Опоље и Гора.

## 1.4 Методологија на истражувањето

Мултидимензионалноста на туризмот подразбира потреба од примена на различни методи во неговото истражување, како и во истражувањето на одделните сегменти на овој феномен. Основните методи на истражување произлегуваат од потребата истражувачкиот предмет да се испита теренски и кабинетски. Со оглед на тоа што главното прашање на овој труд се дијаспората и туризмот, неопходно е да се спроведат квантитативни и квалитативни методолошки истражувања. Во докторскиот труд се применети неколку методи. Најголема е примената на аналитичко – синтетичкиот метод, потоа дескриптивниот, компаративниот, каузално – експликативниот, картографскиот метод и методот на моделирање.

- ***Метод на анализа.*** Анализата е неопходна во сите сфери на туристичките активности. Примената на овој метод овозможува запознавање и разбирање на односите, причините и последиците кои постојат во развојот на туризмот во областите на Опоље и Гора. Со примената на овој метод можат да се осознаат сите релевантни содржини во развојот на туризмот на ова подрачје.
- ***Метод на синтеза.*** Примената на овој метод, кој се базира на податоците добиени од ова истражување, како и податоците од други истражувања од оваа област, ќе ни овозможи да извлечеме соодветни заклучоци за моменталната состојба, можностите и насоките на идно дејствување во развојот на туризмот во Опоље и Гора.

- ***Дескриптивен метод.*** Примената на овој метод ни овозможува детален опис на сите фактори кои се важни за инвестирањето на дијаспората во туризмот во Опоље и Гора.
- Во аналитичката обработка на истражувачкиот примерокот и населението користен е ***математичко – статистички метод.***
- ***Анкетен метод.*** Ова е еден од најчесто користените методи бидејќи овозможува подлабок пристап во проучувањето на појавите. Овој метод е користен во емпириското истражување, во врска со можноста за вложување на дијаспората во развојот на туризмот во Опоље и Гора. Основното средство за овој метод е анкетниот прашалник.
- ***Картографскиот метод*** е користен за картирање на определени елементи, појави и односи во врска со истражувачкиот проблем и во улога на користење карти како извор на информации.
- ***Каузално – експликативниот, дијалектичкиот и компаративниот метод*** се провлекуваат низ целиот труд.
- ***Метод на моделирање.*** Примената на овој метод во туризмот е особено значајна бидејќи овозможува јасен приказ на појавите и односите. Во ова истражување конкретно, примената на методот на моделирање подразбира употреба на графикони, цртежи и слично, за да може прецизно да се толкуваат одредени феномени и односи во туризмот, како и да се претставaт резултатите од истражувањето.
- ***Методите Pestel и SWOT анализа*** беа користени за да се проценат предностите, недостатоците и можностите на развојниот потенцијал.

На подрачјето на општина Драгаш (Опоље и Гора) не постои ***мониторинг систем*** за следење на степенот на загадување на основните елементи од екосистемот: воздух, вода и земјиште. Поради тоа, методот на земање примероци за обработка и утврдување на степенот на загадување на животната средина не беше користен. Во процесот на собирање на податоци, користевме секундарни извори како што се: книги, веб-страници, разни публикации, списанија и брошури.

## 1.5 Методолошки принципи на истражување

Заедно со методите на истражување, кои се тесно поврзани со истражувачкиот предметот и целите, беа применети методолошки принципи, чија улога во процесот на истражување овозможува откривање на законите карактеристични за туризмот како систем и влијанието на дијаспората врз развојот на туризмот во Опоље и Гора.

Во реализацијата на ова истражување, применети се следните методолошки принципи:

- ***Систематски принцип.*** Со оглед на тоа што туризмот е сложен систем кој се состои од голем број меѓусебно поврзани потсистеми, особено е важно да се примени системскиот принцип при истражувањето на дијаспората како фактор за развивање на туризмот во Опоље и Гора. Тоа е неопходно за да се овозможи прецизно препознавање на елементите, факторите, вредностите, содржините и слично.
- ***Компаративен принцип.*** Примената на овој принцип е многу важна со цел да се донесат соодветни заклучоци при проучувањето на одредени сегменти од областа на туризмот. Дел од тие сегменти се: да се разберат факторите од кои зависи развојот на туризмот, одредувањето на идните насоки на развој на туризмот, начинот на инвестирање во развој на повеќе форми на туризам во Опоље и Гора. При дефинирање на насоките за иден развој на туризмот во овој регион, од големо значење е да се споредат можностите за развој на туризмот со околните земји, како и да се искористи нивното искуство во развојот на туризмот.
- ***Генетско – еволуциски принцип.*** Почитувајќи го овој принцип, истражувањето мора да ги земе предвид сите важни околности во развојот на туризмот во подрачјето на Опоље и Гора, како и дејството на различни фактори кои влијаат на промените во развојот на туризмот на овие области.
- ***Принцип на причинско – последични врски.*** Туризмот е дејност која се состои од хетерогени елементи кои се меѓусебно поврзани, и се под влијание на многу фактори. Применувајќи го овој принцип, потребно е да се анализираат сите фактори кои влијаат на развојот на туризмот во Опоље и Гора, со цел да се разберат причините и последиците од нивното дејствување.

## 1.6 Очекувани резултати

Темата на докторската дисертација е исклучително актуелна и релевантна за проширување на истражувањата во врска со туризмот во Опоље и Гора. Со оглед на предметот, целите, користените методи, принципите кои треба да се почитуваат, како и поставените хипотези, од докторската дисертација се очекуваат следните резултати:

- Овој труд, покрај подобрувањето на научната мисла, ќе ги зголеми придобивките во економската индустрија каде се посветува поголемо внимание на развојот и унапредувањето на туристичката индустрија во овие региони, како и можноста на дијаспората да инвестира во туризмот како терцијарен економски сектор;
- Истакнување на карактеристиките на моменталниот развој на туризмот во Опоље и Гора, со посебно внимание на проблемите што постојат и изнаоѓање начини за нивно решавање, со цел да се овозможи подинамичен развој на туризмот во овие региони;
- Со вклучување на дијаспората во функција на развој на туризмот во овој дел на Косово, ќе постигнеме поефикасна анализа и валоризација на природните ресурси, како и на антропогените, инфраструктурните и инвестициските туристички ресурси во регионите на Опоље и Гора, и пошироко, кои претставуваат основа за развој на повеќе форми на туризам во оваа област;
- Анализа на предностите, недостатоците, можностите и опасностите во развојот на туризмот во Опоље и Гора;
- Дефинирање и предлагање соодветни мерки за искористување на предностите и можностите, како и отстранување на недостатоците и опасностите во развојот на туризмот во регионите Опоље и Гора;
- Нагласување на проблемите во областа на туристичката валоризација на просторот, можноста за создавање туристички производ, сложена туристичка понуда и можност за маркетинг на овие производи;
- Нагласување на важноста на дијаспората и нејзината улога во развојот на туризмот и целокупниот социоекономски и туристички развој на овие региони;
- Донесување соодветни заклучоци засновани на резултатите од истражувањето што треба да овозможат одвојување на приоритетни категории и соодветен пристап за развој на туризмот во овие региони;

- Изготвување на акционен план за дијаспората во функција на развој на туризмот во регионите Опоље и Гора преку трансфер на стручни знаења, деловно здружување или инвестирање во туризмот и земјоделството, а резултатите од тоа би биле создавање нови работни места во туризмот, земјоделството и сточарството и создавање на нова вредност, односно годишен приход од работењето во горенаведените економски области.
- Создавање туристички понуди во регионите Опоље и Гора (засновани врз добиените резултатите од истражувањето) што ќе ги исполнат барањата на туристите во согласност со принципите на одржлив развој;
- Да се предложат конкретни мерки и активности за развој и промоција на туристичката понуда на Ополе и Гора;
- Носење соодветни заклучоци согласно резултатите од истражувањето што можат да послужат како пример за другите региони кога станува збор за развој на туризмот;
- Зајакнување на улогата на сите релевантни и заинтересирани страни (локалните и централните власти, дијаспората, претприемачите) во развојот на туристичката индустрија во регионите на Опоље и Гора и во промовирањето на туристичките производи, со цел да се обезбедат инспиративни примери за другите општини во Косово.
- Да се донесат соодветни заклучоци засновани врз резултатите од истражувањето што треба да овозможат подобро позиционирање на регионите со автентични туристички производи на домашниот и меѓународниот туристички пазар.

Со овој труд, сакаме да укажеме на развојниот потенцијал на дијаспората во функција на развој на туризмот, како и во креирањето на политики и развој на конкретни иницијативи и форми на соработка меѓу локалните власти и иселениците, со цел да се обезбедат инспиративни примери за другите општини во Косово.

***Првиот облик на соработка*** е зајакнување на економските врски со цел вработување, остварување на приходи и зајакнување на претприемачкиот дух.

***Вториот облик*** на подобрување на соработката помеѓу локалните заедници и дијаспората е да се подигне квалитетот на услугите за иселениците, што вклучува подобар квалитет на информации и поефикасно обезбедување административни услуги.

Терминот дијаспора го користиме во најширока можна смисла, не давајќи временски, просторни или етнички ограничувања и ја потенцираме најважната компонента - врската што мигрантите ја имаат со Косово и желбата да ја одржат таа врска и да придонесат за нејзиниот напредок.

Реално е да се очекува дека дисертацијата со наслов „Дијаспора во функција на развој на туризмот во Опоље и Гора“ ќе добие одредена вредност во теоријата и практиката на туризмот, особено при дизајнирањето на стратегија за долгорочен развој на туризмот и решавањето на голем број тековни проблеми со кои се ограничува одржливиот развој на Опоље и Гора. Докторската теза може да послужи и како референтна литература, како база на податоци и добра основа за изработка на план за економски развој на подрачјето, како и за подготовка на дипломски, магистерски и други трудови. Научната основа на темата се заснова на обемот и длабочината на истражувачкиот предмет, употребата на научно проверени методи на работа, посочувајќи ја потребата да се решат проблемите на научна основа и сл.

## 1.7 Основни теоретски и оперативни претпоставки

Изборот на темата и потребата да се спроведе вакво истражување се должи на фактот што проблемот е недоволно истражуван во социо-економската и туристичката теорија и практика, на ниво на Косово, но и во рамките на поединечните региони, општини и делови на Косово. Пред спроведувањето на истражувањето, во почетниот процесот на креирање на овој труд, беа поставени неколку прашања во врска со нивната успешна примена. Основната претпоставка што се однесува на самиот процес на истражување, произлегува од неговата теоретска и практична примена. Исто така, постоеше извесна дилема дали изборот на темата да биде како што е сегашниот, поради реалниот недостаток на домашна научна и професионална литература во врска со дијаспората. Ова доведе до претпоставка дека наоѓањето доволна литература ќе биде проблематична задача. Сепак, на крајот се потврди дека меѓународната научна заедница веќе има разработено и анализирано одредени аспекти од дијаспората и управувањето со социо-економските и туристичките активности. На светско ниво, направени се бројни проекти за економскиот развој на државите во кои дијаспората е основен фактор на развој. Основната претпоставка е дека ваквото светско

знаење и искуство ќе најдат примена и кај нас, како во теоретска, така и во практична смисла.

Туризмот е комплексна и на многу начини специфична дејност во однос на другите делови на економијата. Оваа специфичност се рефлектира, пред сѐ, во изразената хетерогеност на неговата структура, (туристичкиот пазар се состои од: хотели, мотели, ресторани, туристички агенции, превозни средства, продавници за сувенири и сл.), во флексибилноста на побарувачката и нефлексибилноста на понудата, потоа во сезонската природа на бизнисот, учество на поголем број економски и нееекономски дејности во задоволување на потребите на туристите, неможноста за складирање на услугите кои се обезбедуваат за туристите, како и фактот дека туризмот е непроизводна дејност и како таков не учествува во создавање општествен производ, но влијае врз платниот биланс (заради приливот на девизи)[1].

Делот од Шар Планина што припаѓа на областа Гора, Опоље и Средачката парохија, односно територијата на Србија и Југославија, се карактеризира со ниско ниво на развој на целокупната економија, па и на туристичката дејност во неа[2].

Шар планина претставува интересен туристички регион во областа и пошироко, но тоа не може да се каже и за делот од страната на Опоље и Гора. Причината за тоа не е дека овој дел поседува помалку природните убавини, туку дека никогаш не била направена соодветна промоција. Покрај тоа, и малата туристичка промоција што била направена, не била поштедена од тенденциозни пристапи како и во другите сегменти.

Постојат најмалку две причини за спроведување на ова истражување:

1. Многу малку или никакво научно истражување за туризмот како економски фактор во оваа област.
2. Преку научен пристап да се спротивставиме на тенденциозните пристапи што се присутни во последните години.

---

[1] Unković S., Zečević B., Ekonomika turizma, centar za izdavačku delatnost Ekonomskog fakulteta, Beograd, 2004., str. 31.

[2] Marić R., Institut ekonomskih nauka, Beograd, Šarplaninske župe Gora, Opolje i Sredska, SANU, Geografski institut „Jovan Cvijić“, Knjiga 40/III, Beograd, 1997. str. 327.

Јужниот регион на Косово е многу привлечно подрачје за посетителите затоа што има ризница со богати туристички атракции кои се рефлектираат во гостопримливото население, славната историја и разновидната природа. Комбинацијата на сите овие вредности им овозможува на туристите уникатно искуство, што најдобро се чувствува преку топлината на луѓето, присуството на бројни споменици на културно и историско наследство, како и природни одлики кои овозможуваат релаксација во чиста околина[3].

Националниот парк Шар Планини го сочинуваат низа на врвови што се протегаат низ јужно Косово и северозападна Македонија. „Шар“ на албански значи „пила“ или нешто налик пила, што е поврзано со визуелниот изглед на планина што се искачува нагоре и надолу помеѓу две држави. Највисокиот врв е Титов Врв (2.747 м), Мал Турчин (2.702 м), Бориславец (2.662 м), Рудока (2.610 м). Целата територија на Општина Драгаш е на дофат на Шар Планина и е вклучена во постојниот предлог на националниот парк[4].

Регионот на Опоље и Гора се карактеризира со лепезест распоред на скијачки терени и можности за уредување на скијачки патеки за алпски и нордиски дисциплини[5].

Најјужната општина на Косово, општина Драгаш, претставува оаза на недопрена природна убавина и традиционални села која е сместена помеѓу две граници, Република Македонија и Албанија[6].

Во регионите Опоље и Гора преовладуваат млади и работоспособни генерации. Согласно тоа, може да се заклучи дека овие два региони имаат доволно човечки ресурси за развој на туризмот и другите гранки на економскиот развој во однос на структурата на населението. (Попис 1961, 1981, 1991 и 2011 година)[7].

Се очекува резултатите и препораките од истражувањето и активностите на овој труд да имаат практична димензија, со напредок на научната мисла. Ова ја потврдува научната верификација на самиот труд.

---

[3] Monografija južnog regiona Kosova, 2012. str. 7.

[4] Neiman M. (2010), Vodič za neotkrivenu lepotu: UNDP Kosovo- Dragaš. str. 27.

[5] Ćukić D. Prirodni i antropogeni turistički motivi i mogućnosti razvoja turizma u Gori, Opolju i Sredskoj, Geografski institute "Jovan cvijić" SANU, Beograd, 1993. str. 328.

[6] Monografija južnog regiona Kosova, 2012. str. 51.

[7] Sopstvena obrada, novembar, 2019. Dragaš.

# 2 ТУРИЗМОТ КАКО СИСТЕМ

Современиот туризам е цивилизациски и социо-економски феномен со повеќекратно значење и влијание, па поради тоа со него со децении се занимаваат многу истражувачи. Бидејќи ги допира и проникнува до сите области на човечкото општество и животот на поединецот, нормално е дека многу дисциплини го сместиле во центарот на нивниот научен интерес. Бидејќи туризмот првенствено има економски ефекти врз локалната заедница (дестинацискиот регион или државата) што ја посетуваат туристите, најпрво внимание му посветиле економските науки. Во текот на 1960-тите години, постоел т.н. натпревар во забрзан развој на туризмот помеѓу одделни држави, токму поради тоа што на туризмот му се припишувало позитивно дејство врз националните економии. Со текот на времето, сепак, од туризмот биле забележани и голем број други, не секогаш позитивни, последици за просторот, индивидуата или заедницата (трансформација на просторот, еколошки промени, промени во социјалната психологија и култура), така што другите научни дисциплини сè поинтензивно се вклучувале во неговото проучување. Феноменот што толку сеопфатно влијае врз современиот живот, иницирал жива академска дебата за неговите причини, форми на манифестирање, функционирање и дејствување. Пред повеќе од дваесет години, Mclntosh и Goeldner развиле дури 9 основни пристапи во проучувањето на туризмот.

Во меѓувреме, толку многу стручни и научни трудови се објавени за туризмот, што се добива впечаток дека секој аспект од него е научно објаснет и документиран[8]. Сепак, и покрај тоа, одредени теоретски и често фундаментални прашања сè уште не се решени на начин што ќе добие општа поддршка. Така, на пример, ниту една од понудените дефиниции за туризмот не е фундаментално прифатена. Очигледно е дека постои поврзаност помеѓу туризмот, патувањето, реакцијата и слободното време. Туризмот подразбира патување, но не секое патување е туристичко; туризмот опфаќа реакција, но секоја од нејзините форми има карактеристики на туризам; ако поединците немаат слободно време, не можат да станат туристи, но дури и кога имаат, тие можат да го поминат во нетуристички цели.

Иако постојат обиди туризмот да се објасни како посебна економска дејност (туристичка економија или индустрија), таквиот став е тешко да се брани теоретски. Самата идеја, сепак,

---

[8] Mclntosh, W.R; Goeldner, R.C. (1986) Tourism-Principles, Philosophies, John Wiley&Sons, New York, str. 10-13.

е политички привлечна затоа што економските ефекти од туризмот проникнуваат во разни економски и неекономски дејности, и допираат до многу организации и поединци: со оглед на тоа што „туристичкиот долар“ доспева во многу џебови, неговиот мултипликаторски ефект служи како убедлив аргумент во потрагата по политичка поддршка за развој на туризмот, туристичката понуда и неговиот маркетинг[9]. Фактот што туризмот допира до многу различни сектори од животот и работата на луѓето, неговото целокупно влијание и ефект не може прецизно да се мери и проценува. Унковиќ и Зешевиќ се во право кога тврдат дека „туризмот е посебна економска дејност“ затоа што она што го нарекуваме туристичка дејност во секојдневниот живот се состои од разни економски дејности што ги задоволуваат потребите на домашните и странските туристи, истовремено задоволувајќи ги и потребите на домашните потрошувачи и економијата на конкурентните туристички региони и места. Бидејќи е невозможно да се утврди кога некоја дејност „функционира“ само за потребите на туризмот, односно невозможно е да се утврди границата помеѓу туристичкото и нетуристичкото функционирање на економијата во целина, логично е дека „не постојат ниту можности за стриктно квалитативно и квантитативно детерминирање на туристичката економија како засебна и независна целина“[10].

Многу е индикативен ставот на *McKercher* во врска со „фундаменталните вистини за туризмот“[11] кои треба да овозможат увид во причините и природата на повеќето влијанија врз туризмот[12]:

- Како индивидуална активност, туризмот троши ресурси, создава отпад и има посебни потреби во однос на инфраструктурата;
- Туризмот, како дејност зависна од ресурси, мора да биде конкурентен со ретки ресурси за да го обезбеди својот опстанок;
- Туризмот е дејност во која доминира приватниот сектор и во која инвестициските одлуки се засноваат пред сѐ на максимизирање на профитот;

---

[9] Mill,C.R.; Morrison, M.A. (1985) *The Tourism System – An introductory text* – Prentice – Hall, Inc., New York, str. 17.
[10] Unković S., Zečević B., Ekonomika turizma, centar za izdavačku djelatnost Ekonomskog fakulteta, Beograd, 2004., str. 31.
[11] McKercher, B., *Somefundamental truths about tourism: understanding tourism's social and enviromental impacts,* Journal of Sustainable Tourism, No.1, 1993. str. 6-16.
[12] Popesku, J., *Menadžment turističke destinacije,* Univerzitet Singidunum, Beograd, 2016. str. 7.

- Туризмот е повеќеслојна дејност и како таква е тешко да се контролира;
- Туристите се потрошувачи, а не антрополози;
- Туризмот е забава;
- За разлика од останатите индустриски дејности, со туризмот најмногу се создаваат приходи со увезување на клиенти, отколку со извоз на сопствени производи.

Од домашните автори, Popesku го потенцира функционалниот аспект на туристичкиот систем и издвојува три основни елементи: потрошувачи (туристи), производители или даватели на услуги (разни дејности вклучени во снабдувањето на туристи) и посредници или медијатори, каде спаѓаат веледрогериите и трговците на мало или превозници во разни видови сообраќај. Popesku потенцира дека секој од овие елементи „може да се гледа како елемент од делот на економскиот систем на кој припаѓа врз основа на критериумите за класификација на дејностите или врз основа на видот на потрошувачката, т.е. потрошувачите“[13]. Popesku истакнува и дека туризмот е дејност која изобилува со разни облици на посредување. Според Laiper пак, „сеопфатниот туристички систем“ го сочинуваат 5 елементи: туристи, емитирачки регион, дестинациски регион и транзитни рути преку кои патуваат туристите од едно во друго подрачје (три географски елементи); и туристичка економија која претставува организационен елемент[14]. Туризмот спаѓа во групата на општествени системи кои претставуваат специфична комбинација на природни, технолошки, социолошки и економски елементи и/или потсистеми[15]. Покрај тоа, во современи услови туризмот тешко би функционирал доколку не постојат медијатори кои со својата улога се вклучени во сите негови сектори и сите фази на туристичко движење.

## 2.1 Туристичкиот пазар на Косово

Несомнено е дека Косово има значаен туристички потенцијал, што е недоволно искористен. Кога ќе се каже тоа, пред сѐ се мисли на извонредната клима, потоа на геостратешката позиција - врските помеѓу исток и запад, богатството на реки, термални извори и бањи,

---

[13] Rabotić, B., *Turističko vođenje u savremenom turizmu,* doktorska dizertacija, Univerzitet Singidunum, 2009. str. 19.
[14] Laiper, N., *Tourism Menagment*, 3 rd edition, pearson Education Australia, 2004. str. 52.
[15] Popesku, J., *Menadžment turističke destinacije,* Univerzitet Singidunum, Beograd, 2016. str. 24.

планини, шуми, недопрена природа, бројни културно-историски споменици, џамии, турбиња, манастири, цркви, турски бањи, мостови, мелници, итн. Можеме да заклучиме дека постојат потенцијали пред сè за зимски, планински и рурален или еко туризам, потоа за ловечки и риболовен туризам, религиозен, гастрономски, конгресен и културен туризам.

Иако со мала површина, нешто помалку од 11 илјади квадратни километри, Косово е место што може да стане туристичка дестинација и во лето и во зима.

Косово е поделено на пет туристички региони[16]:

- централен туристички регион Приштина,
- туристички регион на албанските Алпи, односно Проклетие,
- туристички регион Шар Планина,
- туристички регион Поморавје,
- туристички регион Митровица и Бајгоршка шалја.

Посебно се издвојуваат Шар Планина и регионот на Проклетие. Меѓу главните природни атракции се мермерната пештера во Гадиме, изворот на Бел Дрим, водопадот Мируша, Руговската клисура и природните и вештачките езера и извори со термо-минерални води. Сепак, и покрај овие туристички ресурси, потенцијалите не се доволно промовирани затоа што косовските институции не се покажаа како доволно организирани за развој на оваа област, на која особено недостасува инфраструктура, сметаат експертите за туризам[17]. Во принцип, Косово и повеќето градови во Косово немаат стабилен материјал за промоција на туризмот. Недостатокот на стратегија за развој на туризмот ја забавува институционалната координација и влијае врз промовирањето на туристички иницијативи, додека многу градови немаат дури ни пропишани локации со туристички информации.

---

[16] Ministarstva trgovine i industrije-Divizija za turizam – Kosova, 2019.
[17] www.slobodnaevropa.org – Turizam na Kosovu: Potencijali veliki promocija slaba, 2013. godine.

Карта бр. 1 Туристички региони на Косово




*Извор: Министерство за трговија и индустрија – Оддел за туризам – Косово, 2019.*

Очигледно е дека овие предизвици не се сложени по природа. Давањето приоритет на туризмот како дел од стратегијата за развој на Косово и јавната политика, неизбежно ќе има позитивно влијание врз надминување на многу од предизвиците утврдени во овој извештај. Владата на Косово треба да го смета туризмот како реален потенцијал за развој и да ги покани сите релевантни засегнати страни (локалните власти, компаниите, граѓанското општество, туристичките оператори и сл.) на дијалог за инклузивна политика што може да доведе до стратешки пристап кон развивање на туризмот[18].

Туризмот базиран на природни ресурси може да понуди големи можности за развој на туризмот во земјата воопшто, со оглед на тоа што е еден од поважните сектори кои влијаат

---

[18] Ministarstvo za Trgovinu i Industriju, Profil turističkog sektora, mart 2014. god. str.33.

врз економскиот развој на Косово, после трговијата, градежништвото и земјоделството. Туризмот честопати се смета за успешна алтернатива на горенаведените економски дејности. Еко-туризмот претставува пример за тоа како приходот на приватните сопственици значително зависи од здравјето на околните екосистеми. Често не се придава важност на зачувувањето на биолошката разновидност, но има и примери кога зачувувањето на биолошката разновидност е поврзано со зголемување на заработката од туристичките активности. Туризмот во Косово е еден од најбрзо растечките сектори на економијата во тековната деценија. Во структурните анализи и долгорочните проекции, туризмот се оценува како динамична област со важност за развој и подобрување на заштитените природни области, особено националните паркови и вредностите на културниот развој. Економскиот развој е една од најважните одговорности на Владата на Косово. Во напорите за спроведување на дел од програмата на Владата, се сметаше за неопходно да се развие оваа стратегија што ја отсликува моменталната состојба на биодиверзитетот[19]. Формите на одржливиот туризам и еко-туризмот претставуваат идеална рамка за развој на туризмот како целина. Препознавањето на постојните и развојот на нови концепти за различни видови туризам и туристички производи, одиграа важна улога во развојот на туризмот[20]. Еко-туризмот ги вклучува сите видови туризам и се заснова врз одржливоста на туризмот како човечка активност која нуди можности за реализација на годишен приход со минимално влијание врз животната средина. Иако нашата земја има потенцијал да развива еко-туризам, сѐ уште е сѐ во зачеток. Поради тоа, се појавија различни видови на туризам. „Не постои единствен поглед за тоа од каков вид или форма е туризмот, затоа што на страната на побарувачката во туризмот честопати има голем број на испреплетени мотиви“[21].

[19] http://www.mmph-rks.org/sr/Odeljenje za zaštitu životne sredine: Strategija i akcioni plan za Biodiverzitet 2011-2020. godine. str. 30.
[20] Maksin, M. (2012). *Turizam i prostor,* Univerzitet Singidunum, Odeljenje za turizam i hotelijerstvo, Beograd, ISBN 978-86-7912-401-2.
[21] Dašić, N. & Jovich, D. (2011). Selektivni oblici turizma u Crnoj Gori. Glasnik Srpskog geografskog društva, sveska XCI - Br. 1, str. 135-146, UDC 911.3: 380.8 (497.16), DOI: 10.2298 / GSGD1101135D

Туризмот може да се развива и со зголемување на бројот на посетители во заштитените природни области и природните споменици. Но, нашата земја нема развиени капацитети и туристичка и едукативна понуда за посетители (летоци, мапи, туристички водичи и сл.).

Врз основа на досегашните истражувања правени на Косово, утврдено е дека постојат многу поволни услови за изградба на туристички центри за зимско спортски туризам. Туристичките региони Проклетие и Шар Планина се два региони во кои постојат можности за развој на овој вид туризам. Можностите за изградба на центри за зимско спортски туризам во овие два региони се разгледани подолу. Вкупниот капацитет на туристичкиот регион Проклети е 129.000 посетители, додека на регионот на Шар Планина, 113.00 посетители годишно, земајќи предвид дека овие два региони се центри со најбогата флора и фауна на Косово[22]. Супраструктурните потенцијали на Косово и нивната категоризација се утврдени врз основа на податоците од Министерството за трговија и индустрија, оддел за туризам и угостителство.

Табела бр. 1. *Список на категоризирани угостителски објекти на Косово за 2014 година*

| Регистер и категоризација на угостителски објекти | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Реден бр. | **Име на угостителскиот објект** | **Класификација на објектот** | **Општина** | **Категорија на објектот** |
| 1 | **N.H. “Amazona”** | Хотел | Обилиќ | *** |
| 2 | **“Swiss Diamond Hotel”** | Хотел | Приштина | ***** |
| 3 | **Hotel “Ok”** | Хотел | Призрен | *** |
| 4 | **“Emerland Hotel”** | Хотел | Грачаница | ***** |
| 5 | **Hotel “Qarshia e Jupave”** | Хотел | Ѓаковица | *** |
| 6 | **Hotel “Afa”** | Хотел | Приштина | *** |
| 7 | **Motel “Quenn Vilas”** | Мотел | Грачаница | * |
| 8 | **Hotel”Graçanica”** | Хотел | Грачаница | ** |
| 9 | **Hotel” Gorenje”** | Хотел | Приштина | *** |
| 10 | **Hotel”Centrum”** | Хотел | Призрен | ** |
| 11 | **“Amsterdam Hotel”** | Хотел | Ѓаковица | * |
| 12 | **“Hotel Dukagjini”** | Хотел | Пеќ | ***** |

[22] Strategija i akcioni plan za Biodiverzitet 2011-2020. godine, Departman za zaštitu životne sredine, Priština.  str. 31.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13 | **“Meka”** | Хотел | Драгаш | ** |
| 14 | **Hotel”Kristal”** | Хотел | Гнилане | ** |
| 15 | **Naturel Hotel** | Хотел | Приштина | **** |
| 16 | **“Hotel Vita”Al Petrol** | Хотел | Косовско Поле | *** |
| 17 | **“Hotel Prishtina”** | Хотел | Приштина | *** |

*Извор: Министерство за трговија и индустрија, оддел за туризам и угостителство – Косово, 2014 год.*

Врз основа на сегашната состојба, може да се констатира дека Косово не е во можност да го користи својот туристички потенцијал од различни причини (недостаток на стратегија за развој на туризмот, туристички објекти изградени без да се почитуваат процедурите за животна средина, застарени објекти, затвореност на пазарот, недостаток на реструктурирање, приватизација и инвестиции, недостаток на координација меѓу клучните засегнати страни во туризмот, недостаток на квалитетен персонал во областа на туризмот, неразвиена патна инфраструктура, но и суперструктура на туризмот, итн.)[23] Покрај тоа, економската криза, како и многу други неекономски фактори, за кои веќе се дискутираше во овој труд, не ја заобиколија нашата земја, што дополнително ги намали шансите за развој на туризмот во Косово.

Со цел да се добие поцелосна слика за туризмот во Косово, ќе ги анализираме статистичките податоци кои се достапни во различни публикации на Агенцијата за статистика на Косово, како и анкетите од Програмата на Обединетите нации од 2013 година, а пред се ќе го анализираме број на пристигнувања на домашни и странски туристи и нивните ноќевања во периодот од 2010 до 2018 година.

Според податоците од табелата бр. 2, може да се забележи дека бројот на домашни туристи низ текот на годините варирал, така што најголем број на домашни туристи се регистрирани во 2018 година, а најмалку во 2011 година. Од друга страна, бројот на странски туристи кои го посетуваат Косово постојано се зголемува, така што од скоро 34.000 туристи во 2010 година, тој број достигнал околу 220.000 во 2018 година. Ако го погледнеме вкупниот број на туристи, ќе забележиме дека за периодот 2010 - 2018 година постојат осцилации во овој аспект, така што во 2011 година бројот се намалил во однос на 2010 година, а веќе во 2012

[23] Ibid., стр. 32.

година бележи пораст од 36,4 % во однос на 2011 година. Во 2013 година постои намалување на вкупниот број туристи во однос на 2012 година, односно овој број е намален за 3,3%, а веќе во 2014 година бележи пораст на вкупниот број туристи во однос на 2013 година за 12,9%.

Табела бр. 2: Број на туристи на Косово за периодот 2010-2018 година

| Година | Број на туристи | | |
|---|---|---|---|
| | Домашни | Странски | Вкупно |
| **2010** | 44. 753 | 34. 382 | 79. 135 |
| **2011** | 42. 044 | 30. 349 | 72. 393 |
| **2012** | 49. 973 | 48. 790 | 98. 763 |
| **2013** | 45. 380 | 50. 074 | 95. 454 |
| **2014** | 46. 477 | 61. 313 | 107. 790 |
| **2015** | 60. 200 | 79. 238 | 139. 438 |
| **2016** | 46. 579 | 83. 710 | 130. 289 |
| **2017** | 34. 569 | 86. 032 | 120. 601 |
| **2018** | 106. 978 | 219. 486 | 326. 464 |
| **ВКУПНО** | 476. 953,00 | 693. 374,00 | 1.170. 327,00 |

*Извор: Агенција за статистика на Косово, 2019 год.*

Графикон бр. 1: Број на туристи на Косово од 2010 до 2018 год.



Во 2015 година, бројот на туристи (од 139.438 туристи) се зголемил за 29,4% во однос на 2014 година. Во 2016 година, бројот на туристи повторно се намалува за 6,6% во однос на 2015 година, додека трендот на опаѓање продолжува и во 2017 година кога земјата ја посетиле 120.601 туристи, што е за 10 илјади помалку отколку во 2016 година. Во 2018 година бројот драматично се зголемува за 170,7% во однос на 2017 година, кога над 326 илјади туристи го посетиле Косово. Гледајќи го целиот анализиран период од 2010-2018 година, може да се забележи дека во 2018 година вкупниот број туристи во Косово се зголемил за 412,54% во однос на 2010 година. Ова зголемување во однос на домашните туристи изнесува 239,04%, додека пак за странските туристи од 2018 година драматично се зголемува за 638, 37% во однос на 2010 година.

Според податоците на Алтернативната туристичка асоцијација на Косово, во првите шест месеци од 2013 година имало зголемување на бројот на странски туристи од 20% во однос на истиот период во 2012 година. Туризмот учествува со релативно мал процент од БДП на Косово. Секторот на хотели и ресторани сочинувал 2,45% од БДП во 2016 година, исто како и во 2015 година[24].

Покрај тоа што се наоѓа во услови на значителни промени, Косово, исто така, е во фаза на развој, каде што туризмот се смета за основна алатка која стои на располагање. Министерството за трговија и индустрија постави цел според која до 2020 година туристичкиот сектор треба да сочинува помеѓу 10% и 12% од бруто домашниот производ на Косово. Иако оваа амбициозна цел е охрабрувачка, таа исто така отвора голем број прашања, вклучително и дали Косово ги има потребните ресурси, инфраструктура и капацитет за исполнување на таа цел, а да не зборуваме за долгорочна визија и стабилна и одржлива стратегија[25].

[24] Косовска агенција за статистика, 2017.  год.

[25] Советот на Европа: „Дилема: користење на културното наследство за туризам или користење на туризмот за заштита и одржување на културното наследство?" Документ на англиски јазик :https://www.coe.int/t/dg4/cultureheritage/.../PejaHeritage Article.pdf.

Број на ноќевања во Косово на странски и домашни туристи во периодот 2010-2018 година покажува некои нагорни и надолни трендови, така што во 2010 година во Косово имало 121.517 ноќевања, додека во 2011 година има намалување од повеќе од 10,000 ноќевања во претходната година. Во 2012 година, бројот на ноќевања бил за 29,6% поголем во однос на 2011 година, додека во 2013 година повторно се намалил за 3% во однос на 2012 година.

Во 2014 година, повторно се зголемил бројот на ноќевања, затоа што вкупно има повеќе од 18 илјади ноќевања во однос на 2013 година. Во 2015 година, забележано е зголемување на бројот на ноќевања за 28,4% во однос на 2014 година (Табела 3).

Табела бр. 3: Ноќевања на Косово за периодот 2010 – 2018 година

| Година | Остварени ноќевања | | |
|---|---|---|---|
| | Домашни туристи | Странски туристи | Вкупно |
| **2010** | 45. 123 | 76. 394 | 121. 517 |
| **2011** | 44. 757 | 65. 584 | 110. 341 |
| **2012** | 52. 008 | 90. 968 | 142. 976 |
| **2013** | 54. 867 | 83. 883 | 138. 750 |
| **2014** | 55. 274 | 102. 066 | 157. 340 |
| **2015** | 81. 372 | 120. 669 | 202. 041 |
| **2016** | 62. 211 | 131. 785 | 193. 996 |
| **2017** | 48. 111 | 144. 736 | 192. 847 |
| **2018** | 154. 711 | 364. 607 | 519. 318 |
| **Вкупно** | 600. 434 | 117. 9792 | 1.759. 026 |

*Извор: Агенција за статистика на Косово, 2019 год.*

Врз основа на табелата бр. 3, можеме да се забележи дека во 2016 и 2017 година има намалување на бројот на ноќевања (близу190 илјади ноќевања), а веќе во 2018 година има огромно зголемување на бројот на ноќевања, затоа што од 190 илјади во 2017 година овој број достигнал околу 520.000 ноќевања во 2018 година. Вкупниот број туристички ноќи се зголемил за 427,36% за време на целиот анализиран период од 2010-2018 година. Кога станува збор за ноќевања на домашни туристи, може да се забележи дека во 2018 година, бројот на ноќевања на домашни туристи е зголемен за 342,86% во однос на 2010 година, а тој пораст на странските туристи е дури 477,27%.

Во 2010 година најголем број посетители на Косово доаѓаат од Албанија (над 4.000 туристи), а потоа следат Германија и Турција. Ист е случајот во 2011 година[26]. Во 2012 година, Косово најмногу го посетиле туристи од Албанија (1436), потоа Турција (853) и Германија (716)[27]. Во 2013 година повторно на врвот на листата бил бројот на туристи од Албанија (7778 туристи), додека на второто место биле туристи од САД (5302 туристи), а на третото место се туристите од Турција (4949 туристи).

Табела бр. 4: Број на туристи на Косово по земја на потекло за период 2010 – 2017 год.

| Држава | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. на туристи | Бр. на туристи | Бр. на туристи | Бр. на туристи | Бр. на туристи | Бр. на туристи | Бр. на туристи | Бр. на туристи |
| **Австрија** | 451 | 500 | 233 | 566 | 1727 | 3365 | 3799 | 3006 |
| **Белгија** | 85 | 43 | 108 | 56 | 408 | 1096 | 1368 | 1554 |
| **БиХ** | 269 | 212 | 136 | 429 | 289 | 1097 | 1384 | 1337 |
| **В. Британија** | 1296 | 1251 | 289 | 1916 | 2044 | 2377 | 2784 | 2674 |
| **Франција** | 423 | 301 | 151 | 989 | 1085 | 1711 | 1909 | 2170 |
| **Германија** | 2941 | 2750 | 716 | 4259 | 5003 | 6194 | 7236 | 8594 |
| **Грција** | 114 | 37 | 13 | 243 | 238 | 622 | 672 | 791 |
| **Холандија** | 993 | 278 | 99 | 78 | 179 | 856 | 1260 | 1383 |
| **Италија** | 1512 | 1938 | 175 | 3704 | 2061 | 2409 | 2542 | 2660 |
| **Хрватска** | 950 | 871 | 298 | 1771 | 1757 | 3883 | 2774 | 2331 |
| **Црна Гора** | 270 | 181 | 51 | 372 | 368 | 1631 | 1576 | 1571 |
| **Македонија** | 935 | 713 | 305 | 1034 | 1179 | 3124 | 3174 | 3363 |
| **Полска** | 102 | 110 | 13 | 51 | 46 | 230 | 345 | 363 |
| **Србија** | 558 | 515 | 195 | 725 | 1303 | 2609 | 3113 | 3271 |
| **САД** | 1867 | 1628 | 624 | 5302 | 5283 | 6065 | 6165 | 5576 |
| **Албанија** | 4152 | 4050 | 1436 | 7778 | 9262 | 17206 | 15082 | 15147 |
| **Словенија** | 1166 | 1707 | 461 | 1467 | 1881 | 3111 | 3212 | 3642 |
| **Шпанија** | 14 | 28 | 6 | 39 | 24 | 266 | 185 | 197 |
| **Турција** | 2184 | 2028 | 853 | 4949 | 3841 | 5380 | 6540 | 7195 |

[26] Agencija za statistiku Kosova, Broj turista po zemljama porekla, 2007-2017 god.
[27] Kući B., Perspektiva razvoja turizma na Kosovu u okviru evropskog turističkog tržišta, doktorska disertacija, Fakultet za turizam i ugostiteljstvo - Ohrid, 2017, str.167-168.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Швајцарија** | 471 | 1061 | 256 | 2591 | 3336 | 5202 | 5574 | 6482 |
| **Др. држави** | 13629 | 10147 | 6265 | 11755 | 19999 | 10804 | 13016 | 12725 |
| **ВКУПНО:** | **34382** | **30349** | **48790** | **50074** | **61313** | **79238** | **83710** | **86032** |

*Извор: Агенција за статистика на Косово, 2019 год.*

Во 2016 година најголем број туристи имало од Албанија (15.082 туристи), а потоа следат туристи од Германија (7.236) и од Турција (6.540 туристи).

Во 2017 година најголем број на туристи биле од Албанија, потоа од Германија, а на трето место туристите од САД. Анализирајќи ги овие податоци, може да се забележи дека покрај албанските туристи кои имаат најголема посетеност во текот на целиот анализиран период 2010-2017 година, редовни туристи се и туристите од Германија (второ место), Турција (трето место), САД (четврто место), Швајцарија (петто) и Италија (шесто). Тоа се должи на фактот што голем број луѓе од Косово привремено живеат и работат во тие земји, така што кога доаѓаат на Косово се регистрираат како странски државјани, како туристи со пасоши од државите каде живеат и работат. Најмала е посетеноста од туристите од државите: Шпанија, Полска, Грција и Белгија.

## 2.2 Јужниот регион на Косово

Јужниот регион на Косово е многу привлечно подрачје за посетителите затоа што има ризница со богати туристички атракции кои се рефлектираат во гостопримливото население, славната историја и разновидната природа. Комбинацијата на сите овие вредности им овозможува на туристите уникатно искуство кое најдобро се чувствува преку топлината на луѓето, присуството на бројни споменици на културното и историското наследство како и природните одлики кои овозможуваат релаксација во чиста околина.

Јужниот регион на Косово се состои од шест општини: Призрен, Сува Река, Драгаш, Ораховец, Малишево и Мамуша. Тие се дом на припадници на различни етнички групи: Албанци, Срби, Бошњаци, Турци, Роми, Ашкали и Египќани. Сите тие го исполнуваат јазичниот и културниот мозаик на оваа област. Јужниот регион на Косово граничи со Албанија и Македонија и се протега во област каде што низ целата историја се сретнувале две култури и три големи религии, оставајќи големи траги.

Регионот е богат со археолошки локалитети кои содржат слоеви од сите периоди на човештвото. Трагите од минатото се сочувани во различни форми, од археологија, историски и религиозни споменици, до носии, навики, обичаи и храна. Доказ дека оваа област е населена уште од најраните времиња е магмата откриена во близина на селото Вљашње, локација близу до која минувал патот Лисус-Најсум (Леже-Ниш), во средниот век познат како „Via de Zenta“. Од праисторијата, регионот бил населен од Илиро-Дарданците, подоцна паѓајќи под римска власт, па сè до инвазијата на Словените, кога паднал под влијание на Византиската, а подоцна и на Османлиската Империја. Стратешката важност на регионот и минувањето на трговските патишта, довела до отворање на конзулати на Австро-Унгарија, Русија, Велика Британија и Турција, односно во Призрен. Врз основа на тоа, јужниот регион е од големо значење со зачувани вредности и наследство, претставено преку замоци, цркви, џамии, амами, мостови, мелници и други важни градби. Исто така, топографијата на регионот се карактеризира со високи планини, ридови, долини, реки и рамнини. Се протега на надморска височина од 300 до 2500 метри на Шар Планина.

Во овој дел на Косово, иако преовладува средно континенталната клима, медитеранската клима има значително влијание, кое се пренесува преку долината на Бел Дрим, река која тече низ неколку општини во јужниот регион. Во текот на годината се менуваат четири годишни времиња. Тука можете да скијате, но исто така и да пливате. Плодното земјиште и лозовите насади овозможуваат одгледување овошје и зеленчук, како и преработка на грозје, додека присуството на многу националности, кои практикуваат одредени религии и зборуваат различни локални јазици, е едно од најголемите богатства на овој регион[28]. Нашата анализа ја продолжуваме чекор понатаму. Прво се запознавме со туризмот како систем, потоа со состојбата на туристичкиот пазар на Косово и на крајот на овој прв дел, презентиравме краток преглед на јужниот регион на Косово. На овој начин можат да се согледаат позициите на туристичкиот пазар на регионите Опоље и Гора, кои ја сочинуваат општина Драгаш. Таа анализа опфаќа еден вид ситуациона анализа на туризмот во овие региони, врз основа на која ќе можеме да изведеме заклучоци за тоа како да се инвестира

[28] Monografija južnog  regiona Kosova, Prizren, 2012. godine. str. 9.

во развојот на туризмот во Опоље и Гора, но и да се утврдат предностите кои е потребно да се развиваат и недостатоците кои треба да се отстрануваат.

# 3 Просторни ресурси на Опоље и Гора

Ресурсите можат да се дефинираат како природни или антропогени добра кои можат да бидат економски валоризирани. Тие се составен дел од целокупниот економски развој на регионот или на земјата како целина, а богатството на ресурсите значи компаративна предност во социо-економскиот развој. Сепак, многу области и земји, дури и оние со ограничени ресурси, можат да постигнат високо ниво на социо-економски развој благодарение на добро развиената понуда на добра и услуги или интеграција во светскиот пазар на трудот и меѓународната трговија.

Не може да постои развој на туризам во одредена област ако таа област нема природни или антропогени ресурси со висок степен на привлечност, кои со своите карактеристики можат да привлечат одреден сегмент на туристичка побарувачка и да овозможат туристичка или економско-туристичка валоризација.

Денешниот туризам, и покрај зголемениот интерес на туристите за некои форми на селективен туризам во кој природната привлечност не е мотив за патување или е веќе маргинален интерес, сепак во најголем дел се заснова на валоризација на природата. Една од трите главни компоненти на географската област со која директно комуницира современиот туризам, а според концептот за одржлив развој на туризмот, е природната база или еколошката компонента[29].

Поголемиот дел од авторите не ги делат ресурсите на ист начин и користат различни методи и називи. Сепак, повеќето од нив ги делат туристичките ресурси на два дела, а тоа се:

- Природни и
- Антропогени туристички ресурси.

[29] Kusen E., Turizam i prostor, *Klasifikacija turistickih atrakcija,* Izvorni znanstveni članak, Institut za turizam, Zagreb, 2002, str. 2.

## 3.1 **Природни ресурси на Опоље и Гора**

Природните туристички ресурси се состојат од сите природни елементи и фактори кои имаат висок степен на привлечност и ја одразуваат географската околина и можат да се вреднуваат за туристички цели. Во регионите Опоље и Гора има извонредни природни и антропогени услови за организирање разновидна туристичка понуда и развој на разни видови туризам. Туристичката економија во Опоље и Гора досега не се развивала во согласност со достапните природни и човечки ресурси. Географската положба, теренот / релјефот, климата, хидрографијата, флората и фауната се највредните богатства на овој регион. Сето тоа претставува идеален предуслов за постоење на развиен туризам во областа. Но, дури и кога туризмот започнал да се развива како профитабилна индустрија на Косово, регионите на Опоље и Гора биле запоставени и скоро ништо не било инвестирано во нив. Сега се преземаат сите можни мерки за заживување на овој вид економска активност во оваа област. Со својата посебна алпска природа и планински амбиент, Опоље, Гора и непосредната околина потсетуваат на најпознатите европски туристички центри, според нивната географска положба. Вековните шуми на Коритник, бујните ливади и бескрајните пасишта се полни со разни цвеќиња, лековити растенија, ретки видови на дивеч, се само некои од атракциите на овие простори.

Планинскиот масив на Шар Планините е идеален за непроценлива авантура во природа[30]. Релативно високите количини на врнежи и водоотпорни карпи предизвикуваат појава на густа речна мрежа и богатство на извори и површински води. Големиот број извори и потоци со ладна и чиста вода даваат посебен колорит на оваа област. Анализата на природните и антропогените потенцијали укажува дека Опоље и Гора имаат исклучително поволни услови за развој на туризам и организирање на разновидна туристичка понуда и задоволување на хетерогените потреби на современите туристи.

Затоа, со создавање комплексна, современа, модерно организирана и соодветно лоцирана рецептивна база, туризмот може да стане решение за економскиот и социјалниот развој на овој дел од јужно Косово, на падините на Шар Планина. Со разлика во надморската височина од над 1.110 метри, се наметнува потребата од што поскоро развивање на

[30] Neiman M. (2010), *Vodič za neotkrivenu lepotu*: UNDP Kosovo-Dragaš, str. 27.

просторен план за овој иден туристички центар и дизајнирање на објекти со соодветен капацитет, кои можат да се користат во текот на целата година, со итна заштита на сите простори погодни за лоцирање рецептивни и други објекти и спроведување на разни туристички активности.

Во исто време, во оваа област, развојот на зимско спортски туризам мора да се започне постепено, чекор по чекор, со цел да се привлечат клиенти и да се афирмира теренот[31]. Рецептивната база треба да се конципира во согласност со поливалентната туристичка функција на овие области, што произлегува од концентрацијата на разновидни природни и антропогени мотиви, а нејзината конструкција мора да се заснова на комплексен документ за просторно планирање, составен со земање предвид на специфичностите и карактеристиките на мотивите и усогласувањето на развојот на туризмот со другите комплементарни активности во регионот. Тргнувајќи од фактот дека на домашниот и странскиот туристички пазар постои изразена и жестока конкуренција, развојот на туризмот во овој дел од Шар Планина треба да се одвива постепено и да се заснова на одлучно, осмислено и разновидно активирање на оние туристички мотиви што ќе обезбедат атрактивна, висококвалитетна и специфична понуда со економски ефекти од истата. Но, исто така, да се постигне стимулирачко влијание врз развојот на економските и производствените активности за ревитализација на селата, засилување на културните и другите активности и зачувување и обновување на традиционалните народни обичаи во туристичка функција. Затоа е неопходно да се води сметка за приоритетот на туристичка валоризација на мотивите и локалитетите, што се обидуваме да го истакнеме во нашиот труд со конкретни предлози.

Паралелно со планирањето на просторот во овие области, за директна туристичка градба, неопходно е да се зачува простор за туристичка градба и други туристички активности, како и да се заштити пејзажот и амбиенталната вредност, кои претставуваат непроценлив туристички капитал и основа за развој на оваа економска дејност. Се разбира, неопходна е и заштита од динамични туристички движења.

---

[31] Ćukuć D., Priština *Karakteristike razvoja turizma*, Šarplaninske župe Gora, Opolje i Sredska, SANU, Geografski institute „Jovan Cvijić", Knjiga 40/III, Beograd, 1997. str. 200.

Со цел порационално да се искористи природата на Опоље и планинските делови на Шар Планина, кои се карактеризираат со исклучителни геолошки, геоморфолошки, климатски, хидролошки и долги природни вредности, како и природни убавини и реткости, потребно е со соодветни прописи да се утврди статусот на национален парк, со јасно утврдени граници и зони и правила за користење и заштита. Бидејќи туризмот, заради своите природни потенцијали, треба да има доминантна функција, на овој начин ќе се утврдат зоните за туристичка градба, одмор и рекреација.

Познавањето на карактеристиките на природните туристички атракции и нивното групирање се од големо значење за нивната валоризација и туристичка активација. Природните атракции можат да се поделат во следниве категории[32]:

- Геоморфолошки;
- Климатски;
- Хидрографски;
- Биогеографски;
- Пејзажни туристички вредности.

За да се задоволат потребите на луѓето, природните ресурси обично имаат рекреациски својства, односно влијаат врз човечко-физиолошките функции (освежување, регенерација, одмор, забава итн.).

Според овој пристап, природни туристички ресурси можат да бидат: планини, реки, растителен и животински свет, а тие ресурси произлегуваат од следните рекреациски туристички активности: планинарење, пешачење, скијање, велосипедизам, параглајдинг, лов, риболов и слично.

### 3.1.1 Геоморфолошки туристички вредности

Од геоморфолошките туристички вредности на регионите Опоље и Гора, особено се издвојуваат планините, имајќи ја предвид нивната пространост и пејзажна разновидност. Планините содржат голем број меѓусебно поврзани елементи, од кои повеќето можат да се користат за туристички цели. Карактеристиките на планините овозможуваат реализација на

[32] Marinoski N. *Turistička geografija republike Makedonije,* Ohrid, 2001, str. 48.

зимско - спортски, спортски - манифестациски, излетнички, рекреативни и други туристички активности.

Релјефот има посредно влијание врз туризмот како економска гранка, како и економијата во целина, преку климата, вертикалното зонирање на растенијата, дистрибуцијата на екосистемот и пејзажната разновидност. Просторот на регионот на Опоље и Гора се наоѓа на над 1000 m надморска височина, односно варира на надморска височина од 750 до 2550 метри надморска височина, со просечна вредност од 1620 m надморска височина, што овозможува развој на туризмот во овие области, како и негов економски просперитет. Повеќето од 40,3% од територијата на Опоље и Гора се класифицирани како високи планини со надморска височина од 1450 м и 2050 м.

Планинскиот венец во Опоље достигнува висина помеѓу 1100 и 2200м. 30,4% од областа е распространета во планинско подрачје (1050-1350 m надморска височина), со 20,3% од вкупната површина на висина поголема од 2050 до 2550 m надморска височина, нивото на кое не растат дрвја (дрвна граница). Само 6% од територијата на Опоље и Гора е под планинскиот масив (2600h на надморска височина од 750-1050 м надморска височина), кој се наоѓа во Опољее околу долината на Плав и долните делови и речните долини на Брод и Рестелица во регионот на Гора[33].

Математичко-географската положба претставува основна релациска и локациска компонента на географската област, што значи дека таа е и основа на туристичко-географските студии. Овие студии прво ја утврдуваат точната локација на картата со помош на математички параметри. Овие определби се прават со употреба на параметри како што се: северна и јужна географска ширина, источна и западна должина, надморска височина, временски зони, областа на туристичките просторни единици и растојанието помеѓу одделните елементи на географската средина[34].

Во географски поглед, регионите се наоѓаат во центарот на заштитените зони на Националниот парк Шар Планина, Маврово, Кораб, на Косово, во Македонија и Албанија.

[33] Atlas održivog razvoja: Drugo izdanje (Nacrt) baze, UNDP, jun 2012. godine. str. 5.
[34] Marinoski N., Stamenković, P. & Ilić, D. (2015). *Turistička geografija*, Visoka poslovna škola stručnih studija, Leskovac, ISBN: 978-86-84331-56-6, str. 47.

Релјефот на Опоље и Гора е ридско-планински со доминантното било на Шар Планина, под кое се врежани длабоките речни долини на Плавска, Рестелича и Бродска река, кои се влеваат во Плавска река и создаваат исклучително атрактивен природен амбиент со бројни контрасти геоморфолошки облици.

Регионите Ополе и Гора имаат извонреден пејзаж, со прекрасни предели (пасишта), здрава клима, многу чист воздух, многу голем број на ладни извори, голем број на реки и убави долини, шуми, карактеристична флора и фауна, езера и др. Непречено можат да се развиваат туристички активности како што се: скијање, планинарење, алпинизам, спелеотуризам, екстремни спортови и други форми на туризам. Дадениот простор привлекува туристи заради привлечноста на просторот, т.е. привлечноста на природните и антропогените ресурси што се достапни за оваа област[35]. Поради овој простор, регионите имаат извонредни услови што не биле искористени за развој на туризмот како економски фактор на развој. Статистиката за употреба на земјиштето во Косово потврдува дека Драгаш не е типична косовска општина. Од една страна, врз основа на овие податоци, Драгаш е рангиран на 28-то место од 38 општини во Косово во однос на шумскиот дел од вкупната територија на општината. 15% од земјиштето Драгаш (6.434 ha до 42.643 ha) е покриено со шума, од друга страна, Драгаш е на второ место по однос на процентот на земјоделско земјиште (80,7%, 34.440 ha)[36].

Основните форми на планинскиот релјеф значајни за туризмот се планините со нивната висина, наклон, експозиција на падините, тераси, алувијони и долини долж речните корита. Релјефот на територијата на Опоље и Гора е силно дисециран и се карактеризира со различни форми и голема висинска разлика, односно издигнување на теренот.

Најниската точка е на подрачјето на селото Рапча, каде што реките Плавска и Радешка се придружуваат на 880 m надморска височина, а највисокиот врв е Велика Врача со висина од 2582 м надморска височина[37]. Видовме дека овој вид релјеф ги има сите придобивки за развој на каква било форма на туризам. Од географска и регионална гледна точка, областа на Опоље и планинските предели претставува посебна и јасно диференцирана природно-

---

[35] Stanković, S. (2003). Životna sredina, turizam i prostorno planiranje, *Glasnik srpskog geografskog društva, sveska* LXXXIII - br. 2, str. 19-30, UDK 502/504 + 380,8 + 71.
[36] Lokalni plan o delovanju za biodiverzitet 2012. godine. str. 6.
[37] Topografska karta,Vojnogeografski institut, štampana 1980, br. Lista 163-3-4.

географска целина, сместена во подножјето на врвовите на Шар Планина од источната страна и на изворот на реките Рестеличка, Бродска и Радишка.

Табела бр. 5: Висински зони (%) во Опоље и Гора

| Н. в. у. м. | Гора | | Опоље | |
|---|---|---|---|---|
| | km² | % | km² | % |
| < 750 | 0,2 | 0,1 | - | - |
| 750-1000 | 14,8 | 3,8 | 13,5 | 10,5 |
| 1000-1250 | 30,8 | 8,0 | 50,6 | 40,0 |
| 1250-1500 | 51,9 | 13,4 | 26,1 | 26,1 |
| 1500-2000 | 193,2 | 50,1 | 22,5 | 17,8 |
| 2000-2500 | 93,7 | 24,3 | 13,7 | 10,8 |
| ➢ 2500 | 1,0 | 0,3 | - | - |
| Вкупно | 308 | 100,0 | 126 | 100,0 |

*Извор: податоци преземени од трудот на J. Đorđević, Morfometrijske karakteristike, Šarplaninske župe Gora, Opolje i Sredska – odlike prirodne sredine, посебни изданија на Географскиот институт „Jovan Cvijić"SANU, knj. 40/I, стр. 82, Белград, 1994 година.*

Регионите Опоље и Гора се наоѓаат во планинските региони на Косово и ја зафаќаат јужната страна на Шар Планина. Административен центар на регионот е градот Драгаш, кој административно-политички го поврзува регионот на Гора со регионот на Опоље и како такви ја формираат Општина Драгаш[38]. Во регионот на Опоље е застапено албанското население, додека пак во Гора е застапена горанско-бошњачката заедница. Опоље зафаќа површина од 126 км² или 29% од територијата на општина Драгаш, додека над 53% од територијата е населена. Гора има површина од околу 308 км², и сочинува 71% од вкупната површина на општината и 42,9% од населението, според пописот во 2011 година, односно, вкупната површина на регионот е 434 км², што опфаќа 4% од Косово, додека населението опфаќа 2,2%.

[38] Opština Dragaš – *Kancelarija za povratak, Opštinska Strategija za Povratak,* 2010.

Координатите на општината се 41 50' 58''- 42 09' 03'' северна географска ширина и 20 35' 39'' - 20 48' 26'' јужна должина. На северот, општината Драгаш граничи со општината Призрен, што е центар на јужниот регион на Косово, во која спаѓа и општината Драгаш. Градот Драгаш е оддалечен 37 км од градот Призрен.

Во регионот на Опоље и Гора доминираат средни и високи планини. Опоље и Гора се наоѓаат на југот на Косово, на падините на Шар Планина, на границата со Косово, Република Македонија и Република Албанија. На југоисточната страна, регионот граничи со Р. Македонија, со реката Радика, која е притока на Црни Дрим, која извира од Охридското Езеро, и со шарпланинските врвови Велика Враца (2.582 м), Мала Враца (2.483 м), Рудока (2.658 м), Челепино (2.329 м). , Сулејманица (2.029 м) и Маја (2.497м). На југозапад и северозапад се граничи со Република Албанија и врвовите на Маја Какуаса и Пристопаит (2.092 м), Калабак (2,174 м), Мурга (2.025 м) и Коритник (2.394 м), од северозападната страна[39]. На северната страна се граничи со Призрен, кој е одвоен со ниските ридови на Цвилен[40].

### 3.1.2 Климата како туристичка вредност

Во основата на развојот на туризмот лежат климатските карактеристики на областа, кои во голема мера ја одредуваат формата и динамиката на туристичките активности и имаат влијание во сите сфери на туристички активности. Климата е еден од многу важните природни потенцијали за развој на туризмот во оваа област. Најважните елементи на климата се: температурата на воздухот, врнежите, релативната влажност, облачноста, изолацијата и ветровите[41]. Целата истражувачка област е изложена на модифицирана медитеранска клима, благодарение на долината на реката Бел Дрим, на која припаѓаат сите речни текови од оваа област. Модификациите се последица на конфигурацијата на земјиштето и споменатата висинска разлика од повеќе од 2100 метри. Затоа, во оваа област има четири климатски зони: жупска, планинска, субалпска и алпски.

---

[39] Mastilović M. *Geografski Atlas za osnovne i srednje škole, Zavod za kartografiju, Geokarta, Beograd,* 1990. str. 103.

[40] Lutovac M. *Gora i Opolje-Antropogeografska proučavanja, Srpski etnografski zbornik*,knj.LXIX 35, Beograd, str. 233.

[41] Marinoski N. *Turistička geografija Republike Makedonije, Ohrid,* 2001., str. 99.

Општината има субалпска клима со просечна годишна температура која се приближува до 8,6 °C во Драгаш. Жупската клима е застапена до 1000 m надморска височина, со посвежи лета и поумерено остри зими, но припаѓа на релативно мал дел од територијата (Опоље и Гора), оваа клима е погодна за развој на повеќе форми на туризам (здравствен, излетничко-екскурзиски, летно-стационарен туризам).

Зоната на планинска клима опфаќа доминантно подрачје, со оглед на тоа што е застапена во зоната од 1000 до 1400 м, каде летата се свежи, а зимите остри со зголемена количина на врнежи. Оваа клима е присутна во поголемиот дел од областа. Ова е зона во која се формирани населби и е погодна за развој на повеќе форми на туризам.

Карта бр. 2. Клима во Општина Драгаш



*Извор: UNDP – Атлас на одржлив развој на Драгаш - Косово, том 2, март 2013, стр. 21*

Субалпската климатска зона, во која летата се кратки со пониски температури и изобилство снежна покривка што се задржува во најголем дел од годината, а зимите се екстремно остри, се наоѓа во зоната од 1400 до 1700 м.н.в. Оваа зона се совпаѓа со горната граница на шумите. Алпската клима преовладува во зоната над 1700 m надморска височина, и се карактеризира со кратки лета со пониски температури и прилично долги зими, со многу снежни врнежи, а снежната покривка трае повеќе од 7 месеци.

Графикон бр. 2: Климатски дијаграм на Драгаш




*Извор: Извор: UNDP – Атлас на одржлив развој на Драгаш - Косово, том 2, март 2013, стр. 19*

Оваа клима е погодна за развој на зимски скијачки туризам, пешачење и планинарење. Највисоките делови имаат вистинска алпска клима, со оглед на тоа што се наоѓаат на надморска височина од над 1700 m, така што просечната годишна температура е околу 9,1 °C, со вредности кои осцилираат од 36,5 °C во јули, до -21,5 °C во јануари. Само еден помал дел има субалпска, планинска и жупска клима.

Табела бр. 6: Просечни сезонски температури во Драгаш

| Просечна температура | Зима | Пролет | Лето | Есен | Период на вегетација |
|---|---|---|---|---|---|
| Драгаш °C | - 0,4 | 7,9 | 18,1 | 10,2 | 18,0 |

*Извор: UNDP – Атлас на одржлив развој на Драгаш - Косово, том 2, март 2013, стр. 19*

Врнежите во овој релативно мал простор се под влијание на термичкиот режим и правецот на дување на ветровите, кои се прилично чести, силни и дуваат од сите правци. Во однос на врнежите врз основа на „Проценка на секторот за води во Драгаш“ на општинско ниво, Драгаш се карактеризира со високи нивоа на врнежи и снег на целата територија. Просечните врнежи на пониските нивоа се околу 800 ml, а на повисоките 1370 ml[42].

Табела бр. 7: Врнежи и просечна температура за време на периодот на вегетација

| Врнежи и просечна температура за време на периодот на вегетација | Помеѓу април и септември | | | Помеѓу октомври и март | | | годишно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | mm | % | температура °C | mm | % | температура °C | mm | % | температура °C |
| Драгаш | 413 | 51,1 | 15,0 | 394 | 48,9 | 3,3 | 807 | 100 | 8,3 |

*Извор: UNDP – Атлас на одржлив развој на Драгаш - Косово, том 2, март 2013, стр. 19*

Најниско ниво на врнежи има во периодот од мај до септември, додека највисоко од октомври до март. Во пониските делови на регионот, снегот се задржува околу 120 дена во годината, додека на најголемите надморски височини снегот трае до 280 дена годишно. Климатски податоци за општина Драгаш проф. д-р. Sylë Tahirsylaj, Министерство за животна средина и просторно планирање, Хидрометеоролошки институт на Косово, Приштина (2011). На територијата на општината Драгаш има само една метеоролошка станица, која се наоѓа во Драгаш. Податоците од метеролошката станица не се собрани од 2008 година.

[42] Lokalni plan delovanja biodiverziteta opštine Dragaš 2011-2015. str.10.

Што се однесува до порастот на температурата, се претпоставува дека тој изнесува 0,6 °C на секои 100m. Пресметките за изолиниите на температурата се прават врз основа на просечната годишна температура.

Не е редок случај сите четири сезони да се доживеат во текот на истиот ден, а во текот на јули и август највисоките делови на Шар Планина да се прекријат со снег. Поволните климатски услови претставуваат идеално опкружување за повеќе видови туризам: зимски, спортско-рекреативен, еколошки, здравствен, планински и транзитен туризам. Поради тоа, посетители може да има во текот на целата година. Климатските услови и карактеристики заедно со релјефот, кој се карактеризира со присуство на големи падини и исечоци, како и разни геоморфолошки форми, влијаеле врз формирањето на речната мрежа и водниот режим.

### 3.1.3 Водени ресурси – хидрографски потенцијали

Регионите на Опоље и Гора има богат хидролошки потенцијал. Поради геолошкиот состав, климатските карактеристики и изразените планински геоморфолошки форми, водното богатство на истражувачката област претставува посебен потенцијал за развој на туризмот, а се состои од развиена речна мрежа, бројни извори и живописни езера, како и подземни води. Постојат бројни притоки на овие реки кои се влеваат заедно во Бел Дрим, а нивните извори се високо во планинските делови со релативно големо изобилство на вода. Голем број извори, дури и езера, главно од глацијално потекло, укажуваат на присуство на неистражена подземна вода. Богатството на површинските води и условно подземните води е значаен фактор од развоен карактер, бидејќи тие можат да бидат важни компоненти на снабдувањето со вода на населението, но и за задоволување на другите потреби, наводнување, индустриска вода итн. Областите за истражување (Опоље и Гора) се испресечени со густа мрежа на речни планински текови.

Графикон бр. 3. Стапка на проток на големите реки на територија на општина Драгаш




*Извор:UNDP – Атлас на одржлив развој на Драгаш - Косово, том 2, март 2013, стр. 25*

Сите води од овие области се влеваат низ Белиот и Црниот Дрим во Јадранското Море. Развиената речна мрежа, поволната временска и просторна дистрибуција на вода, па дури и истекувањето во текот на годината, условено од топењето на снегот, ги исполнуваат сите критериуми за користење на вода за различни намени. Сите реки и нивните притоки, како и бројните езера, се наоѓаат претежно под планинските врвови и во циркови, на надморска височина од над 2300 м, така што тие се чисти и се во квалитетна класа, и со просечни врнежи од дожд од 1,130 мм/м$^3$ годишно. Околу 76% (700 км) од реките се наоѓаат во регионот на Гора, додека 24% во регионот на Опоље[43]. Во однос на богатството со вода, овие региони се на второ место на Косово, по регионот Дукаџини (Пеќ). Плавска река извира над Заплужје, а нејзини притоки се: реките Бресана, Кук, Косаваце и Ренце - тие припаѓаат на регионот на Опоље и се влеваат во Бел Дрим во Албанија.

[43] Plan razvoja opštine Dragaš 2013-2023. 2013. godine, str. 12.

Табела бр. 8: Просечна месечна стапка на проток на големите реки

| Реки | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Нов. | Дец. | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Плава | **4,82** | **5,83** | **6,86** | **9,63** | **14,4** | **8,04** | **3,04** | **1,43** | 1,74 | 2,52 | 5,62 | 4,95 | 5,74 |
| Брод | **1,73** | **1,78** | **2,21** | **3,97** | **6,48** | **3,71** | **1,52** | **0,86** | **0,86** | **1,16** | **1,86** | **1,57** | 2,31 |
| Рестелица | **1,44** | **1,39** | **1,87** | **3,39** | **4,73** | **2,59** | **1,44** | **1,02** | **1,01** | **1,01** | **1,65** | **1,54** | 1,92 |

*Извор:UNDP – Атлас на одржлив развој на Драгаш - Косово, том 2, март 2013, стр. 25*

Објаснување на боите: сината претставува месец на најголем проток, зелената го претставува месецот со натпросечен проток, портокаловата - месецот со под просечен проток, црвената, претставува месецот со најмала стапка на проток.

Сезоната на висок проток зависи од топењето на снегот и започнува најпрво во сливот на реката Плава и трае од февруари до јуни. Сезоната на висок проток во притоките на реките Брод и Рестелица трае само во текот на месец април затоа што тие се наоѓаат на поголема надморска височина од точката на акумулација на вода. Високиот проток на вода во сите три реки го достигнува својот врв во месец мај. Крајот на сезоната со висок проток кој е во јуни, се совпаѓа со највисокиот месечен период на врнежи. Подоцна во годината, ниските врнежи од дожд влијаат на минималните стапки на проток во месец август. Повисоките стапки на врнежи забележани помеѓу септември и декември предизвикуваат повисоки стапки на проток[44]. Реката Радешка е мала река (поток). Извира над селото Радеша и се влева во реката Плавска кај Драгаш. Од нејзиниот горен тек се снабдува со вода населението во Драгаш.

Караџина (Лештанска) река извира на врвот на Качина Глава помеѓу селата Лештани и Брод. По големина е слична со Радешка река, тече паралелно со неа и се влева во Плавска река кај Драгаш. Шутманската река истекува од езерото Шутман; таа се спојува со Челепинската реката и заедно ја формираат реката Лева, која се спојува со Душката река и ја формираат Бродската река. Таа се влева во реката Плавска помеѓу селата Враниште и Крстаца. Реката Душка делумно тече низ малиот кањон С'теска. Реката Рестеличка извира под Голем Камен.

[44] UNDP - Atlas održivog razvoja za Dragaš – Kosovo, Tom 2, Mart 2013, str. 25.

Има голем број притоки: Клеч, Сопутица, Злипоточка. Се влева во реката Плавска помеѓу селата Црнољева, Борја и Оргоста во Албанија. Црнкаменска река е притока на реката Радика, а Радика е притока на Црн Дрим, заедно со реката Чајанска, која исто така е притока на Црн Дрим, и се влева во Скадарското езеро. И двете овие реки се наоѓаат во ненаселениот дел на општината Драгаш, во регионот Гора зад селото Рестелица, на граничниот премин Стрезимир и се екстремно еколошки зачувани. Повеќето реки во областите на истражување во горниот тек имаат вода од прва категорија, но жално е што „депониите“ таму обично се наоѓаат на самите реки. Ова го уништува богатството што ретко кој го има во близина на својот дом. Се надеваме дека во блиска иднина ќе се разбуди свеста на граѓаните и дека граѓаните ќе дадат се од себе за да ги заштитат своите реки. Освен реките, овој регион е исто така богат и со езера. Најпознати езера се: Езерото Бресане, кое се наоѓа на надморска височина од 935 метри, кое се снабдува со вода од потокот Острик, кој извира во планините Плава и Буче, и езерата на Шара (Шарски бакнежи) кои ги има над 20, на надморска височина од 2050-2500 метри[45]. Езерото Брезане се наоѓа во регионот на Опоље, односно во близина на селото Брезане, додека Шарските езера се наоѓаат над селата Брод и Рестелица и истите се оддалечени неколку километри, лоцирани на границата со Македонија, и се исклучително привлечни за неколку типови туризам.

### 3.1.4 Флора и фауна

Областите на Опоље и Гора се наоѓаат во доменот на Шар Планина, односно ја зафаќаат нејзината јужна страна, т.е. во Националниот парк Шара, така што флората и фауната се разновидни. Шар Планина се наоѓа во јужно Косово, северозападна Македонија и североисточна Албанија. Се протега во правец СИ - ЈЗ во должина од околу 80 км и ширина од 15-20 км. Нејзините падини започнуваат од Урошевац до тромеѓето на Косово, Македонија и Албанија, односно до Националните паркови (Маврово и Кораб). Според постојните податоци, пејзажот Шар Планини е меѓу најбогатите центри во однос на биолошката разновидност и пасишта на Балканот, со многу ендемични, реликтни, ретки и важни растенија и животински видови. Врз основа на податоците од претходните

[45] Lokalni ekološko akcioni plan opštine Dragaš 2013-2018. godine. str. 30.

истражувања, има над 2000 васкуларни растителни видови[46] или повеќе од 20% од вкупната балканска флора[47].

[73] Qoruhlu T. Kayip mirasin izinde "*Gora halk sanatlari*", Istanbul 2007, str. 268.
[74] Ibid, str. 260.

### *3.4.3.2 Турбиња*

Во општината Драгаш, покрај џамиите и мезарите, од материјалните културни наследства, има и многу познати турбиња, во различни локалитети.

Во селото Рестелица постои турбе наречено Селим-дедово турбе. Изградено е во 16 век. Во него е погребан одреден Селим, за кого легендите велат дека бил пророк. Тој бил популарно познат човек кој можел да предвидува одредени настани. До турбето има јаворово дрво, старо околу 300-400 години и мезари.

Слика бр. 6: Селим-дедовото турбе во Рестелица



*Извор: Автор, 2014 год.*

Турбето во Плав, кое е изградено во 13 и 14 век, е дело на посветен мисионер, Сари Салтук. Д-р Талин Чорухлу, во своето дело за регионот на Гора „ Gora halk sanatlari “, исто така наведува дека турбето во Плав е дело на посветениот мисионер Сари Салтук. Сепак, од историски аспект, неговата личност и дело како мисионер останувaат необјаснети и испреплетени со мистични, митски и фантастични елементи, што претставува тешкотија. Не е напишано многу за Сари Салтук во нашата област, за разлика од светот каде се пишувало за овој мисионер.

Слика бр. 7: Турбе во селото Плав




*www. Opoja .net*

Усните преданија се многу застапени во нашата област за овој мит. Според Н. Ибрахим, Сари Салтук бил првиот мисионер на исламот што ја преминал територијата на Опоље. Материјалните траги, топонимијата и многу легенди сведочат дека тој бил во верски и воени мисии[75] во Панонија, Унгарија, Чешка, Словачка, Скопје, Срем, Мачва, Босна, Круја, Драч, Опоље и др.

Покрај џамијата во Драгаш, постои и турбе познато кај народот како Хусеин-бабино турбе. Тоа е најстарото во Гора, изградено веднаш по војната во Косово. Имено, според легендата што се пренесува од генерација на генерација, Хусеин работел на својот имот со дрвена лопата, одвојувајќи го житото од шемата. Одеднаш отишол на изворот да се напие вода и им рекол на домашните да ја довршат работата и дека тој наскоро ќе се врати. Меѓутоа, по Божја волја (како евлија), тој одлетал на Косовското поле, каде што се водела жестока битка во тоа време. Во таа битка, тој бил препознаен од човек од соседното село Шајновац, кој се обидел да го повика, но тој не одговорил. На Хусеин, борејќи се со дрвената лопата, му испаднало парче од лопатата кое човекот кој го сретнал го зел со себе. По враќањето во

[75] Qoruhlu T. Kayip mirasin izinde “Gora halk sanatlari”, Istanbul 2007, str. 88.

Гора, човекот дошол кај Хусеин и го прашал за неговото присуство во битката, но тој експлицитно негирал. Кога човекот го извадил парчето од дрвената лопата и ја споредил со лопатата на Хусеин, тајната излегла на виделина и Хусеин веднаш починал. На местото каде што се починал, подигнато е турбе, кое го обновил неговиот потомок Шефкет Јамини во 1965 година на постојните темели.

Помеѓу Долна и Горна Рапча се наоѓа Шеховското турбе. Името го добило според населбата дервиши кои живееле во Рапча во 18 век. Последниот потомок на тоа племе, Џуљасија (1860-1928), раскажувал дека племето на шехови (дервиши) живеело одвоено од другите мештани и имало 6 куќи со 62 члена. По епидемијата на чума што го зафатила целото племе, преживеале само двајца членови, татко и син. Подоцна за нив било изградено турбе, бидејќи се сметало дека се спасени со чудо. Името на таткото било Суљо (1753-1812), а на синот Рамадан (1789-1852). Турбето веројатно било изградено по смртта на таткото, по 1812 година.

#### *3.4.3.3 Намазџах*

Намазџахот се наоѓа во селото Бузез во Опоље, и претставува средновековен муслимански верски објект, кој датира од 14 - 15 век, и на ова место се изведува намаз[76]. Молитвениот ритуал го изведувале патници, трговци, сточари и жители на областа. Таквиот објект е реткост во Косово, што укажува на историја, трговија и патувања поврзани со вера и духовност обединети со природата. Објектот е реновиран во 2015 година, преку програмата CHWB за заштита на културното наследство во општина Драгаш. На Балканот има само четири вакви објекти, а едниот од нив е оној во Опоље, другиот во Призрен Тума е регистриран со бројот 926-67. Другите два такви објекти се наоѓаат во Сараево и Бугарија[77]. Тој е под привремена државна заштита, што овозможува зачувување на наследните вредности во оваа област.

[76] Qafleshi M., Qafleshi V. Trashëgimia kulturore e Sharrit, Shar, 2019. f. 188.
[77] Ibd. pp. 188.

Слика бр. 8: Намазџах во село Бузез (Опоље)



*www. Namasygjah fshatin Buzez*

### 3.4.4 Народни носии

Носијата е одлика на една заедница што ја прави препознатлива, а во однос на друга заедница специфична, т.е. еден вид лична карта на една средина. На Балканот, па дури и пошироко, носијата има етнички и социјален карактер. Народните носии во општината Драгаш, а особено во регионот на Гора, имаат голема уметничка вредност и убавина. Оваа носија припаѓа на балканскиот тип и делумно сѐ уште е во секојдневна употреба. Како и да е, бранот на модернизација во однос на облеката влијаел и на оваа област, иако традиционалната носија сѐ уште се одржува во голема мера. Поголемо задржување во овој поглед покажуваат женските носии, додека машките се поподложни на промена. Носијата за мажи е скоро надвор од секојдневната употреба, освен во повисоките и оддалечените области. Во други села, таа се користи од поединци или се користи само во празнични прилики. Според бојата, постојат два вида машки носии: бела и црна. Црната ја носат исклучиво постарите луѓе, додека белата - младите. Повеќето од машката облека е направена од овча кожа добиена од волна од овци, која се обработува во специјални

работилници. Гора поседувала многу вакви работилници, како што се гајтанарите во Крушево во сопственост на Мустафа Хоџа Уста.

Женските носии во Гора сѐ уште се во употреба, иако прилично се изменети. Младите жени и девојки користат народни носии само во празнични прилики, додека постарите жени ги користат постојано.

Слика бр. 9: Моминска носија во Гора



*Извор: www. Vlaška – Đuren*

Слика бр. 10: Носија на омажени девојки во село Брод (Гора)



*Извор: www. Vlaška đuren Gora*

Постојат неколку видови женски носии според елементите под појасот:

а. тип на носија со гаќи и здолниште (во употреба во поголемиот дел од Гора),

б. тип на носија со шалвари (се користи во Брод),

в. тип на носија со долги и кратки димии (користени во пониските села).

Моминската носија се разликува од носијата на мажените жени по бојата и некои други елементи. Исто така, во одредени елементи, носиите на помладите и повозрасните жени се разликуваат. Исто така, штом жената го ожени синот или ја омажи ќерката, таа ја менува носијата. Во некои села, една жена престанува да носи капа со дукати, ако остане вдовица. Моминската носија е претежно бела, додека онаа на мажените жени е жолта или црвена.

Материјалите од кои се изработени деловите од носиите се различни. Во минатото најмногу се користела волна, додека во последно време се употребуваат разни синтетички материјали.

### 3.4.5 Свадбени обичаи

Свадбите и другите семејни прослави во овој регион се многу посебни и традиционални. Посебен елемент што вреди да се спомене е свадбената музика изведена од традиционалните изведувачи со своите инструменти, тапани, како и труби (кои населението ги нарекува „зурли“).

Слика бр. 11: Свадба во селата Рестелица и Радеша



*Извор: www. Svadbe u Gori*

Свадбата е најсвечениот чин во животот на секој жител на општина Драгаш и единствена можност за релаксација после долга и исцрпувачка печалба. На пример, во регионот на Гора, свадбите траеле по 4 дена, во зависност од материјалните можности. Сега тие траат од 1 до 3 дена. Младите знаеле да работат и по цела година за да си дозволат ваков луксуз. Горанската свадба е една од најславните, традиционално најбогатите и симболично најживописните свадби на Балканот. Горанската свадба е воена свадбена игра, прикажана симболично како освојување на воен плен, во случајот - невестата.

### 3.4.6 Манифестации и фестивали во Опоље и Гора

Манифестациските туристички вредности претставуваат многу важен сегмент од туристичката понуда во регионите Опоље и Гора. Секоја година се одржуваат разни настани и фестивали.

Слика бр. 12: Прослава за денот на општина Драгаш




*www. Folklor Opoja*

Важни фестивали во општина Драгаш:

- 17 февруари, Денот на независноста на Косово,
- 7 март, Ден на наставниците,
- 8 март, Меѓународен ден на жената,
- Рамазан и Курбан Бајрам,
- Ѓурѓовден (6 мај),
- Еримија (14 мај),
- 16 јуни - Денот на ослободувањето на Драгаш.

Општина Драгаш е добро позната по уникатните фестивали кои ги синхронизираат паганските и верските ритуали наследени од исламските и христијанските традиции, како и историските обичаи што вообичаено се практикуваат низ целиот Балкан[78].

#### *3.4.6.1 Ѓурѓовден*

Друга важна карактеристика на Горанитe е прославата на Ѓурѓовден, кој се слави на почетокот на мај како радост за доаѓањето на пролетта и излегувањето од зимата. Веројатно ова се остатоци од старата паганска култура и култовите на славење на природата додека Гораните сè уште биле шаманисти (шаманизам - религија на природата).

Сличен обичај наоѓаме и кај некои турски племиња под името Adrlez (во спомен на Хидр), кој се слави на 6 мај. Знаејќи дека името е hidr значи зелено, можеме да сфатиме дека оваа практика има повеќе врска со практикувањата на турско-монголските племиња отколку со православниот Георгиј. Култот на вегетацијата игра централна улога во овие настани затоа што тогаш се раѓа природата и доаѓа до израз целата природна убавина. Исто така, треба да се истакне дека овој обичај го преземале скоро сите народи на Балканот, како што се Србите, Ромите, Албанците, Гораните, Турците и др., и неодговорно е празникот да се врзува само со православието, како што е досега случај.

Во самата прослава, нема некој посебен ритуал освен шетање на млади луѓе и излегување во природа. Поради тешките зими после кои доаѓа раскошна пролет, овој празник веројатно сепак ќе има место во животот на граѓаните на нашата општина.

Празникот се слави од 1 до 10 мај во сите села поединечно со народна (локална) музика и тапани (тапани и трубачи). На оваа прослава доаѓаат до израз народните носии.

Ова е празник на игра и многу љубови се случиле во текот на празничните денови, се запознале многу момчиња и девојки, има дури и веридби. Специфично за регионот Гора е што младите Горани во овој период доаѓаат од сите краеви, каде и да се. Тие со нетрпение го чекаат пристигнувањето на мај и се подготвуваат во текот на целата година за овој култ на славење на природата.

---

[78] www. Dragash ORP - deo I, pdf., jun 2013., str. 125.

Во текот на празничните денови, од први до десетти мај, младите момчиња ги обиколуваат сите села во Гора каде се слави овој култ, а девојките ги носат своите носии кои ги подготвувале во текот на целата година. Најчесто, во текот на овој период, доаѓа до запознавање на момчињата и девојките, а понекогаш и до веридба.

Пролетниот фестивал Верза се одржува на 14 март и се слави со подготовка на нивите за нова вегетација.

Националните фестивали што се важни во општината Драгаш вклучуваат Ден на независност на Косово (17-ти февруари) и Меѓународен ден на жената (8-ми март).

Слика бр. 13: Прослава на Ѓурѓовден 08.05. Кошче Злипоток




*Извор: Автор*

Покрај фестивалите и празнувањата, голем број други одлики на општината Драгаш обезбедуваат вреден извор на нематеријално културно наследство.

Меѓу нив се:

- традиционално боење на лицето на невестата,
- традиција на правење печива,

- приказни и легенди, особено оние поврзани со природни предели,
- рурални земјоделски традиции.

Како и во случајот со природното наследство и културните предели, иако е направен привремен список на области со нематеријално културно наследство, потребно е во иднина да се спроведат подетални теренски истражувања за да се утврдат и пронајдат локации и да се опишат и проценат нивните карактеристики.

### *3.4.6.2 Пеливани*

Пеливанството е форма на борење и е еден од важните обичаи во општината Драгаш. Овој настан се организира секоја година на 16 јуни на општинско ниво на денот на ослободување на Драгаш, а покрај на овој ден, се одржуваат натпревари во пеливанско борење и за време на разни церемонии, свадби или сунети (обрежување) на машки деца. Овој настан го организира оној што ја прави церемонијата. Тој го закажува датумот (денот и месецот, времето и местото), а во исто време, при објавување на датумот, ја одредува висината на наградата (од прво до трето место). Организаторот ги одредува наградите во зависност од своите можности. Организаторот ги обезбедува и другите услови. Натпреварувачите доаѓаат од целиот регион и пошироко (Косово, Република Македонија, Албанија, Бугарија и Турција).

Слики бр. 14: Пеливани во општина Драгаш



*Izvor: www. Pelivani u opštini Dragaš*

Настанот започнува со зурли и тапани. Натпреварувачите настапуваат во неколку парови. Пеливаните се појавуваат голи до половината во специјални чекшири (пантолони) од кожа наречени „киспет“, намачкани со масло, кое ја зајакнува и штити кожата, и го отежнува фаќањето. Борбите се одвиваат на отворен тревен терен. Се избираат судии т.е. тројца судии на еден пар. Два пара можат да настапат на теренот во исто време, во случај кога има поголем број пеливани. Тогаш се зголемува и бројот на судии. Судиите ги одредуваат паровите. Борачите влегуваат во боречкото поле секој од својот агол и одат кон средина, односно едни кон други и започнува борбата. Се смета дека пеливанот ја губи борбата доколку: ја допре земјата и со двете рамена, дојде до позиција на мост или полу-мост, биде подигнат од земја до висина на колената или повеќе, ја предаде борбата од која било друга причина. Според одлуката на судиите, победниците ги добиваат своите награди и потоа одат на ручек со организаторите на настанот заедно со сите учесници.

Од овие краеви потекнувале пеливани кои биле надалеку прочуени низ целото Отоманско Царство. Пеливани кои биле шампиони во Отоманската империја се: Рахим Пеливан (првенец на целата Турска империја во 1909 година) и Фехим Пеливан (исто така шампион на целата Турска империја за 1910 година). Овој регион отсекогаш имал врвни борачи-пеливани.

#### *3.4.6.3 Коњски трки*

Меѓу традиционалните обичаи од оваа област е и организацијата на трки со коњи. Овој обичај датира од минатото. На локално ниво, тие се одржуваа редовно во последните неколку години, на 16 јуни, денот на ослободувањето на Драгаш. Овој настан претходно се одржувал во текот на 1 мај, а исчекувањето на настанот траело во текот на целата година. Победниците добивале вредни награди. Дури и денес, оваа манифестација се практикува за време на разни церемонии - свадби или сунети (обрежување) на машки деца. Овој настан го организира оној што ја прави церемонијата. Тој го закажува датумот (денот, месецот, времето и местото), а во исто време кога го објавува датумот, ја објавува и сумата за наградите од прво до трето место.

Слика бр. 15: Коњска трка во општина Драгаш



*Извор: www. Konjska trka u Dragašu*

Организаторот, во зависност од неговите можности, ги одредува наградите. Настанот започнува со зурли и тапани. Секој учесник се пријавува однапред кај организаторот. Подоцна, сѐ се завршува на теренот. Наградите се доделуваат на оние кои ги заслужиле, а луѓето од целата околина се собираат за да го следат настанот. Оваа манифестација веројатно и понатаму ќе биде дел од животот на граѓаните на општина Драгаш. За време на овој настан, посетителите доаѓаат од целиот регион и пошироко.

### *3.4.6.4 Шарпланинци – симбол на Шар Планина*

Шарпланинци припаѓаат на групата овчарски кучиња кои потекнуваат од молоси. Шарпланинецот е куче што без грешки и пропусти ја извршува својата задача во чувањето на стадото и имотот на својот сопственик. Шарпланинецот е крајно врамнотежено и смирено куче, во исто време може да биде и многу питом и многу остар, но само кога за тоа ќе се појави потреба. Тој е многу храбар, подготвен да му се спротивстави на многу посилниот противник со цел да го одбрани својот сопственик или она што му е доверено за чување (стадото), дури и по цена на сопствениот живот. Тој е чувар по инстинкт, не му треба тренинг. Тој има неколку квалитети и еден од нив е што не лае без причина.

Слика бр. 16: Шарпланинци од Рестелица



*Извор: Автор*

Тој е лојален на својот сопственик и неповерлив е кон непознати. И кога, со тешко срце, ќе го прифати гостинот што пристигнал, ќе го следи секој негов чекор. Тој е доста тврдоглаво и доминантно куче. Погрешно е да се мисли дека тој не е интелигентно куче, иако е тешко да се дресира. Тој е куче кое размислува со своја глава и повеќето работи ги прави по инстинкт, и не треба да се очекува да изведува одредени вештини или да покажува неприкосновена послушност во рамките на дресурата. Тој совршено добро разбира што се бара од него, но тој ќе го стори ако смета дека е потребно. Она што ќе го научат, го паметат цел живот, тие се отпорни на студот, а топлината не им годи и секогаш наоѓаат засолниште од покачена температура. Малите кучиња треба да започнат да се дресираат уште на почетокот, затоа што тогаш направените грешки многу тешко се поправаат, а лошите навики е тешко да се искоренат. Кога станува збор за боите на шарпланинците, важно е да се нагласи дека ги има во сите бои. На подрачјето на општина Драгаш, а особено во Гора (Рестелица и Брод) може да се најдат шарпланинци од сите бои, со или без маска. Може да се најдат во речиси целосно бела боја, потоа сите нијанси на жолта, а потоа сива, сè до темна и скоро црна. Одгледувачите вообичаено претендираат сиви, посветли или потемни бои. Општина Драгаш и особено регионот Гора (Рестелица и Брод) е насекаде познат по шарпланинците, а тоа е уште една визија за развојот на оваа област. Покрај тоа што се

чувари на стадото овци и имотот, во Рестелица постојано се одржуваат натпревари во борби на шарпланинци, особено во зима. Еден од бисерите на подрачјето на општина Драгаш е токму шарпланинецот, кој е познат надалеку, а може изворно да се најде на горенаведените места.

### 3.4.7 Гастрономија

Составен дел на секоја култура е кујната, и секој народ може да се пофали со своја традиционална и автентична кујна. Ништо не може да помогне полесно и подобро да се запознае локалната област отколку јадењето на традиционални јадења и пијалаци. Традиционалната кујна на Опоље и Гора има големо турско и средноисточно влијание, а во помала мерка италијанско и медитеранско. Кујната од оваа област е особено разновидна и богата, населението од овој крај традиционално се занимава со угостителство, работа во ресторани и пекарство и други услужни дејности. Во традиционалната кујна на Опоље и Гора се кориси месо, млечни производи, производи од тестенини, овошни и растителни производи. Најчесто, националната кујна на овие простори доаѓа до израз за време на организирање на разни празнувања: свадби или сунети, за време на прославата на националните и верските празници. Готвачите на националната кујна се професионалци со големо искуство, тие готват секаков вид национални јадења, што ги споменавме претходно. Вкусовите на националната кујна можат да се најдат во хотелите, ресторанните, ќебапчилниците, слаткарниците. Специјалитетите се прават само според национални рецепти.

Најчестите национални производи се:

- Традиционална свадбена супа - подготвена со месо,
- Варен грав, ѓувеч,
- Специјалитети од Шарско месо, варено и печено, јагнешко, јарешко, телешко месо.
- Сарма од зелка или во пиперка,
- Разни производи на скара: Шарски суџук, ќебапи, плескавици, виршли и сите производи на скара,
- Млечни овчи, козји и кравји производи: шарско сирење (тврдо и меко), младо сирење, шарски кајмак, шарско кисело млеко, јогурт и други млечни производи,

- Производи од тесто: Бурек со (месо, сирење, компир, спанаќ), фљија, зелник итн.,
- Мекици - тесто пржено во масло,
- Бакрдан - од пченкарно брашно и други производи,
- Планинска пастрмка и други видови риби,
- Традиционална алва и сите видови колачи (баклава, тулумба, разни торти, ролати, шампити, кремпити, принцес крофни и многу други слатки производи,
- Природен мед - пчеларство и производи од мед со голем избор,
- Боза - ферментиран традиционален пченичен пијалак,
- Различни специјалитети на овошје, џемови, компоти, итн.
- Разни специјалитети од зеленчук: ајвар, разни салати од зелка, пиперки, краставици и др.

Слики бр. 17: Национални специјалитети во Опоље и Гора

Традиционална алва



Шарско тврдо сирење



Меко сирење



Фљија



Мекици



Шарски компир



*Извор: Автор*

# 4 РЕЦЕПТИВНИ КАПАЦИТЕТИ И ДИНАМИКА НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПОЉЕ И ГОРА

Рецептивните капацитети на Косово се регулирани со законот бр. L-04/176, Закон за туризам. Членови 1 и 2 од овој закон ја утврдуваат правната основа и институционалната рамка, принципите и правилата за развој и унапредување на туризмот, воспоставување и развој на стандарди на туристички услуги. Овој закон ги регулира односите помеѓу јавните институции и приватните лица, физичките и правните лица, домашни или странски, кои вршат туристички активности, како и други прашања поврзани со областа на туризмот, во согласност со стандардите утврдени со оваа применлива законска регулатива.

Туристичката и угостителската активност на Косово е регулирана со Законот за туризам на Република Косово, каде што во членот 3, точките 1.12 и 1.13 се вели дека угостителските објекти се поделени на[79]:

- Сместувачки единици (угостителски објекти кои нудат само услуги за сместување на посетителите),
- Несместувачки единици (угостителски објекти кои нудат услуги за храна и пијалаци, но не и услуги за сместување).

Од друга страна, постои упатство (Прирачник со административни упатства) и развој на системот за проценка на сместувањето бр. 19/2013 година од Министерството за трговија и индустрија, каде во член 2 точка 1.3 се вели дека „угостителска дејност“ значи активност што нуди сместување, храна, пијалаци, забава, услуги за организирање на конференции, деловни услуги и многу повеќе “.

Според горенаведеното упатство, во член 2 точка 1.4. се вели дека „угостителските објекти“ вклучуваат хотелски одморалишта, хотели, апартмани, хостели, мотели, мотелски ресторани, преноќевалишта, пансиони, туристички села, етно села, вили, туристички апартмани, планински куќи, кампови за автомобили и одморалишта[80]. Хотелите се еден вид смествачки објекти кои на гостите им нудат комплетна услуга. Видот на хотелот и неговата

[79] Zakon o turizmu br. L-04/176, Službeni glasnik Republike Kosovo br.14, član 3, tačke 1.12 i 1.13, Priština, 2013
[80] Administrativno uputstvo za regulaciju i razvoj sistema za ocenu smještaja br. 19/2013, Ministarstva trgovine i industrije, Priština, 2013.

категорија се одредуваат според содржината и опремата на објектот, кои се важна компонента на квалитетот на неговите услуги[81]. Хотелскиот објект како целина го сочинуваат сите негови составни елементи кои гостите ги спознаваат преку услугата која ја добиваат, односно комплетниот ентериер и екстериер како делови на веќе споменатиот услужен амбиент на хотелот. Надворешниот дел на хотелот се однесува на спецификите на средината, што е дел од нематеријалните елементи на целокупниот хотелски производ. Теоретската претпоставка е дека гостите во хотелот го купуваат она што за нив го претставуваат индивидуалните елементи на хотелот како целина.

Што се однесува до ентериерот како дел од хотелскиот објект, тој е одреден од два важни аспекти[82]:

- Услугите и нивниот распоред во однос на циркулацијата на гостите низ објектот и
- Услужниот амбиент во објектот, т.е. атмосферата.

Хотелите работат во согласност со принципите на пазарот, и нивното работење бара соодветна техничка и технолошка опрема, функционална организација и персонал. Патем, хотелската индустрија како дејност припаѓа во рамките на угостителската економска дејност, која денес има значајна улога во развојот на туризмот на глобално ниво. Угостителството и туризмот претставуваат единствена економска област која се состои од три сектори: сместување, храна и пијалаци и разни видови угостителски објекти.

Министерството, во соработка со Косовскиот совет за туризам, развива систем на доброволна категоризација на сместувања, заснована објективни мерливи стандарди, во согласност со меѓународниот систем кој е достапен за регистрираните субјекти.

Министерството ќе донесе и подзаконски акти со кои ќе се регулира развојот на системот за проценка на сместување[83]. Категоријата на објектите се обележи со една, две, три, четири или пет ѕвезди. Бројот на ѕвезди, исто така, го покажува нивото на квалитет на одреден

[81] Čačić, K. (2013), Poslovanje hotelskih preduzeća, Beograd, Univerzitet Singidunum, str.167.
[82] Popesku, J. (2011), Menadžment turističke destinacije, Beograd, Univerzitet Singidunum, str. 213.
[83] Zakon o turizmu br. L-04/176, član 8, tačke 1 i 2, Priština, 2013.

хотел. Патем, сите големи хотелски групации имаат свои критериуми кои се многу прецизни и детални.

За да се добие појасна слика за сместувачките и угостителските капацитети во Опоље и Гора, односно општина Драгаш, ќе направиме анализа на тие објекти на терен. Туристичката понуда за сместување на подрачјето Опоље и Гора, односно општина Драгаш во сегашната фаза на развој е несоодветна и нецелосна. Сместувачките капацитети се ограничени, но и недоволно искористени во текот на деловната година, што главно се должи на лошата содржина на туристичкиот престој.

## 4.1 Угостителски капацитети за сместување во Опоље и Гора

Даватели на туристички и сместувачки услуги во општина Драгаш кои можат да бидат конкурентни во обласста се: туристичко-рекреативниот центар „Arxhena“ во Брод и хотел „Мека Шар“ во Драгаш, како и сместувачко рецептивниот амбиент на Видиковец кој е сè уште во изградба. Постојат и други објекти кои обезбедуваат туристички услуги на традиционална храна, како и приватни објекти кои се подготвени да примат туристи за ноќевања.

### 4.1.1 Хотел Мека

Хотелот Мека се наоѓа во центарот на Драгаш, со работа започнал во 2013 година, а во него има повеќе десетици вработени. Хотелот нуди ресторан a la carte кој служи локална и интернационална кујна, како и брза храна и супермаркети на лице место. Обезбеден е бесплатен Wi-Fi пристап, како и паркинг. Хотелот има вкупно 34 соби, еднокреветни, двокреветни и трокреветни, а сите имаат ТВ со рамен екран[84], еден дневен ресторан со 300 седишта, три простории за семинари, како и еден трговски центар од 900 м2. Хотелот Мека одржува 24-часовна рецепција, има стандардно сместување и оброци за своите посетители, и има градина со голема заедничка тераса.

Другите содржини на хотелот вклучуваат испорака на намирници, заеднички салон и место за складирање на багаж. Хотелот организира планинарски тури. Главната автобуска станица

[84] http://www.booking.com/hotel/xk/meka.sr.html

е 200 метри од хотелот. Резервациите во хотелот можат да се направат преку Booking.com. Веб сајтот постојано помага патниците да најдат совршен хотел за приватни и деловни патувања, секогаш со најдобри попусти и специјални понуди.

Слики бр. 18: Хотел Мека, Драгаш




*www. Meka hotel*

### 4.1.2 Туристичко рекреативен центар Arxhena

Туристичко-рекреативниот центар Arxhena се наоѓа на 12 км од Драгаш, зад селото Брод, на надморска височина од 1384 метри, во извонредно богато природно опкружување кое го одзема здивот, во близина на Душка река која е брза и чиста. Хотелот „Arxhena“ започна со работа во 2000 година во Брод, општина Драгаш - Косово, има 60 соби и 150 кревети, има категорија од 4 ѕвезди, работи во текот на целата година и се фокусира на домашни и странски туристи, има 20 постојани вработени во хотелот, а во текот на сезоната над 50. Хотелот ја поврзува старата косовска традиција со денешницата. Хотелот нуди a la carte ресторан, теретана, сауна и турска бања и ски-лифт што се искачува на падините на Шар Планина, на надморска височина од над 2000 метри, а се наоѓа во близина на хотелот[85].

[85] www.google.com/#q=hotel+arxhena+brod+dragash

Слика бр. 19: Хотел Arxhena, Брод



*Извор: Веб страница на хотелот*

Arxhena има квалитетна скијачка патека. Хотелот располага со модерни капацитети за сместување, сите соби се модерно опремени, имаат кабелска телевизија и бесплатен Wi-Fi интернет, биро, тоалет со туш и фен. Некои соби имаат и мини бар.

Слика бр. 20: Ски терени кај Хотел Arxhena, Брод



Хотелот располага со два ресторани, затворен и отворен, со стотици места, има две сали, една конференциска сала и една просторија за семејни прослави, кои се стандардно опремени за денешните посетители, и две тераси. Хотелот нуди 24-часовна рецепција и изнајмува опрема за скијање. Квалитетот на производот е на високо ниво, не може да се опише, само треба да се доживее. Хотелот организира разни настани, прослави, деловни состаноци, спортски активности во скијање, пешачење и други активности. Храната и пијалаците ги подготвуваат реномирани готвачи, ресторанот нуди локални и странски специјалитети. На овој амбиент е прилагодено многу богато мени со био храна: шарско јагне, шарско теле, шарско сирење, овчо кисело млеко, речна пастрмка, како и разни специјалитети како фљии, бурек (колпита и пити), домашна гибаница, проја, како и јадења на скара. Тие се подготвени на традиционален начин.

Слика бр. 21: Внатрешен изглед на ресторанот во Хотел Arxhena



*www. Hotel Axhena*

Вториот ресторан е на првиот кат на хотелот, кој е дизајниран според типични традиционални детали и се користи за различни намени: ручеци и вечери. Терасите даваат панорамски поглед кон врвовите на Шар Планина и реката. Мора да напоменеме дека хотелот „Arxhena“ се наоѓа во срцето на Националниот парк Шар Планина. Гостите можат да се релаксираат во барот и да играат пинг-понг бесплатно или да се прошетаат во незагадената природа полна со изненадувања и разновидни на пејзажи. Хотелот располага и со спа центар со сите придружни елементи, базен, џакузи, сауна, амам и фитнес соби, каде секој посетител може да ужива во просториите што ги нуди арома-терапијата и спортската

масажа, бесплатен паркинг, 24-часовна рецепија, соби и сала за состаноци со конференциски можности, градина, пералница за алишта, простории со комплетно модерна опрема. Сопственик на хотелот е самиот генерален директор, кој управува со другите услуги и вработените во овој туристички амбиент. Подолу ќе го покажеме органограмот на хотелот „Arxhena“.

Табела бр. 15: Органограм на хотелот Arxhena, Брод – општина Драгаш




Горенаведените сместувачки капацитети по својата понуда се позиционирани на високо место во однос на обезбедувањето на туристички услуги, во однос на конкурентите од областа (Брезовица и Маврово). Поради тоа, започнаа да се постигнуваат и резултати во туристичката валоризација на природните, етнографските и другите културни потенцијали на општината, т.е. во развојот на рекреативни, културни, екскурзиски и излетнички форми на туристички движења.

Доколку има иновативни туристички производи засновани врз локалните карактеристики на одредена област, тогаш е можно да се разликуваат туристичките дестинации.

Спецификите на одредени области се клучни за разликување на туристичките дестинации и зголемување на нивната конкурентност и одржливост[86].

Ова е, исто така, потврда на туристичките мотиви, и покрај ефектите од бројните ограничувачки надворешни и внатрешни фактори. Општина Драгаш, односно Опоље и Гора, имаат потенцијал да развијат и да стават на пазарот уникатна туристичка понуда која може да се интегрира во веќе постојната регионална понуда.

Табела бр. 16: Сместувачки капацитети по вид и локалитет во општина Драгаш

| Сместувачки објект | Локалитет | Планина | Надморска височина | Број на соби | Број на кревети |
|---|---|---|---|---|---|
| ХОТЕЛИ | | | | | |
| **Мека „Шар“** | Драгаш | Шар Планина | 1020 | 34 | 82 |
| **Arxhena** | Брод | Шар Планина | 1384 | 60 | 150 |
| **Цексон Видиковец** | Драгаш | Шар Планина | 1020 | / | / |
| МОТЕЛИ | | | | | |
| **Мотел Дашо** | Рестелица | Шар Планина | 1360 | 2 | 7 |
| ПРИВАТНО СМЕСТУВАЊЕ | | | | | |
| **Усен Курт** | Брод | Шар Планина | 1280 | 3 | 10 |
| **Биљгаип Зилје** | Брод | Шар Планина | 1280 | 2 | 4 |
| ПЛАНИНАРСКИ ДОМОВИ | | | | | |
| **ПД „Шутман“** | Радеша | Шар Планина | 1320 | 2 | 15 |
| ЛОВЕЧКИ КУЌИ | | | | | |
| **Ловечка куќа од Приштина** | Брод | Шар Планина | 1530 | 3 | 10 |
| **Ловечка куќа од Драгаш** | Рапча | Коритник | 1380 | 2 | 20 |
| БАЧИЛА СО СОБИ ЗА ГОСТИ | | | | | |
| **„Шар производи“ ДД од Драгаш** | Шутман | Шар Планина | 1970 | 2 | 10 |

[86] Romao, J. (2012). Tourism and Territorial Differentiation: An Analysis of the Competitiveness and Sustainability of Tourism, Ph.D Program in Tourism, University of Algarve, Faculty of Economics.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **„Шар производи“ ДД од Драгаш** | Попова Шапка | Шар Планина | 1780 | 2 | 20 |
| ВКУПНО: | | | | 112 | 328 |

*Извор: сопствена обработка*

Во општината Драгаш има вкупно 328 кревети, од кои 232 се во хотелски капацитети, 7 во мотели, 14 во приватно сместување, 15 во планински домови, 30 во ловишта и 30 во бачила. Од 328 кревети како што истакнавме, само 253 или 77,13% од креветите се во рецептивни објекти за комерцијален туризам. Квалитетот на некомерцијалните туристички капацитети е различен од оној во комерцијалните, со оглед на тоа што се работи за привремени резиденции, со комплициран имотен статус и тие во моментов се наоѓаат во многу тешка сопственичка состојба. Овие капацитети бараат дополнителни инвестиции, како во инфраструктурата така и во супраструктурата, со цел да се достигне нивото на модерните одморалишта, чии капацитети, за жал, најмногу се користат само три месеци годишно, но не и за туристички цели.

#### 4.1.3 Анализа на статистичките податоци за бројот на посетители и остварени ноќевања во хотелите Мека и Arxhena

При анализата на статистичките податоци за бројот на посетители и ноќевањата во хотелските капацитети во општина Драгаш, користевме различни извори за да собереме податоци, како што се: Косовската агенција за статистика (КАС), Секторот за туризам и угостителство при Министерството за индустрија и трговија на Косово, менаџерите на хотели кои се предмет на анализа, како и нивните служби одговорни за евиденција на посетители во нивните хотели. Косовската агенција за статистика (КАС), од 2008 година, во рамките на Секторот за економски статистики и национални сметки, собира и обработува квартални податоци поврзани со туризмот и угостителството во Косово. Од друга страна, Министерството за трговија и индустрија (МТИ) како и Секторот за угостителство и туризам служат како извор на дополнителни податоци и информации.

Агенцијата за статистика на Косово објавува статистички податоци за туризмот и угостителството добиени со статистички истражувања на целата територија со помош на регионалните канцеларии за статистика на оваа агенција (7 регионални канцеларии). Целиот процес се заснова на статистичката програма на агенцијата за: број на хотели, број

на вработени, сместувачки капацитети, број на туристи и ноќевања месечно и земја на потекло на туристите.

Врз основа на табелата број 17, податоците што ги добивме се од секторот за туризам и угостителство при Министерството за индустрија и трговија, за деловниот период 2018 година, во врска со хотелските амбиенти (Мека и Arxhena) во општина Драгаш, во однос на капацитет за ноќевање, број на посетители (домашни и странски) кои ја поминуваат ноќта во овие хотели во општина Драгаш, односно Опоље и Гора. Хотелот Мека и туристичко-рекреативниот центар Arxhena ги имаат следниве сместувачки капацитети, 94 соби со 232 кревети, најголем број домашни и странски посетители е забележан во декември, јануари и февруари, потоа во мај, јуни, јули и август, додека најмал број посетители во април. Ваквиот тренд се забележува и во други години, односно вкупниот број на домашни посетители бил 1.924, додека на странски, 715, односно 37,16% од странските посетители ноќевале во 2018 година во хотелите Мека и Архен во општина Драгаш.

Табела бр. 17: Капацитети за ноќевање, број на посетители, број на посетители кои ноќеваат (домашни и странски) во општина Драгаш во 2018 година

| **Капацитети за ноќевање, број на посетители, број на посетители кои ноќеваат (домашни и странски) во општина Драгаш во 2018 година** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Период** | Соби | Кревети | Домашни посетители | Домашни посетители со ноќевање | Странски посетители | Странски посетители со ноќевање |
| **јануари** | **94** | **232** | **134** | **134** | **5** | **8** |
| **февруари** | 94 | 232 | 152 | 152 | 42 | 43 |
| **март** | 94 | 232 | 64 | 72 | 44 | 45 |
| **април** | 94 | 232 | 18 | 18 | 28 | 29 |
| **мај** | 94 | 232 | 101 | 117 | 41 | 91 |
| **јуни** | 94 | 232 | 179 | 197 | 19 | 35 |
| **јули** | 94 | 232 | 81 | 200 | 53 | 172 |
| **август** | 94 | 232 | 241 | 241 | 86 | 135 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **септември** | 94 | 232 | 171 | 173 | 18 | 20 |
| **октомври** | 94 | 232 | 111 | 123 | 7 | 15 |
| **ноември** | 94 | 232 | 204 | 225 | 15 | 60 |
| **декември** | 94 | 232 | 250 | 272 | 17 | 62 |
| **Вкупно** | **94** | **232** | **1,706** | **1,924** | **375** | **715** |

*Извор: Министерство за индустрија и трговија, Сектор за туризам и угостителство, Косово, 2018 година*

Во продолжение, ќе направиме поединечна анализа на бројот на ноќевања на туристите во хотелите Мека и Arxhena.

Табела бр. 18: Број на ноќевања во хотел Мека за 2019 година

| Месеци | јан. | фев. | мар. | апр. | мај | јун. | јул. | авг. | сеп. | окт. | ное. | дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр. на ноќев.** | 155 | 44 | 61 | 14 | 21 | 39 | 62 | 35 | 2 | 8 | 18 | 53 |

*Извор: Косовска агенција за статистика, 2020*

Графикон бр. 4: Број на ноќевања на туристи во хотел Мека за 2019 година




*Извор: сопствена обработка*

Од графиконот број 4, можеме да видиме дека бројот на туристи кои користеле сместување во хотелот Мека за 2019 година е највисок во јануари (155), додека во септември е најмал

(2 туристи). Иако хотелот Мека е стандарден, врз основа на претходните истражувања, можеме да кажеме дека капацитетите за сместување на хотелот недоволно се користат во месеците април, мај, септември и октомври.

*Анализа на статистички податоци за бројот на посетители и остварени ноќевања во туристичкиот амбиент Arxhena во периодот од 2015 – 2019*

Табела бр. 19: Број на посетители во хотел Arxhena, Брод, во периодот 2015 -2019

| Година | Домашни туристи | Странски туристи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2015 | 11.651 | 2.067 | 13.718 |
| 2016 | 11.878 | 2.095 | 13.973 |
| 2017 | 13.616 | 2.402 | 16.018 |
| 2018 | 13.872 | 2.447 | 16.319 |
| 2019 | 14.680 | 2.590 | 17.270 |

*Извор: Сметководствена служба на хотел Arxhena 23.01.2020 год.*

Графикон бр. 5: Број на посетители во хотел Arxhena во периодот 2015 -2019




*Извор: Сопствена обработка*

Најмал број домашни и странски туристи во хотелот Arxhena е регистриран во 2015 година кога имало скоро 11.651 домашни посетители и 2.060 странски туристи, додека најголем

број странски и домашни туристи е забележан во 2019 година, кога имало околу 17.270 посетители, од кои 14.680 домашни и 2.590 странски.

Табела бр. 20: Број на ноќевања во хотел Arxhena за период од 2015 до 2019 год.

| Година | Дом. тур. | Стр. тур. | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2015 | 6.032 | 526 | 6.558 |
| 2016 | 5.764 | 643 | 6.407 |
| 2017 | 6.318 | 617 | 6.935 |
| 2018 | 7.011 | 813 | 7.824 |
| 2019 | 7.207 | 873 | 8.080 |

*Извор: Сметководствена служба на хотел Arxhena23.01.2020 год.*

Графикон бр. 6: Број на ноќевања во хотел Arxhena за период од 2015 до 2019 год.




*Извор: Сопствена обработка*

Врз основа на анализата на табелата бр. 20 и графиконот бр. 6, од бројот на ноќевања на туристи во хотелот Arxhena за периодот 2015 до 2019 година, може да се види дека бројот на домашни и странски туристи кои престојувале во хотелот Arxhena постојано се зголемува. Врз основа на горенаведеното, може да се заклучи дека туристичко-рекреативниот центар Arxhena, нуди задоволителна туристичка понуда и ги исполнува барањата на современите туристи. Ова туристичко и рекреативно деловно опкружување е потенцијален конкурент на туристичкиот пазар на Косово и пошироко.

## 4.2 **Угостителски објекти за храна и пијалаци**

Угостителските објекти за храна и пијалаци се места каде што се подготвува и сервира храната, а подготвените оброци можат да се користат во амбиентот каде што се консумираат или надвор од него. Исто како и сместувачките капацитети, угостителските објекти се регулирани со Законот за туризам на Косово[87].

Угостителски амбиенти за храна и пијалаци, како најчеста форма на објекти во Косово, може да бидат:

- Ресторани (ресторани, гостилници, млечни ресторани, градинарски ресторани, ќебапчилници, пицерии, ресторани за брза храна),
- Барови (кафулиња, кафетерии, ноќни барови, дискотеки, пиварници)
- Кантини и други објекти за храна и пијалаци.

Секој угостителски амбиент за храна има одреден концепт врз основа на кој го гради својот имиџ. Концептот за вредноста на амбиентот, т.е. ресторанот, потекнува од барањата на потрошувачите. Powers ги наведува следниве пет елементи што го сочинуваат деловниот концепт на секој ресторан[88]:

- Менито,
- Стратегија за производство (подготовка) на храна,
- Услугата,
- Цената,

---

[87] Zakon br. 03/l- 168 o turizmu i turistickim uslugama, Priština, mart, 2010.
[88] Čačić K., Poslovanje hotelskih preduzeća, Univerzitet singidunum – Beograd, 2013. str. 129.

- Декорот и амбиентот.

***Мени*** - станува збор за асортиманот на производи и услуги на ресторанот. Во основа, постојат две вида на ресторански асортимани со бројни варијанти, и тие честопати се соодветни комбинации. Првиот вид е заснова на традиционални (класични) јадења и пијалаци, проследен со ист таков начин на сервирање. Вториот е заснован на принципот на брза храна. Во обете форми, потрошувачот има на располагање мени во кое може да одлучи за производот што ќе го консумира според неговиот избор.

***Стратегијата за производство (подготовка) на храна***, исто така има две форми:

- Традиционална подготовка на храна,
- Современа подготовка на храна.

Секој ресторан самостојно одлучува која стратегија за производство на храна ќе ја примени, а честопати тоа зависи и од желбите на потрошувачите.

***Услуга*** - Успешен концепт за ресторан се креира врз основа на потрошувачот. Целата работа во ресторанот треба да биде дизајнирана да ги задоволи потребите на потрошувачите. Нивото на услугата зависи првенствено од видот на ресторанот. Услугата во ресторанот се категоризира како директна и индиректна услуга. Директната услуга во ресторанот се однесува на храната и пијалаците, додека индиректната се однесува на употреба на телефони, оставање багаж, итн. Во зависност од концептот на ресторанот, раководството треба да го утврди нивото на понудена услуга. Во рамките на концептот на ресторанот, не треба да се утврдат само услугите за храна и пијалаци, туку и индиректните аспекти на услугата.

***Цена*** – цената на ресторанот ја надополнува сликата за концептот на ресторанот. Цената варира во зависност од видот на ресторанот и карактеристиките на цената на пазарот каде што е наменета понудата. Продажната цена треба да биде прифатлива за пазарот и да биде профитабилна за ресторанот.

Главните фактори кои влијаат на цената се:

- Конкурентна цена,
- Износ на директни трошоци,

- Работни трошоци,
- Други трошоци,
- Очекувана добивка,
- Висина на профитот.

***Декорот и амбиентот*** на ресторанот се клучни елементи на неговиот концепт. За амбиентот на ресторанот и околината, расположението и состојбата, важен е субјективниот фактор, но и материјалниот фактор на средината. Елементите што го сочинуваат амбиентот и декорот во ресторанот се архитектурата, декорацијата, исправноста на техничките уреди, квалитетот на услугата, итн. Архитектурата на ресторанот мора да одговара на околината и заедно да формираат една целина. Внатрешниот дизајн и декорирањето на сите простории во ресторанот, еколошки чистата средина придонесуваат ресторанот да биде привлечен за посетителите. Добриот амбиент и атмосфера придонесуваат за пријатна комуникација со потрошувачите и токму затоа тие во најголем дел се креатори на доброто расположение за гостите.

Бројот на угостителски објекти на општинско ниво за 2020 година по региони во Опоље и Гора ќе биде прикажан на следната табела. Во Гора го вклучивме административниот центар Драгаш, за полесно евидентирање на капацитетите на храна и пијалаци.

Табела бр. 21: Угостителски капацитети за храна и пијалак во Опоље и Гора – 2020 год.

| **Видов на објекти** | **Ресторани** | **Слаткарници** | **Ќебапчилници** | **Пекари** | **Трговски продавници** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Опоље** | 13 | 17 | 6 | 6 | 30 |
| **Гора** | 9 | 12 | 12 | 5 | 53 |
| **Вкупно** | 22 | 29 | 18 | 11 | 83 |

*Извор: Сопствена обработка – јануари 2020 год.*

Графикон бр. 7: Угостителски капацитети за храна и пијалак во Опоље и Гора – 2020 год.




*Извор: Сопствена обработка – јануари 2020 год.*

Табеларниот и графичкиот преглед покажуваат дека има 83 трговски продавници, проследено со 29 слаткарници, 22 ресторани, 18 ќебапчилници и 11 пекари.

Најголем број од деловните и угостителските објекти се концентрирани во административниот центар на градот Драгаш, а потоа во двата деловни подцентри: Рестелица и Бродосавце, кои имаат десетици деловни активности, и помалку во другите села. Во повеќето села, угостителските објекти работат сезонски, во текот на летната сезона, кога е присутна дијаспората, претежно во јули и август.

# 5 СООБРАЌАЈНА ПОВРЗАНОСТ СО ОКОЛИНАТА И ДИЈАСПОРАТА

## 5.1 Копнена поврзаност – патен и железнички сообраќај

Инфраструктурната комуникација е неопходна во секојдневниот живот и незамисливо е дејноста на туризмот да се одвива без патна комуникација. Современиот туризам бара развиени патишта, како што се европските. Сепак, целокупниот економски развој на Косово бара ефикасно подобрување на патната комуникација со цел туризмот како систем непречено да се развива со другите економски активности на Косово. Во продолжение, ќе дадеме кратка анализа на патната инфраструктура на Косово, со цел да објасниме каде се

регионите Опоље и Гора, односно општината Драгаш. Регионалните патишта во Косово се долги околу 1,110 км и се движат во правец север-југ (190 км) и исток-запад (150 км). Целата територија на Косово има патна мрежа од 8552 километри, железничка мрежа од 330 километри на сите четири страни на земјата со приштинскиот центар и еден меѓународен аеродром во Приштина[89].

Повеќето патишта во Косово се изградени во 1960-тите години, преку Министерството за инфраструктура на СФР Југославија. Денес, надлежното Министерство за инфраструктура на Косово изгради 1.951 км патна мрежа, од кои 647 км се државни патишта и 1304 км регионални патишта[90]. Општините покриваат 6.571 км од патишта од кои 571 км се градски патишта и околу 6.000 км локални патишта. Повеќето државни и регионални патишта имаат две ленти и ги исполнуваат меѓународните стандарди за изградба на патишта.

Патната инфраструктура на Косово е поделена на:

- меѓународни патишта (автопати),
- магистрални патишта,
- регионални патишта и
- локални патишта (урбани и рурални патишта).

Со помош на магистралните патишта[91], Косово се поврзува со соседните земји во регионот и со другите европски земји. Најпрометниот сообраќај се одвива на магистралните патишта М2 и М9 затоа што тие се поврзуваат со главниот град Приштина. Автопатот М2 на северот на Косово ја поврзува земјата со Србија и Македонија на југ, односно ја поврзува Приштина со европските коридори 7 и 10. Автопатот М9 ја поврзува земјата со источната граница со Србија и од спротивната страна ги поврзува градовите Приштина и Пеќ со западната граница со Црна Гора. Овој пат е значаен затоа што ги поврзува споменатите градови, кои се сметаат за многу важни туристички центри на земјата, како и заради фактот што ја поврзува земјата со Црна Гора и на тој начин го олеснува движењето на туристите во двата правци.

[89] Rashica E., Infrastruktura rrugore e Kosovës, Priština, 2016, str. 4.
[90] www. Ministarstvo za infrastrukturu R. Kosova.
[91] Ibid, str. 4.

Главниот пат М25 ги поврзува Србија и Албанија, односно првиот граничен премин од Србија - Мердаре на север со Морина на југот на земјата, граничниот премин кон Република Албанија. Општината Драгаш е поврзана со овој пат на оддалеченост од 20 км, на граничниот премин Морина кон Албанија, и на југот од Призрен, на раскрсницата „Призрен југ“.

Карта бр. 5: Магистрални патишта на Косово




*Извор: Rashica E., Infrastruktura rrugore e Kosovës, Priština, 2016*

Косово се поврзува со соседите Македонија, Албанија, Црна Гора и Србија преку 10 гранични премини.

Општина Драгаш (Опоље и Гора), со остатокот од Косово се поврзани со регионалниот пат Призрен - Драгаш. Во рамките на самата општина, има три регионални патишта, првиот е Призрен преку Жупа - (Заплужје) Опоље, вториот е Призрен - Драгаш - Рестелица и третиот е Драгаш - Брод. Во општината Драгаш има околу 570 км патишта и патеки, од кои околу

половина (178 км) се достапни за возила[92], а асфалтирани се сите патишта до селата во рамките на општината (2018).

не само што го поделија општеството на различни начини, туку влијаеја и на самата дијаспора и на тоа како дијаспората ја перципира својата татковина и општеството во неа. Самата дијаспора, понекогаш, се гледа себеси како една група, но дури и таа група, во најголем дел, е внатрешно многу поделена и разновидна. Косовската дијаспора е потенцијал од големо значење, иако се наоѓа надвор од територијата на својата татковина, таа е составен дел на духовната и материјалната култура на историјата на народот на Косово. Со оглед на бројот на население во земјата на потекло, Косово се смета за една од земјите со многу голема дијаспора. Имиграцијата во странство се одвивала во различни фази. Се верува дека почетоците на иселувањето на косовската дијаспора биле од почетокот на минатиот век, кога стотици илјади семејства масовно биле подложени на злобна политичка кампања, добар дел од нив емигрирале од економски причини во тоа време. Повеќето од иселениците се упатиле кон Турција. Денес се верува дека иселениците од Косово се многу голема заедница во оваа земја (сè уште нема точни потврдени податоци). Косовската дијаспора е распрскана низ целиот свет, но таа е тесно поврзана со земјата на потекло, како што може да се види во нејзиниот ангажман за Косово, во сите свои процеси во кои Косово помина низ историјата. Најдобрата и најзначајната поврзаност на Косово со земјите во кои дијаспората работи и живее, отсекогаш била и останува. Покрај тоа што главно се дистрибуира во западните земји, косовската дијаспора се карактеризира и со нејзината интеграција во земјите во кои овие луѓе живеат и работат, а истото важи и за помладите генерации кои се родени и израснати далеку од својата татковина. Дистрибуцијата и повеќедецениското дејствување на оваа дијаспора, ги одредува елементите кои го изразуваат нејзиниот потенцијал, што имал и сè уште има одредена тежина за Косово. Дијаспората игра особено важна улога во 90-тите и 1999-тата, кога финансираше независен образовен и здравствен систем, како и други сфери на животот на Косово. Косовската дијаспора одигра голема улога во слободата и независноста на Косово. По завршувањето на војната во 1999 година и воспоставувањето на меѓународната администрација на УНМИК на Косово, во тој период улогата на косовската дијаспора почна да слабее и постепено да опаѓа, и се создаде јаз меѓу дијаспората и Косово. По војната, многу политички и неполитички организации и здруженија кои работеа во дијаспората станаа значително пасивни, а некои од активистите кои работеа таму се вратија во Косово и се вклучија во политичкиот и економскиот живот на земјата.

По прогласувањето на независноста на Косово во 2008 година и преминот од привремени институции во државата, во институции со целосни правни и политички одговорности, Република Косово презеде сериозни чекори кон посилна врска со дијаспората, кои се институционално значајни. Во 2011 година, Владата на Република Косово го основа Министерството за дијаспора, како наследник на Агенцијата за дијаспора, која работеше во Кабинетот на Премиерот. По првиот устав на Собранието на Косово, во февруари 2020 година, Министерството за дијаспора беше споено со Министерството за надворешни работи на Косово.

Скоро сите општини во Косово имаат специјални канцеларии за дијаспората или назначени службени лица, со што се одржува координација со нивната дијаспора, да им помогне на мигрантите обезбедувајќи совети во различни области од интерес и олеснувајќи дел од услугите што ги даваат општините. Со оглед на големиот придонес на дијаспората во слободата и независноста на земјата, придонесот во однос на дознаките, Косово сега признава дека има потреба од поддршка во зачувување на идентитетот, културата и јазикот во земјите каде што е концентрирана дијаспората, но од друга страна, дијаспората може да придонесе и на други начини, што директно ќе влијаат на економскиот развој на земјата. Ова вклучува директна инвестиција во деловни активности, развој на меѓународниот пазар и трансфер на знаење и искуство стекнато во странство. Косово како најмлада земја во Европа, нејзината дијаспора игра многу важна улога во позитивниот одраз на косовското општество во западните општества. Затоа, дијаспората игра исклучително важна улога во креирањето позитивна слика за Косово во однос на другите земји.

Историски гледано, можат да се идентификуваат четирите најголеми бранови на емиграција од Косово (Југославија), кои и понатаму влијаат на перцепциите во дијаспората. Во извештајот објавен во 2008 година, Централната банка на Косово ги опишува фазите на емиграција на Косово.

Се проценува дека околу 800.000 луѓе од Косово емигрирале во три периоди:

- Во периодот од 1960 до 1980 година, емигрирале околу 14%,
- Во текот на 1990-тите, што претставуваше околу 59% од вкупниот број иселеници; и

- За време на војната во Косово во 1998-1999 година, кога емигрирало 27% од населението.

***Емиграција во 1960-тите и 1980-тите***. СФР Југославија ги отворила своите граници кон граѓаните кои сакале да емигрираат во западноевропските земји каде што во тоа време имало побарувачка за ниско квалификувана работна сила (оваа дијаспора е позната како гастарбајтери / „гостински работници“). Околу еден милион работници од цела Југославија заминале претежно во Западна Германија, Швајцарија и Австрија. Тие биле третирани како херои на југословенската држава, затоа што им праќале пари дома на нивните семејства. Бидејќи овие привремени работници сепак решиле да останат во земјите домаќини, нивните семејства подоцна им се приклучиле (врз основа на обединување на семејството).

***Емиграции во текот на 1990-тите години***. Во текот на 1990-тите години, имало три бранови на емиграција. Поради граѓанската војна во Југославија, голем број Косовци беа раселени од тогашната Федерална Република Хрватска, Сојузна Република Босна и Херцеговина, како и од Косово. Економијата беше уништена и многу компании беа институции спонзорирани од државата заради одржување на социјалниот мир, во кој немало иднина за работниците, туку само за раководството. Таа неизвесност влијаела на средната класа, која сакала да емигрира во потрага по понормален живот за своето семејство, исто како и младите и високообразованите, кои барале можности да го продолжат своето образование и успешно вработување во професијата. Постојат и многу случаи кога овие лица биле повикувани од најблиските роднини, во одреден момент, да дојдат во странство, но повеќето членови на семејствата на овие мигранти останале дома.

Процесот на масовна емиграција продолжил и ***за време на војната во 1998-1999 година на Косово***, но и по неа. Во тој период економијата била уништена и многу компании пропаднале, целиот систем се менувал, реформите биле бавни и исклучително тешки, за луѓето кои чекале значителни промени во споредба со предвоениот период. Во овој период, во емиграцискиот процес доминираат високо квалификувани луѓе. Транзицијата и приватизацијата ја зголемиле невработеноста и донеле големо разочарување и изгубена надеж, бидејќи новиот систем не ја модернизирал земјата, туку ја довел во согласност со контекстот на европските интеграции. Едно нешто што особено го карактеризира процесот на иселување во овој период е големото разочарување во демократските промени во

периодот по 2008 година и уште поголема недоверба, заради политичките настани во Косово. Овој процес е сѐ уште во тек, бидејќи фазата на транзиција, па дури и процесот на приватизација, сѐ уште не е завршен.

Овие податоци не го вклучуваат периодот на емиграција во Турција. Од глобална перспектива, се проценува дека во светот има околу 215 милиони луѓе кои живеат во трета земја, различна од местото каде што се родени, а тоа е број кој се зголемил за трипати во последните 30 години. Денес живееме во свет кој е повеќе глобализиран, меѓусебно поврзан и меѓусебно зависен од порано. Повеќето земји сфаќаат дека дијаспората е важен ресурс. Иако малку од нив се справиле со ова во минатото, сега е во интерес на скоро сите земји кои се обидуваат да најдат начини да се поврзат и соработуваат со дијаспората[120].

Во минатото, Косово имало други причини што го принудувале дел од населението да ја напушти својата земја и да се пресели во други земји. Денес, ситуацијата и причините за миграцијата се значително променети, а во продолжение ќе ги наведеме тие причини.

Главните причини за иселување се следниве:

- Политички причини кои датираат од 1999 година,
- Економско-социјални причини кои се релевантни за сите периоди,
- Семејно обединување,
- Воени настани во периодот 1998 - 1999 година,
- Образование,
- Здравствени причини и
- Други причини.

[120] http://diasporamatters.com/why-diaspora-matters/, 18. 05. 2013.

Табела бр. 22: Дијаспора на Косово и нивните причини за миграција[121]

| **Причини за миграција** | **%** |
|---|---|
| Економски | 32.25 |
| Политички | 8.41 |
| Соединување на семејството | 48.99 |
| Образование | 0.87 |
| Здравје | 0.35 |
| Воени настани | 8.48 |
| Останати причини | 0.67 |
| Вкупно | 100 |

Графикон бр. 8: Причини за миграција на Косово[122]




[121] Rezultatet preliminare të regjistrit të Diasporës, Prishtinë, 2017. faqa 59.
[122] Ibid, faqa 59.

Како што може да се види од графиконот 8, најголеми причини за неодамнешната миграција на косовската дијаспора се семејното обединување, 48,99%, по што следат економски причини 32,25%, војната во 1999 година, 8,48%, политичките причини 8,41%, потоа образованието 0,87% и здравството причини 0,35%. Околу 30% од косовските семејства имаат една или повеќе членови на семејството кои живеат и работат во странство. Во продолжение, ќе анализираме во табеларна и графичка форма во кои земји најмногу се концентрира косовската дијаспора.

Табела бр. 23: Косовската дијаспора во земјите со поголема фреквенција[123]

| **Држави** | **%** |
|---|---|
| Германија | 36.77 |
| Швајцарија | 29.3 |
| Италија | 4.94 |
| Шведска | 4.62 |
| Австрија | 4.30 |
| Франција | 3.79 |
| Белгија | 2.47 |
| В. Британија | 2.44 |
| САД | 1.97 |
| Норвешка | 1.56 |
| Словенија | 1.32 |
| Финска | 1.07 |
| Холандија | 0.9 |

[123] Rezultatet preliminare të regjistrit të Diasporës, Prishtinë, 2017. faqa 53.

| | |
|---|---|
| Данска | 0.71 |
| Канада | 0.63 |
| Останати земји | 3.20 |
| **Вкупно** | **100** |

Графикон бр. 9: Косовската дијаспора во земјите со повисока фреквенција[124]




Косовската дијаспора живее и работи скоро во сите европски земји, врз основа на табелата бр. 23 и графикон 9, можеме да заклучиме дека таа е најзастапена во Германија (37%) и Швајцарија (29%), потоа во Италија, Австрија, Шведска, Франција и други европски земји, но и во Соединетите Американски Држави и Австралија. Поголемиот дел од косовската дијаспора, 60% од нив се државјани на земјите во кои живеат, околу 34% имаат привремен престој (2-10 години), од кои 1,3% имаат привремен престој, а останатите 6% немаат дефиниран статус[125].

[124] Ibid, faqa 53.
[125] Raporti i fundvitit 2008 i BQK.

Се проценува дека околу една третина од вкупното население на Косово живее во странство[126]. Оваа бројка е многу поголема ако се земат предвид оние што живеат во Турција. Но, нема целосни официјални податоци за бројот на нашата дијаспора: каде живеат, нивната возраст, пол, нивото на образование, нивниот социјален статус или нивниот инвестициски потенцијал во Косово. Владата на Косово усвои Концептен документ кој го отвора патот за почеток на процесот на изготвување регистар на дијаспората, додека Министерството за дијаспора подготвува план за имплементација на овој проект[127]. Практиката на политичко претставување на дијаспората во нивните матични извршни и законодавни тела на централно ниво, како што се Собранието и Владата на Косово, како што веќе се имплементирани од некои земји во регионот. Република Македонија и Хрватска имаат определено места за дијаспората во своите парламенти. Албанија формираше Национален институт за дијаспора, додека државите во регионот формираат специјален парламентарен комитет за прашања од дијаспората[128]. Во истражувањето, се фокусиравме на квалитативен пристап кој опфаќа четири димензии (или, како што ги дефиниравме, „рамки“) на анализа: институционална рамка, регулаторна рамка, социо-политичка рамка и рамка за деловна дијаспора. Некои земји ширум светот ја следат практиката да резервираат места во парламентот за нивната дијаспора. Во моментов, можноста на косовските институции да одговорат на овие барања е ограничена. Бидејќи вакво нешто има директно влијание врз измената на Уставот на Република Косово, а тоа сепак не може да се направи на среднорочен план. Како и да е, наоѓањето можности и начини на претставување на дијаспората останува приоритет за иднината. Во овој поглед, Министерството за дијаспора треба да преземе процедурални правни чекори и да побара од парламентарната комисија за уставна и изборна реформа да назначи 5 места за дијаспората во Собранието на Република Косово.

[126] Ibid
[127] Strategija za dijasporu i migraciju 2013-2018, Priština, Juli 2013. str. 16.
[128] Ibid, str. 16.

## 7.2 Косовската дијаспора како потенцијал за економски развој на земјата

Косовската дијаспора е важен фактор во социо-економскиот развој на Косово. Сепак, овој потенцијал останува недоволно искористен и фокусиран на продуктивни активности што би можеле да имаат ефекти од економска природа. Статистиката во Косово покажува дека дијаспората испраќа околу 600 милиони евра годишно[129]. Студијата за парични средства на УНДП за 2012 година покажува дека 25% од домаќинствата во Косово добиваат пари, роба и услуги од дијаспората. Според истиот извор, половина од средствата се користат за општа потрошувачка, 18% се користени за изградба на домови и поправки, 17% за здравствени цели, 15% за образование и само скромен дел од 3% за инвестиции во производство и претприемачки активности. Според извештајот на УНДП (2012), повеќето парични инвестиции се однесуваат на набавка на недвижен имот за лична употреба (59,8%) и семејни бизниси (23,3%). Инвестициите во секторот услуги сочинуваат 5,6% од вкупните инвестиции, додека иселениците воопшто не инвестираат во секторот производство. Главните причини зошто дијаспората не планира да инвестира во нашата земја, според студијата на „Риинвест“ - 2012 година, се следниве[130]:

- недостаток на информации од косовските институции за можностите за инвестирање,
- корупција и
- неповолна фискална политика во земјата.

Недостатокот на официјална статистика претставува предизвик да се спроведат специфични студии и анализи кои претставуваат основа за креирање политики во земјата. Податоците за инвестициите од дијаспората се во контекст на странски инвестиции во Косово, па малку може да се каже за тоа колку реални инвестиции има на Косово. Од друга страна, треба да се создаде пакет специфични стимулации за потенцијални инвеститори од дијаспората, кои ќе служат за насочување на средства за претприемачки и производствени активности. Преку механизмот за поттикнување, ефектите од стимулативните политики, од една страна, би ги зголемиле продуктивните инвестиции во деловните активности на

---

[129] Corporate governance in publicly owned Enterprises in Kosovo, Improving transparency and governance of public funds in Kosovo, Prishtina, 2012. pp. 27.
[130] Ibid, pp. 16.

Косово, додека од друга страна би придонеле за вмрежување на компаниите од дијаспората во Косово, и тоа да послужи како мост за зголемување на извозот на косовските производи на европскиот и светскиот пазар. Знаејќи дека дијаспората на Косово има развиена мрежа на силни компании кои работат низ целиот свет, тоа може да има многу важна улога во економскиот развој на нивната татковина. Ваквата практика на косовската дијаспора треба да дојде до израз на Косово, со цел економијата на земјата да започне да се подобрува, т.е. да се промени на подобро.

### 7.3 Поврзаност на дијаспората со матичниот простор

На Косово постои голем проблем затоа што не постојат официјални статистички податоци на национално ниво неопходни за квантитативна анализа на работењето на дијаспората и влијанието на инвестициите, како и конкретни податоци за инвестициите на дијаспората на национално и локално ниво. Како и да е, досега ниту едно истражување не направило прецизна разлика помеѓу различните развојни ефекти на дијаспората и се наведуваат само теоретските елементи на социјалните дознаки од странство, трансферот на знаење и локалниот пристап. Иако врз основа на тоа можат да се идентификуваат важни елементи, тоа сепак не дозволува да ги идентификуваме развојните специфики на деловната дијаспора и нивните инвестиции и не овозможува да ги анализираме разликите во рамките на деловната дијаспора. Нивните мотиви, цели и пристапи се многу различни и имаат различни крајни резултати за економијата на матичната земја. Важноста на дијаспората на национално ниво секако е оценета и била предмет на анализа во неколку наврати во последните десет години, како што споменавме порано во претходните поглавја. Десетици конференции, работилници и обуки се организирани на тема зајакнување на централните институции и можната улога на дијаспората во економскиот развој на матичната земја. Она што е секогаш важно и за што треба постојано да се работи е тоа дијаспората да претставува потенцијал за развој на централно и локално ниво на Косово. Всушност, никогаш не се разгледувало прашањето како да се развива континуирана развојна и успешна соработка со цел да се донесе развојот на дијаспората дома. Потребно е да се разгледа кои проблеми постојат во системот и како тие можат да се решат во контекст на државата, локалните актери и дијаспората, а не сето тоа да се прави во форма на апстрактни предлози и рамки на странски модели кои не функционираат на Косово.

## 7.4 Дијаспората од Опоље и Гора

Дијаспората од регионите Опоље и Гора е доста изразена, ист е случајот и на државно ниво. Нема детални статистички податоци за дијаспората од овие региони од поново време, и поради тоа ќе бидат прикажани податоци од 2007 година. Иселувањето на работоспособното население го ослабува човечкиот потенцијал за економски развој и обратно, враќањето на таквата популација ги зајакнува тие потенцијали. Неразвиените области се главниот извор на миграција, мотивиран од економски причини, како што е случајот со регионите што се предмет на проучување на докторската дисертација. Повеќе од половина од населението од овие региони е во дијаспората и во регионот, т.е. во границите на поранешните југословенски републики и во другите европски земји.

Овие региони доживеале „умерена загуба“ на постојаното население, како резултат на внатрешната миграција во Косово[131]. Врз основа на официјалните податоци, собрани од терен во 2007 година во Опоље и Гора, било утврдено дека општина Драгаш има многу голем број емигранти кои живеат во странство. Според овие резултати, вкупно 1.443 семејства од регионот на Опоље живеат во странство, или имаат членови на семејство кои живеат во странство. Вкупната бројка на луѓе кои живеат во странство изнесува околу 6.609. Ако се спореди овој факт со вкупното население[132], може да се заклучи дека дополнителни 25,84% од населението во регионот на Опоље живее во странство[133]. Што се однесува до статистичките податоци за дијаспората од регионот на Гора, ќе биде презентирана анализата од истражувањето спроведено од Канцеларијата на заедници на општина Драгаш, во 2007 година. За време на истражувањето, оваа канцеларија била во соработка со Исламската заедница во Драгаш, користејќи ги нивните списоци за членство, кои се сметаат за официјални податоци на нивната канцеларија. Во 2007 година, оваа канцеларија спровела теренско истражување во регионот Гора и направила споредба на пописниот список од 2007

---

[131] “Ljudi u pokretu: analiza međunarodnih, nacionalnih i lokalnih mobilnosti ljudi Kosova”, Agencija za statistiku Kosova, Popis na Kosovu 2011.god.

[132] Dana, H. “Diploma Work – Opoja in external migration: Reasons, losses and benefits”, Prishtina 2007.

[133] Clarification: This data was obtained through the registration of emigrants, and was conducted from 20 May 2007 until 08 July 2007. This analysis took a sample of 10% of those included in the questionnaire (145 persons). From UNDP report on Population Projections for Dragash/Dragaš, Gollopeni, B., June 2012.

година со резултатите добиени од терен од страна на Канцеларијата на заедници. Во продолжение, преку табеларен приказ ќе ги претставиме нивните резултати.

Табела бр. 24: Компарација на податоците на Исламската заедница во Драгаш и Канцеларијата на заедници, во врска со нивото на емиграција во селата во Гора за 2007 год.

| Село | Регистрирани жители (2007) | Постојани жители (2007) |
|---|---|---|
| **Бачка** | 715 | 360 |
| **Брод** | 2.544 | 1.25 |
| **Диканце** | 912 | 133 |
| **Драгаш** | 1.479 | 470 |
| **Глобочица** | 1.538 | 625 |
| **Крстец** | 1.241 | 242 |
| **Крушево** | 1.000 | 630 |
| **Кукуљане** | 1.540 | 285 |
| **Лештане** | 1.427 | 190 |
| **Љубовиште** | 1.200 | 355 |
| **Млике** | 1.254 | 100 |
| **Орчуша** | 777 | 530 |
| **Радеша** | 2.084 | 950 |
| **Рапча** | 2.483 | 823 |
| **Рестелица** | 5.800 | 4.250 |
| **Враниште** | 2.100 | 290 |

| | | |
|---|---|---|
| **Злипоток** | 925 | 325 |
| **Вкупно:** | **29.019** | **11.007** |

*Извор: План за развој на општина Драгаш за периодот 2013 – 2023. Драгаш, јуни 2013 година, стр. 35.*

Врз основа на резултатите прикажани во табела 24, околу 62% од регистрираните жители на регионот Гора во општина Драгаш живеат надвор од местото на регистрација, односно повеќето од нив живеат во странство, додека 38% од населението се постојани жители во Гора. Поради традиционално тесната поврзаност со својата татковина, односно општината Драгаш, дијаспората како целина, заради традиционалното и културното искуство на семејството, својот капитал го инвестира во изградба на станбени куќи во местото на потеклото на семејството, без оглед дали се наменети за постојан престој или не. Испразнетите станови како и големиот прилив на семејства од дијаспората во текот на летото сведочат за поврзаноста со „домот“ на Косово и Драгаш. Дијаспората веќе има значаен придонес во изградбата на нови објекти низ целата општина, преку изградбата на објекти и барајќи соодветно ниво на инфраструктура или обезбедување услуги за задоволување на своите потреби. Денес, тие го инвестираат својот финансиски капитал во својата татковина во изградба на објекти за економски развој. Дијаспората на овие региони е тесно поврзана со татковината и претставува еден од неизбежните развојни потенцијали за социо-економски развој. Со анализа на истражувањата што ги спроведовме при подготовката на докторската теза, побаравме одговори на прашањата: во кои земји се наоѓа дијаспората на Опоље и Гора, колку години е дијаспора од овие краеви и со каков бизнис се занимава дијаспората од Опоље и Гора. Врз основа на статистичката анализа на овие прашања од анкетниот прашалник, дојдовме до следните резултати:

Во која држава сте дијаспора?

Врз основа на добиените резултати во графиконот бр. 10: 32% од испитаниците се дијаспора од Италија, 24% од Германија, 17% од Швајцарија, 9% од Франција, 8% од Австрија и останатите од Финска, Шведска, Македонија, Белгија и Србија.

Графикон бр. 10: *Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр. 1*




Колку години сте дијаспора?

Врз основа на добиените резултати од графиконот бр. 11: 63% од испитаниците се дијаспора повеќе од 15 години, 17% од испитаниците се дијаспора од 10 до 15 години, 13% од испитаниците се од 5-10 години, додека 7% од испитаниците се до пет години дијаспора.

Графикон бр. 11: *Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр. 2*



Со кој вид на бизнис се занимавате?

Врз основа на графиконот бр. 12., Секторот за вработување првенствено е градежништво 72%, 4% услужни активности, 6% од дијаспората работат во областа на туризмот, 8% во здравството и 10% во хотелската индустрија.

Графикон бр. 12: *Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр. 3*




Врз основа на изнесеното, можеме да заклучиме дека дијаспората од Опоље и Гора е многу работно активна.

## 7.5 Посетеност и престој на туристи од дијаспората во Опоље и Гора

Постои јасна разлика помеѓу реалната состојба со миграцијата во Опоље и Гора и официјално евидентираната состојба. Информациите добиени преку собирање на податоци од терен се значајни, заради помошта при дефинирање на нивото на миграција во Опоље и Гора и промените кои настануваат во текот на годината како последица на просторното планирање. И покрај недоследностите во овие различни национални, службени и локални статистики за миграцијата и населението, земајќи го предвид нивото на население и податоците собрани на теренот, се претпоставува дека населението во регионите Опоље и Гора се зголемува за приближно една четвртина до една третина во одредени периоди во годината. Како што продолжува миграцијата, условите за живот на помладите генерации стануваат се потешки (пристапот до образование, вработување и бенефиции што може да

бидат откажани заради недостаток на интерес), зголемувајќи ја веројатноста за понатамошна емиграција од овие региони. Недостатокот на население, исто така, има негативно влијание врз инфраструктурата и физичкиот изглед на населеното место, бидејќи патеките и патишта стануваат обраснати со вегетација заради некористењето и неодржувањето, се занемарува недвижен имот и инфраструктура, а во некои случаи постои зголемен број на пријавени провали во станбени и деловни објекти. Варијациите во промената на бројот на населението може да се објаснат со географски фактори и промени во општествените норми. Како што наведовме во претходниот дел, дијаспората на овие региони е тесно поврзана со татковината и е под влијание на различни фактори, како што се: традицијата, обичаите и културата од овие области. Актуелни статистички податоци за посетеноста и престојот на туристите од дијаспората во Опоље и Гора е невозможно да се претстават, па затоа во ова поглавје ќе ги презентираме нашите забелешки до кои дојдовме работејќи на оваа проблематика во Опоље и Гора, односно во општина Драгаш.

Врз основа на традиционалните и културно-историските навики, дијаспората во споменатите региони доаѓа најмалку двапати годишно, додека помладите генерации доаѓаат три пати годишно. Тие доаѓаат постојано во текот на летните одмори и остануваат во родното место и до еден месец. Во текот на новогодишните празници, повеќето од нив исто така доаѓаат и остануваат десет дена во својата татковина. Помладите членови на дијаспората доаѓаат за време на мајските празници, кои традиционално се слават во нашата земја, а кои беа објаснети во третото поглавје, кога ги анализиравме традицијата и обичаите на Опоље и Гора, како и славењето на културни и традиционални прослави, како што се: Ѓурѓовден кој се одбележува од 1-10 мај, потоа за време на одбележувањето на националните и верските празници (Рамазански и Курбан бајрам, денот на ослободување на општината Драгаш, денот на државната независност на Косово и др.).

Можеме слободно да кажеме дека присуството на дијаспората во овие региони е во текот на целата година, затоа што тие имаат членови на своето семејство кои живеат постојано во родниот крај. Сепак, нема да претераме ако кажеме дека дијаспората од овие региони претставува еден од неизбежните развојни потенцијали за социо-економскиот развој на овие краеви. Во овој дел ќе ја презентираме анализата на посетеноста и престојот на дијаспората во Опоље и Гора, во текот на една година. Како што рековме, една третина од

населението на општина Драгаш претставува активна дијаспора, односно, според наша проценка, од 15.000 до 18.000 членови. Ако земеме предвид дека повеќето од нив доаѓаат двапати годишно, а помал процент од дијаспората доаѓа трипати во родното место, наша претпоставка е дека во текот на една година, посетеноста на дијаспората во Опоље и Гора е од 35 до 40.000 туристи од дијаспората.

### 7.6 **Способност на дијаспората за инвестирање во туризмот во Опоље и Гора**

Економскиот придонес на дијаспората се заснова на финансиски (дознаки, заштеди, инвестиции) и човечки ресурси. Само дознаките од дијаспората се проценуваат на еден милион евра во Опоље и Гора. Покрај тоа, количината на заштеда на дијаспората во земјите домаќини е до неколку пати поголема од износот на дознаките.

Покрај својата улога во обезбедувањето финансиска поддршка, дијаспората може да промовира трговија и директни странски инвестиции, да започне бизнис и да го поттикнува претприемништвото, имајќи предвид дека повеќето емигранти, покрај тоа што се работно активни, се и економски активни. Анализата на истражувањето што го спроведовме при подготовката на докторската теза, покажува дека нивото на вработеност на работоспособната дијаспора е високо (83%), додека процентот на работоспособна дијаспора на возраст од 18-60 години е 82%. Секторите на нивно вработување првенствено се градежништво, услужни дејности и туризам, како и здравствените и производствените сектори, со некои варијации во однос на земјите домаќини.

Во истражувањето се фокусиравме на поврзаноста на дијаспората со матичната област, со надеж дека ќе го анализираме инвестицискиот капацитет на дијаспората во Опоље и Гора, и кои се реалните шанси за развој на туризмот во овие региони, во општината Драгаш. Многу инвеститори од дијаспората инвестираат во родниот крај, што ќе може да се забележи подолу. Во својот план за развој за 2013-2023 година, локалната самоуправа предвидува, преку капитални инвестициски проекти за секоја година, да ги подобри условите за своите граѓани во однос на спроведување на инфраструктурни и супраструктурни проекти (патна, водоводна, канализациска мрежа, изградба на објекти од јавен интерес - заеднички интереси), подобрување на условите за здравствени услуги,

подобра едукација, поефикасно обезбедување на општински услуги. Во сево ова, постигнат е значителен напредок во оваа област.

Охрабрувачки е што 57% од дијаспората се подготвени да започнат или прошират инвестиција во Опоље и Гора во вредност од стотици илјади евра, претежно во родното место. Сепак, треба да се истражи нивниот потенцијал во смисла на поттикнување на конкурентноста и растот на пазарот во деловното опкружување на Косово, особено преку насочено олеснување на деловните односи, во кои локалните власти треба да играат улога. Локалните власти, заедно со партнерите во приватниот сектор, треба да ги идентификуваат економските можности, да ги подобрат административните рамки, да поддржуваат менторство и обука и да обезбедат стимулации за инвестирање во дијаспората. Што се однесува до младите од дијаспората, тие исто така покажаа интерес да придонесат за развој на својата татковина преку учество на пазарот на трудот, започнување бизнис, испраќање дознаки, воспоставување деловни врски со бизнисите во Косово и бесплатни консултации со врсници и деловни субјекти во нивната татковина.

Беше направена статистичката анализа на одредени прашања од анкетниот прашалник, кои се поврзани со инвестициските способности на дијаспората за инвестирање во туризмот во Опоље и Гора.

Дали досега сте направиле некаква инвестиција на Косово, ако е така, каква поточно?

Врз основа на добиените резултати во графиконот бр. 13., 66% од испитаниците досега инвестирале во приватни станбени објекти, 28% во приватен бизнис, 3% биле инвестиции со заеднички капитал, додека 3% од испитаниците не инвестирале во ништо, а ниту еден од испитаниците не инвестирал во акции.

Графикон бр. 13: *Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр. 7*




Дали би инвестирале на Косово и во која област?

Врз основа на добиените резултати во графиконот бр. 14: повеќето испитаници би инвестирале во туризам 34%, 27% во угостителството, 16% во сточарство и земјоделство, 12% би инвестирале во други дејности (старечки дом), 8% во трговија, додека 3% не би инвестирале во ништо.

Графикон бр. 14: *Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр. 8*



Кој модел на инвестирање во туризмот би бил најдобар?

Резултатите од графиконот бр. 15 покажуваат дека 82% од испитаниците би инвестирале во приватна сопственост, 11% од нив како модел за инвестирање во туризам би го искористиле оној во корпорација со државата, додека 7% од нив би се определиле за повеќекратна приватна сопственост, како модел на инвестирање во туризам во Опоље и Гора.

Графикон бр. 15: *Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр. 11*




Пречки за поголеми инвестиции се неповолното деловно опкружување во Опоље и Гора, односно во општина Драгаш, недоволната информираност на дијаспората, недостаток на кофинансирање на домашните институции, непостоечка или слаба деловна организација на дијаспората во земјите домаќини со најголем потенцијал за економска размена, како и слабите деловни контакти помеѓу компаниите во дијаспората и Косово. Централната и локалната самоуправа треба да ги идентификуваат ваквите мотивации и практики и треба да го олеснат процесот на инвестирање на оние кои инвестираат во нивниот роден крај, за да се овозможи да инвестираат во развој на деловни средини за кои сметаат дека ќе успеат да ги извршат овие деловни активности, како и да го охрабрат локалниот деловен потенцијал, земјоделството и сточарството, како и производство на органска храна во Опоље и Гора.

# 8 Методологија и истражувачки резултати

Инвестициите се неопходни за секоја економска активност, како и за развој на туризмот, со цел непречено да се развиваат и да бидат конкурентни на пазарот во одредена област. Покрај учеството на институциите на централно и локално ниво, локалното население и дијаспората би имале големо влијание врз инвестициските вложувања за развој на туризмот во општина Драгаш, односно во регионите Опоље и Гора.

Локалната заедница треба да биде активно вклучена во проекти поврзани со развојот на туризмот во нивната област[134]. Улогата на дијаспората и локалното население е важна за создавање на туристичката понуда во регионите Опоље и Гора.

Затоа, потребно е, преку континуирана едукација на дијаспората и локалното население, да се објасни важноста на развојот на туризмот во регионите Опоље и Гора, и придобивките од развојот на туризмот во оваа област.

Сфаќајќи дека развојот на туризмот е многу сложен и динамичен феномен, голем број на фактори влијаат врз мислењето и ставот на инвеститорите кон туризмот. Регионите Гора и Опоље имаат долг историски континуитет, а особено во последните 20 години тие се најдоа во фокусот на бројни национални, политички и други интереси. Интересот за овие региони во текот на наведениот период бил претежно тенденциозен, квазинаучен и национално инспириран. Сепак, неспорно е дека овие региони поседуваат огромни природни ресурси кои досега биле малку или делумно истражени. Во споменатиот период, се зголеми интересот за истражување на овие региони во секој поглед, и во економски и во туристички, каде меѓународните институции се во водство со своите проекти. Овие истражувања се во форма на пилот проекти, студии на случај, итн. Водечките субјекти во истражувањето на овие области се неколку косовски министерства, локалната самоуправа и УНДП. Сепак, реалните можности и потреби за развој на туризмот се слабо истражени. Со овој труд, сакаме да ја вклучиме дијаспората на начин што ќе придонесе нејзините инвестиции да го забрзаат развојот на туризмот во регионите Опоље и Гора.

---

[134] Kovačević, B. (2014). Turizam Šajkaške. Doktorska disertacija, Prirodno-matematički fakultet, Departman za geografiju, turizam i hotelijerstvo, Novi Sad.

Емпирискиот дел од докторската дисертација се однесува на спроведените истражувања кои имаат за цел да ги утврдат можностите на дијаспората за развој на туризмот во Опоље и Гора. Општата цел на истражувањето во овој труд е да се испитаат инвестициските капацитети на дијаспората во туризмот во Опоље и Гора. Ова поглавје ќе ја презентира методологијата на истражување, резултатите добиени со примена на соодветни статистички методи и нивната анализа со соодветно објаснување и толкување.

## 8.1 Методологија на истражувањето

Поднасловот поврзан со методологијата на истражување ќе ги опише местото и времето на истражувањето, фазите во процесот на истражување, користените инструменти за истражување, како и методите на статистичка обработка и анализа.

### 8.1.1 Место и време на истражување

Истражувањето „Дијаспората во функција на развој на туризмот во Опоље и Гора“ беше спроведено на територијата на општина Драгаш, односно во регионите Опоље и Гора. Истражувањето е спроведено во периодот од мај до септември 2019 година. Целта беше да се испита волјата на дијаспората да инвестира во развој на туризмот во Опоље и Гора.

### 8.1.2 Фази на истражување

Истражувањето е спроведено од авторот на дисертацијата со помош на четири лица во спроведувањето на анкетата. Пред почетокот на истражувањето, авторот на дисертацијата и анкетарите имаа заеднички консултации со цел подобро да се реализира процесот на истражување. Во оваа прилика, анкетарите добија детални упатства од авторот на дисертацијата како да ја спроведат анкета и да се запознаат со структурата на прашалникот.

Истражувањето е спроведено во неколку фази.

***Во првата фаза*** од истражувањето, беше консултирана научна и стручна литература за развој на туризмот, пред се во руралните области, за важноста на развојот на туризмот во тие области, како и за ставовите и мислењата на претставниците на дијаспората за развој на туризмот во овие региони. Користените извори беа во согласност со темата и предметот на докторската дисертација. Покрај тоа, во оваа фаза се идентификуваше примерок на

истражувањето и беше создаден анкетен прашалник за да се користи како инструмент за истражување.

***Во втората фаза*** беше реализирано истражувањето на територијата на регионите Опоље и Гора, односно општината Драгаш. Во оваа фаза беа испитани ставовите и мислењата на дијаспората и нивниот инвестициски капацитет за развој на туризмот во овие области. На испитаниците им беа дадени дополнителни упатства во случај да се јават нејаснотии или дополнителни прашања при пополнувањето на прашалникот.

***Во третата фаза*** беше проверен квалитетот на пополнетите прашалници и добиените податоци. Подоцна, во програмата се внесени податоците од правилно пополнети прашалници, извршена е статистичка анализа на податоците и анализа на добиените резултати.

***Во четвртата фаза*** беа донесени соодветни заклучоци согласно добиените резултатите од истражувањето.

### 8.1.3 Инструменти на истражување

Емпирискиот дел од докторската дисертација се однесува на истражувањето спроведено со анкетниот метод, со цел да се утврди волјата на дијаспората да инвестира во развој на туризмот во Опоље и Гора. За целите на ова истражување, користен е анкетен прашалник, кој воедно е користениот инструмент за истражување. Примерокот на испитаници вклучува луѓе од дијаспората од сите возрасти, без оглед на образованието и полот, од регионот на Опоље и Гора. Истражувањето беше спроведено на примерок од 326 испитаници. Истражувачкиот инструмент беше замислен во форма на анкетен прашалник кој се состои од два дела[135]. Првиот дел беше поврзан со социо-демографската структура на испитаниците и овој дел содржи четири прашања кои имаа повеќе можни одговори, додека вториот дел од прашалникот содржи 20 прашања, а некои прашања имаа и повеќе од два одговори (три, четири и пет одговори, дадена е можност за дополнување на одговорите).

[135] Batkoska L. Metodologija na naučnoto istražuvanje, Ohrid, 2005 god., str 177.

Методолошки гледано, секое село во кое е присутна дијаспората, претставува еден слој во стратификуваниот примерок кој доминира во истражувањето.

### 8.1.4 Методи за статистичка обработка и анализа користени во истражувањето

По прибирањето на податоците користејќи го анкетниот метод, податоците се внесени во статистичкиот софтвер IBM SPSS 20.0 (Статистички пакет за општествени науки). По внесувањето на податоците во програмата, беше извршена статистичка обработка и беа добиени резултатите што можат дополнително да се анализираат и интерпретираат. Обработката на статистичките податоци беше извршена со методи како што се:

- Утврдување на доверливоста на инструментите за истражување;
- Дескриптивна статистика;
- Хи - квадрат тест;
- Еднонасочна анализа на варијанса (ANOVA).

Важно е да се ***утврди доверливоста на анкетниот прашалник***, односно внатрешната конзистентност на скалата што се користи во истражувањето. Примерокот што се разгледува е опишан врз основа на податоците добиени со дескриптивна статистичка анализа.

Истражувачкиот примерок е опишан врз основа на добиените податоци користејќи ***дескриптивна статистичка анализа***. Овој метод ги одредува следниве параметри на дескриптивна статистика: фреквенција (f) и процент (%). Авторот Петровиќ ја дефинира фреквенцијата (f) како апсолутен број испитаници кои постигнале одреден резултат на одреден мерен инструмент - анкетен прашалник или тест[136]. Покрај тоа, истиот автор го дефинира процентот (%) како „релативна мерка за броење што го покажува односот на бројот на случаи во една категорија со вкупниот број испитаници помножени со бројот 100“[137].

---

[136] Petrović, M. (2014). Kvalitet agroturizma Vojvodine i njegov uticaj na stavove lokalnog stanovništva. Doktorska disertacija, Prirodno-matematički fakultet, Departman za geografiju, turizam i hotelijerstvo, Novi Sad str. 178.
[137] Ibid, str. 179.

***Хи-квадрат тестот*** е многу практичен тест што може да биде особено корисен кога сакаме да утврдиме дали некои од добиените (забележани) фреквенции отстапуваат од фреквенциите што би се очекувале за одредена хипотеза. Со овој тест може да се утврди постоењето на врска помеѓу две варијабли и на тој начин ја покажува веројатноста за поврзаност. Можеме да претпоставиме дека некоја теоретска распределба добро ја опишува забележаната дистрибуција на фреквенција. За да ја тестираме оваа претпоставка (хипотеза), го применуваме овој тест[138].

За да се утврди дали постои статистички значајна врска помеѓу зависните варијабли (ставови за можноста за инвестирање на дијаспората во родното место) и независните варијабли (социо-демографските карактеристики на испитаниците), се користеше еднофакторска анализа на варијанса ANOVA. Еднофакторската анализа на варијанса го испитува влијанието на независна варијабла врз зависната, при што независните варијабли се нарекуваат фактори на влијание, а нивниот ефект се рефлектира на ниво на зависната варијабла. Анализата на варијанса се користи за да се споредат три или повеќе различни групи.

## 8.2 **Истражувачки резултати**

Истражувањето беше спроведено на примерок од 326 испитаници. Инструментот за анкета беше замислен во форма на анкетен прашалник кој се состои од два дела. Првиот дел се однесуваше на социо-демографската структура на испитаниците (возраст, пол, образовен и граѓански статус на испитаниците), кој имаше неколку можни одговори, додека вториот дел од прашалникот содржи 20 прашања, а некои прашања имаа повеќе од два одговори (три, четири и пет одговори, со оглед на можноста да се надополнат одговорите).

### 8.2.1 Дескриптивна статистика

Дескриптивната статистика ги претставува основните мерки со кои го опишуваме нашиот примерок врз основа на добиените податоци[139]. За да се испита распределбата на одредени

---

[138] Grubišić, A. Hi-kvadrat test i njegove primjene, seminarski rad, Fakultet elektrotehnike i računarstva, Sveučilište u Zagrebu, Split, veljača 2004. str.3.
[139] Turjačanin, V. & Čekrlija,Đ. (2006). Osnovne statističke metode i tehnike u SPSS-u, primena SPSS-a u društvenim naukama, Centar za kulturu I socijalni popravak, Banja Luka, str. 63.

варијабли (прашања) и да се избројат групираните одговори, се користат основни фреквенции[140]. Покрај фреквенцијата, во описот на резултатите од истражувањето се користат и проценти. Разликата помеѓу фреквенцијата и процентот е во тоа што фреквенциите го означуваат бројот на случаи кои припаѓаат само на една категорија, додека процентите го покажуваат односот на бројот на случаи (испитаници) од категоријата во однос на вкупниот број случаи[141].

Структурата на испитаниците според возраста, полот, образованието и работниот статус ќе бидат презентирани подолу. Потоа, ќе биде презентирана анализата на структурата на испитаниците според варијаблите (прашања) од анкетниот прашалник, кои се однесуваат на дијаспората во функција на развој на туризмот во Опоље и Гора.

#### *8.2.1.1 Социо-демографска структура на испитаниците*

Важно е да се земе предвид старосната структура на испитаниците, со оглед на тоа што постои можност да се изразат различни ставови во врска со инвестирањето на дијаспората во развојот на туризмот во Опоље и Гора. Заради спроведување на ова истражување, испитаниците беа поделени во четири групи кога станува збор за возраста.

Табела бр. 25: Возраст на испитаниците

| **Години** | **Фреквенција** | **Процент** |
|---|---|---|
| 18 – 25 | 96 | 29 |
| 25 – 40 | 134 | 41 |
| 40 – 60 | 71 | 22 |
| 60 и повеќе | 25 | 8 |
| **Вкупно** | **326** | **100,0** |

*Извор: авторска обработка врз основа на анализа на податоци од програмот SPSS 20.0*

[140] Živković, S. (2015). Analiza podataka u SPSS-u, Priručnik iz statistike, De Facto Consultancy, Podgorica.
[141] Turjačanin, V. & Čekrlija,Đ. (2006). Osnovne statističke metode i tehnike u SPSS-u, primena SPSS-a u društvenim naukama, Centar za kulturu i socijalni popravak, Banja Luka, str. 65.

Графикон бр. 16: Возраст на испитаниците




Врз основа на резултатите прикажани во табелата бр. 25 и графиконот 16, структурата на испитаниците според возраста покажува дека најголем број испитаници (41%) се на возраст од 25 до 40 години, а потоа следат испитаниците на возраст од 18-25 години (29%), додека испитаниците на возраст 40 до 60 години се застапени со 22%, а 8% се на возраст над 60 години.

Табела бр. 26: Структура на испитаниците по пол

| **Пол** | **Фреквенција** | **Процент** |
|---|---|---|
| Машки | 286 | 88 |
| Женски | 40 | 12 |
| Вкупно | 326 | 100,0 |

*Извор: авторска обработка врз основа на анализа на податоци во програмот SPSS 20.0*

Од анализата на структурата на испитаниците по пол (табела бр. 26), можеме да заклучиме дека од вкупниот број испитаници кои учествувале во студијата, 88% се мажи, додека 12% се жени.

Табела бр. 27: Образовен статус на испитаниците

| **Ниво на образование** | **Фреквенција** | **Процент** |
|---|---|---|
| Основно образование | 248 | 76.1 |
| Средно образование | 50 | 15.3 |
| Факултетско образование | 28 | 8.6 |
| Вкупно | 326 | 100.0 |

*Извор: авторска обработка врз основа на анализа на податоци во програмот SPSS 20.0*

Ставовите на испитаниците за можностите за развој на туризмот во Опоље и Гора може да се разликуваат во зависност од нивното ниво на образование. Во ова истражување, испитаниците беа поделени во три групи според нивото на образование: испитаници со завршено основно образование, испитаници со завршено средно образование и испитаници со факултетско образование.

Согласно резултатите од табела бр. 27, образовната структура на испитаниците кои учествувале во оваа анкета покажува дека најголем дел од испитаниците (76,1%) се со основно образование, а потоа следат оние кои го завршиле средното училиште како највисоко ниво на образование (15,3%), додека 8,6% од испитаниците е со факултетско образование.

Табела бр. 28: Работен статус на испитаниците

| **Работен статус** | **Фреквенција** | **Процена** |
|---|---|---|
| Вработен | 270 | 82.8 |
| Невработен | 7 | 2.1 |
| Студент | 13 | 4.0 |
| Пензионер | 36 | 11.0 |
| **Вкупно** | **326** | **100.0** |

*Извор: авторска обработка врз основа на анализа на податоци во програмот SPSS 20.0*

Врз основа на анализата на податоците од табела 28, каде е претставена структурата на испитаниците според статусот на вработување, 82,8% од испитаниците биле во постојан работен однос, додека 2,1% од испитаниците се невработени, 4% од испитаниците имаат студентски статус, додека 11% од испитаниците се во пензија. Испитаниците го изразија своето мислење за состојбата и можностите за инвестирање во развојот на туризмот во Опоље и Гора.

**Прво прашање:** *Во која држава сте дијаспора?*

Согласно табелата бр. 29, може да се утврди дека најголем процент од испитаниците доаѓаат од Италија 32,2%, а потоа следат Германија 23,9%, Швајцарија 16,9%, Франција 8,9%, Австрија 8%, Македонија и Финска 3%, Србија 2%, додека Шведска и Белгија 1%.

Табела бр. 29: *Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр. 1*

| **Држави** | **Фреквенција** | **Процент** |
|---|---|---|
| Швајцарија | 55 | 16.9 |
| Германија | 78 | 23.9 |
| Италија | 104 | 32.2 |
| Франција | 29 | 8.9 |
| Австрија | 26 | 8 |
| Македонија | 10 | 3 |
| Србија | 7 | 2 |
| Финска | 10 | 3 |
| Шведска | 3 | 1 |
| Белгија | 3 | 1 |
| Вкупно | 326 | 100.0 |

*Извор: авторска обработка врз основа на анализа на податоци во програмот SPSS 20.0*

**Второ прашање:** *Колку години сте во дијаспората?*

Денес, туризмот во Косово е во почетна фаза на развој, поради туристичките капацитети што се во изградба, повеќе хотели на Косово се во општествена сопственост, 70% од нив се во лоша состојба, недоволно и слабо опремени, а оние што функционираат се насочени само кон транзитни и деловни патници. Бројот на туристи е мал, затоа што туристичките капацитети (хотели) не нудат активности што би можеле да го пополнат слободното време, ниту пак домашна гастрономија и други атракции.

Косово сè уште нема изградено туристички имиџ затоа што нема ефикасна туристичка понуда, му недостасува проширен број инструменти за маркетинг миксови, а менаџментот во туризмот не е насочен кон конкуренцијата и системите за комуникација.

[146] Gašić, M., Ivanović, V. & Perić, G. (2015). Materijalna baza razvoja turizma na prostoru Topličkog okruga. Synthesis, International Scientific Conference of IT and Business – Related Research, DOI: 10.15308/Synthesis-2015-494-498, str. 495.

Авторот Черовиќ „посочува дека туристичкиот пазар ги има следниве димензии“[147]:

- првата димензија се клиентите (туристите),
- втората е платежната способност на клиентите (туристите),
- третата е подготвеност и намера за купување производи и услуги,
- четвртата се продавачите на производи и услуги,
- петтата се самите производи и услуги (со своите својства и обем),
- шестата е просторот во кој се одвива размената, а седмата е времето во кое се одвива размената.

Табела бр. 47: Клучни елементи во процесот на креирање на производот




[147] Čorović, S. (2004). Istraživanje turističkog tržišta. Prirodno-matematički fakultet, Departman za geografiju, turizam I hotelijerstvo, Novi Sad. ISBN 86-7031-043-0, str. 4.

*Извор: Datzira, M. J. (2006) Tourism Product Development: A way to create value – The case of LaVall de Lord, Barcelona, p. 5, prema Datzira, M. J. (2006) Cultural Heritage Tourism – Opportunities for product development: the Barcelona case' in Tourism Review, Vol 61, No 1 AIEST.*

Следниве проблеми можат да се додадат на оваа ситуација[148]:

- Слаба организација и управување со туристичката политика на државно ниво,
- Слаба поврзаност помеѓу туристичката понуда и слабиот туристички производ,
- Недостаток на стратегија за економски развој, вклучително и за туризмот,
- Недостаток на просторен план на целата територија на Косово,
- Слаба обука на менаџерскиот кадар и недостаток на развој на систем за управување со туристичките и угостителските производи на Косово,
- Проблеми со електрична енергија, водоснабдување и канализација на отпадни води и диви депонии,
- Уништување на природата и урбаните центри со дивоградби,
- Недостаток на продажни канали и соработка помеѓу понудувачите,
- Сива економија,
- Недостаток на интерес на инвеститорите за решавање на имотно-правни проблеми со земјиштето,
- Недостаток на предности за инвестирање и категоризација.

„Главната цел на модерната туристичка политика е да се обезбеди динамичен и хармоничен развој на туризмот, што ќе овозможи максимално задоволување на потребите на домашните и странските туристи и побрз целосен развој на земјата“[149].

Туризмот на Косово се карактеризира и со други елементи кои го отежнуваат прилагодувањето кон пазарните закони како што се[150]:

[148] Staka K., Bajrami H., Mehmeti Z., Zhvillimi i turizmit dhe planit hapësinor të turizmit, Prishtinë, 2014. f. 7-9.
[149] Ubavić, P. (2015). Turistička politika i mogući pravci razvoja turizma u Srbiji. Ekonomija, Teorija i praksa, godina VIII – broj 1, str. 20, UDK: 338.481(497.11)
[150] Staka K., Bajrami H., Mehmeti Z., Zhvillimi i turizmit dhe planit hapësinor të turizmit, Prishtinë, 2014. f. 14.

- Имиџот на земјата е ослабен од војната, а услужниот сектор исто така ги трпи своите последици,
- Хотелите не само што се планирани како „униформни индустриски производи“, туку тие сѐ уште немаат преземено никаква активност да се прилагодат на пазарот.
- Тие се изградени пред триесет години, а еден дел од овие хотели не е функционален за туристите, затоа што тие се домови на KFOR и UNMIK,
- Загрозена е рентабилноста на хотелите, а само мал број хотели имаат можност за самостојно инвестирање во одредени работи,
- Приватните инвестиции се многу мали и без искуство за работа во туризмот, додека работната сила значително ја напушта земјата,
- Претходниот пазар на заедничката држава не постои веќе петнаесет години, а домашниот пазар е премал, а туристите кои доаѓаат од Албанија и Македонија не се толку моќни од финансиски аспект,
- Без оглед како се уредени однатре, надворешниот изглед на хотелите е загрозен со отстранување на голема количина отпад и несоодветна санација на фекална вода како резултат на неконтролирана градба.

Косово сѐ уште нема стратегија за економски развој на земјата и истовремено стратегијата за развој на туризмот датира од 1975 година и од тие причини, туристичките текови се развиваат спонтано и на доброволна основа.

Затоа, развојните цели на Косово во областа на туризмот треба да се решат на следниот начин:

- Регенерација, целосна валоризација и заштита на туристичките потенцијали,
- Реконструкција и модернизација на целокупната туристичка понуда на Косово,
- Избор и промоција на развојот на туризмот според критериумите за просторно планирање,
- Создавање на еколошки стандарди за ефективна заштита на природните ресурси и вредности,

- Поттикнување на развој на туристички региони со подобри услови во насока на продолжување на туристичката сезона и зголемување на нивото на искористување на капацитетот на туристичката понуда.

Авторите Стефановиќ и Глигориевиќ го дефинираат туристичкиот пазар како „збир на односи меѓу понудата и побарувачката во областа на услугите и производите што служат за задоволување на туристичките потреби на одреден простор, т.е. збир на односи на понудата и побарувачката што се јавуваат како резултат на влијанието на туристичките движења“[151].

Од друга страна, мора да се преземат мерки за реновирање на хотелите и подигнувајќи ги нивните стандарди, објектите со ниска вредност на одлични локации да се заменат со објекти со повисок квалитет на услуги, создавајќи соодветна инфраструктура со рекреативни објекти и слично.

## 9.2 Насоки на развој на туризмот

Во многу земји ширум светот, туризмот е многу важен сектор за економски развој. Преку туризмот може да се донесат странски инвестиции, да се привлечат туристи нудејќи пристап до природни ресурси и атракции, пристап до услуги, пристап до други туристички атракции, културно наследство итн. Директното влијание на туризмот носи зголемени приходи, развој на економски активности што ја сочинуваат туристичката економија, вклучително и: угостителство, транспорт, трговија, културни институции, зголемување на вработеноста, животниот стандард, инвестиции и развој на неразвиени области. Од друга страна, туризмот има индиректно влијание врз оние економии кои ја снабдуваат туристичката индустрија, вклучително и: земјоделство, градежништво, занаетчиство. Затоа, со оглед на огромната важност на секторот за туризам, оваа гранка треба да биде развиена и промовирана од централните и локалните институции за да се искористат различните форми на развој на туризмот, вклучувајќи: планински туризам, културен (фестивали, саеми, концерти, музеи), семеен туризам, младински туризам, зимски туризам и екотуризам. Меѓу главните предизвици во областа на туризмот се: идентификација на потенцијални туристички области, завршување на потребната инфраструктурата во области со

[151] Stefanović, V. & Gligorijević, Ž. (2010). Ekonomika turizma. SVEN, Niš, str.142.

туристички потенцијал, промоција на туризам (места за контакт во локалните туристички центри). Туризмот, како нова економска гранка која штотуку се буди во областа на Опоље и Гора, мора активно и концептуално да го дизајнира својот иден развој. Со оглед на тоа што се прават напори на општинско ниво за развој на оваа индустрија, сепак се очекува голема поддршка од домашните и меѓународните институции како што се: UNDP, GIZ, USAID, IOM и други организации кои работат на општинско ниво, како и Министерства за: Локална самоуправа, просторно планирање, економија и финансии, индустрија и трговија, Министерства за млади, култура и спорт, како и министерство за дијаспора. Со оглед на претходно споменатите, природни и антропогени ресурси што ги поседуваат регионите Опоље и Гора, тие можат лесно да станат туристички дестинации на ниво со туристичките дестинации од областа (Маврово, Попова Шапка и Брезовица), и да излезат од социјално-економска заостанатост и актуелната криза и да станат туристички конкурентни и одржливи.

Анализата на интерните потенцијали, услови и фактори на развој подразбира[152]:

- Сообраќајно - географска и туристичко - географска положба;
- Проценка на туристичките вредности;
- Социо-економски услови;
- Административно - институционални услови;
- Инфраструктура;
- Туристичка супраструктура;
- Загадување и деградација на просторот.

„Концептот на развој на туризмот прво ги одредува општествените односи и цели, а потоа нивото на економски развој, стратегијата за економски развој, спецификите на пазарните акции, опкружувањето, развојните трендови и други фактори“[153].

За да се исполни стратегијата, потребно е:

---

[152] Stojković, M. (2013). *Situacijska analiza turističkih potencijala i resursa*, Turizma i putovanje, dostupna na http://www.turizamiputovanja.com/situacijska-analiza-turistickih-potencijala-resursa/

[153] Blagojević, S. (2009). Planiranje razvoja turizma. Zbornik radova Departman za geografiju, turizam i hotelijerstvo 38/2009, str. 196-209, UDK: 338.48

- објективно да се мери вредноста на достапните ресурси за развој на туризмот и да се предочат сегашните квантитативни показатели за економски развој на областа,
- континуирано да се работи на подигање на свеста кај локалното население за придобивките од развојот на туризмот во овие региони, во однос на другите индустрии (земјоделство, сточарство),
- да се убедат потенцијално заинтересираните инвеститори да инвестираат во овие области,
- да се елиминира општата недоверба во неликвидноста на работата на економските субјекти кои имаат свои суровини во оваа област, особено туристичко- угостителски, земјоделски, индустриски и др.,
- имајќи ја предвид разновидноста на ресурсите, да се воспостави таква развојна концепција и да се обезбеди соодветна инфраструктурна и супраструктурна опрема што ќе овозможи туристичка функционалност на просторот во текот на целата година,
- доследно да се применува концептот на дисперзна дистрибуција на туристичките капацитети, со основна цел насочена кон постигнување развојни процеси во поголемите делови по региони. Ова особено треба да придонесе за ревитализација на руралните области и нивно вклучување во современи трендови на развој, запирање на процесот на иселување и демографско стареење на селата, заштита и подобрување на животната средина,
- да се воспостави таква организација на туризам што ќе го промовира и афирмира моделот на интегриран развој, остварувајќи сеопфатна меѓузависност со земјоделството, занаетчиството, малото деловно работење, културата и други комплементарни дејности со туризмот, како и основни упатства за заштита, подобрување и рационална употреба на природата,
- развој на туризмот, каде што е можно, што повеќе да се потпира на руралните фарми и комплементарните туристички капацитети, што може да даде значаен придонес во подигањето на стандардите и квалитетот на животот на домицилното население,
- да се постигне развојно-концептуална поврзаност (просторна и содржинска) со други туристички центри, со цел соодветна туристичка валоризација и заштита на територијата на Националниот парк,

- да се преземат сите расположиви мерки со цел да се зголеми анимацијата и ангажирањето на приватниот капитал во развојот на инфраструктурата и супраструктурата, особено на локалното население кое привремено работи во странство;
- во изградбата, архитектонскиот и амбиенталното дизајнирање на туристичките зони, максимално да се почитуваат автентичните природни и културни вредности и традиции на оваа област.

Со цел да се обезбедат ефективни и активни мерки за заштита, зачувување и презентирање на културното и природното наследство, секоја држава, во согласност со Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство, (Convention Concerning the Protection of the World Cultural and Natural Heritage, United Nations Educational, Scientific and Cultural Organisation, 1972.) потребно е[154]:

- Да се усвои општа политика насочена кон давање на функција на природното и културното наследство во животот на заедницата и интегрирање на заштитата на наследството во сеопфатни програми за планирање;
- Да се воспостави (доколку не постои) една или повеќе служби за заштита, зачувување и презентирање на културното и природното наследство со соодветни лица и средства за извршување на овие функции;
- Да се развиваат научни и технички студии и истражувања и да се работи на развој на оперативни методи што ќе овозможат спречување на опасности што можат да го загрозат културното или природното наследство;
- Да се преземат соодветни правни, научни, технички, административни и финансиски мерки потребни за идентификација, заштита, зачувување и презентирање на ова наследство;
- Да се поттикне формирање или развој на национални или регионални центри за обука за заштита, зачувување и презентирање на културното и природното наследство, како и поттикнување на научни истражувања од оваа област.

[154] *Convention Concerning the Protection of the World Cultural and Natural Heritage* (1972), United Nations Educational, Scientific and Cultural Organisation., p. 3.

## 9.3 **Облици на туристички развој во Опоље и Гора**

Атрактивните геоморфолошки вредности, поволните климатски услови, значителниот хидролошки потенцијал, разновидната флора и фауна, меѓуграничноста на регионот и припадноста на подрачјето на Националниот парк Шар Планина, нудат можности за развој на повеќе видови на туризам во регионите Опоље и Гора. Овие региони можат, врз основа на достапните природни и антропогени ресурси, да издвојат неколку форми на туризам, како што се:

***Зимско-спортски туризам:*** Големата надморска височина, високото ниво на врнежи, квалитетот и времетраењето на снежната покривка на која се наоѓа општина Драгаш (просечно над 1100 метри) и планините обраснати со трева, нудат добар потенцијал за алпско скијање и зимски активности како што се : скијање и теренско скијање. Не е редок случај сите четири сезони да се доживеат во текот на еден ист ден, а во текот на месеците јули и август највисоките делови на Шар Планина да се прекриени со снег, што значи дека посетители може да има во текот на целата година. Покрај горенаведеното, оваа област има и други природни и антропогени потенцијали кои можат ефикасно да се валоризираат и да се вклучат во понудата и во текот на зимската и во текот на летната туристичка сезона.

Слика бр. 22: Скијачка патека на рекреативниот центар Arxhena, Брод



*Извор: Автор*

Оваа област има релјефни елементи погодни за организирање разни меморијали, како и т.н. „екстремно скијање“, кое се состои од надминување на стрмните падини на специјално дизајнирани скии. Туристичко-развојното значење на овие природни вредности било посочено уште во 1968 година од страна на меѓународните експерти за зимски туризам Iten и Rey, кои ги вклучиле северните и северозападните страни на Шар Планина во најзначајните потенцијали за развој на зимската туристичка сезона во поранешна Југославија.

***Еко туризам:*** Летниот, дневниот и спортско-рекреативниот (еколошки) туризам е перспективна форма на туризам во Опоље и Гора, затоа што има многу погодни природни услови за овој вид туризам, кои недоволно се користат во тековната фаза на развој. Оваа форма на туризам е тесно поврзана со природните ресурси, поволната клима, ливадите богати со разни цвеќиња, бројни извори, вода и живописни предели, што е погодно за развој на летниот туризам на сите горенаведени места. Овој вид туризам се заснова на директен контакт на туристите со оригиналната или малку променета природа, што овозможува пријатни прошетки и престој во бесконечни цветни пасишта.

Слика бр. 23: Шутманско езеро – Шар Планина



*Извор:* www. Hotel Arxhena

Хидрографските објекти се исто така привлечни, особено глацијалните езера, кои се особено застапени во јужниот дел, во зоната на Брод и Рестелица, потоа езерото во Бразне кое се наоѓа на патот Драгаш – Призрен и е на пониска надморска височина, што го прави достапно за посетителите.

***Планински туризам:*** Постојат одлични можности за развој на планинарски активности и лоцирање на планински домови на соодветни места. Подрачјето на овој дел од Шар Планина, кое има неверојатен потенцијал за пешачење и природни туристички дестинации, за жал не е познато кај луѓето, бидејќи не постои во официјалните туристички понуди. Планините од оваа област се дел од јужниот, косовскиот Национален парк на Шар Планина. Од друга страна, веднаш преку границата со Македонија, Националниот парк Маврово привлекува десетици илјади туристи секоја година.

Слика бр. 24: Планинарење на врвот Абдаф, над селото Рестелица



*Извор: Gafur Hodža – Facebook*

Ова подрачје на Шар Планина е погодно за излетничко планинарско пешачење, додека тревните и шумски падини, долгите и широки површини кои водат кон долини и гребени, како и заоблените, секогаш од една страна лесно достапни врвови кои се издигнуваат високо од површината и се карактеризираат со ширина на хоризонтот, се погодни за неколку форми

на пешачење. Тука спаѓаат: ориентациски натпревари според нордискиот или друг систем, потоа утврдување и уредување на интересни лонгитудинални и трансверзални патеки за пешачење, како и модерни основи за организирање на походи (hiking), кои обезбедуваат точно одреден систем на движење низ планината.

***Ловечки и риболовен туризам:*** За овие видови на туризам постојат поволни природни услови (шумско-тревни комплекси како живеалишта на дивеч, богати со тревна храна, разни природни засолништа, изобилство на проточни води и др.).

Слика бр. 25: Дивокоза на Шар Планина



*Извор: Muhamed Hodža- Facebook*

Сепак, овој вид туризам не се развива заради голем број ограничувачки фактори (отсуство на ловочуварска служба, изразен криволов, вознемирување на дивите животни заради експлоатација на шумите и често палење и сл.). Живеалиштата на дивокозите и мечките, како и рисот, можат да бидат независни туристички мотиви во оваа област. Традицијата на лов на Шар Планина и на Коритник е долга, но во современи услови постои силна ориентација кон туристичката клиентела која е склона кон голема потрошувачка, како на домашниот, така и на странскиот туристички пазар. Реките и потоците во општина Драгаш се многу богати со планинска пастрмка. Тие се претежно планински и брзи, па риболовот во овие реки е вештина. Реката Радика и Чајанска река, кои се наоѓаат на границите со Македонија и Албанија, се богати со речна пастрмка и се привлечни за риболов и дневна

рекреација. Тие се наоѓаат на околу 15-минутно возење од селото Рестелица. Сепак, недостигот на инфраструктура и состојбата по војната направиле овој дел од планината Шар да не биде посетен како делот во регионот на Брезовица. За развој на овој вид туризам, потребно е да се промовираат ресурси за лов и риболов, како и да се подобри инфраструктурата.

***Рурален туризам:*** „Туристичкиот капитал" на селото во однос на градот се состои во различното опкружување, во средина полна со природна убавина, интимност и локални одлики, како и во сè уште неизумрените обичаи и специфики на гастрономијата. Развојот на овој вид туризам би придонел за економско заживување на селото, а неговата поранешна просторна загубеност би се претворила во компаративна предност. Се разбира, неопходно е да се осигура дека престојот е специјално организиран во куќите претставени во турите, за да се обезбеди удобноста што ја бараат современите туристи. Ова, се разбира, треба да биде поддржано со поволни заеми и професионална помош, дури и со конкретни планови за уредување и опремување на овие приемни капацитети. Поаѓајќи од сообраќајната врска и привлечноста на природните и антропогени мотиви, како и од спецификите на руралните целини, руралниот туризам во оваа област треба да се организира во селата Буче, Куковце, Брезне, Млике, Бачка, Орчуша и Злипотрок. Ова се села каде можат да се видат стари споменици на културата, како што се џамиите во Млике и Брезне, стари надгробни нишани, куќи од отоманскиот период, поволна географска положба на селата. Ова се села каде што бројот на жители стагнира или постепено опаѓа или села со изразена депопулација и демографско празнење. Селата кои ги наведовме се наведени намерно, со цел да се зачува и да се зголеми вредноста на нивните културни добра, како и да се врати популацијата и да се запре демографската депопулација.

***Здравствен туризам:*** Овој вид туризам може да се развие и да стане еден од елементите на туристичката валоризација на природата во оваа општина. Поради климатската разновидност на областа, каде преовладува жупска клима, што е многу погодна во зима и лето, но и планинска клима во зоната помеѓу 1000 и 1400 м.н.в., што е поволна за развој на овој вид туризам. Во подножјето на Коритник може да се градат камп-куќи. Овде постојат услови за развој на здравствен туризам, бидејќи областа е богата со борови шуми и пасишта, а потоа на трасата Крушево-Рестелица климатските фактори се поволни за

климатотерапија, медицинска рехабилитација и медицински ориентирана рекреација. Овој вид туризам бара изградба на здравствени установи и заштита на овие зони.

***Екскурзиски туризам***: Овој вид туризам, особено ако се организира осмислено, со општ и тематско едукативен карактер, може интензивно да се развива и реализира. Ова особено се однесува на училишни, студентски, постдипломски и разни стручни и научни екскурзии заради концентрацијата на разни, дури и уникатни геоморфолошки, геолошки, хидролошки, биогеографски и други природни мотиви, но и заради антропогените, особено етнографските и други културни вредности на општината Драгаш.

Слика бр. 26: Прошетка на Шар Планина – Шутманско езеро



*Извор: Muhamed Hodža - Facebook*

Културните и историско-уметнички вредности на сочуваните сакрални објекти (џамии, мезари, турбиња) се прогласени за културни добра од исклучително значење за општината Драгаш и Косово. Тие се посебен куриозитет во извонредно убавата природна и рурална средина и во тивките делови на Шар Планина. Поради тоа, можат да бидат важен мотив за студиски екскурзии.

***Манифестациски туризам:*** Поради привлечноста на фолклорните елементи на манифестациите во оваа област на Шар Планина, овој вид туризам може да биде независна мотивација на туристичко движење. Во оваа област се одржуваат манифестации во кои

излегуваат многу интересни етнокултурни и фолклорни елементи, се организираат пеливански борби и трки со коњи.

Слика бр. 27: Народна носија во Гора




*Извор: Asan Muška – Facebook*

Оваа специфична традиција треба да се одржува, или како самостојна манифестација, или како дел од манифестација на свадбените обичаи, каде што доаѓаат до израз народните носии од оваа област. Ова претставува идеална можност за запознавање на интересните свадбени обичаи во општина Драгаш, но и богатството на народните носии и накит.

## 9.4 **Приоритети во развојот на туризмот**

Со оглед на бројните ограничувања во развојот, а особено екстремно неповолната економска и политичка состојба, како и реалистично можните алтернативни политики и сценарија за развој на сите сегменти на косовската економија, приоритети во развојот на туризмот во овие области (до создавање на поповолни општи економски, инвестиции и политички услови) би биле следните:

- Преземање на сите расположиви мерки со цел да се изградат нови туристички и угостителски објекти, како и зачувување и максимална употреба на веќе изградените туристичко-угостителски објекти, а особено: промовирање на сопственичка, управителна, организациска, финансиска, кадровска и маркетиншка трансформација на стопанските субјекти; стопирање на пропаѓањето на туристичките и угостителските објекти и опрема преку неопходно тековно одржување (пример, промоција на објекти кои биле во државна сопственост, а сега се во приватна, на пр. хотел „Шар" во Драгаш, денес хотел „Мека" Шар, потоа спортско рекреативниот центар Хотел „Arxhena" во Брод, ресторани во целата област и некои одморалишта на планините); максимална анимација на потенцијалните сегменти на туристичка побарувачка за поефикасно користење на постојните капацитети и сл.
- Од инвестициските активности, во најкраток временски период, се очекуваат само инвестиции во приемни капацитети со цел да се зголеми рентабилноста на бизнисот, да се прошири структурата и да се подигне квалитетот на услугите, како и некои објекти од типот на одморалишта.
- Креирање на детална програма за развој во овој дел на Шар Планина исто така има висок степен на приоритет. Оваа задача треба да се реализира што е можно поскоро, бидејќи претставува почетна точка во конципирањето и управувањето со оваа индустрија, како и нејзината интеграција со други активности.
- Посебна важност треба да се даде на подготовката на соодветна документација за просторно планирање, особено онаа која е поврзани со формирање и развој на потребната инфраструктура, врз основа на која, по стекнувањето поволни услови, може да се ангажира капитал.
- Меѓу инфраструктурните објекти, приоритетна задача е реконструкцијата на новите и модернизацијата на постојните патишта, особено оние што ги поврзуваат потенцијалните туристички зони и локалитети со главните сообраќајни правци во оваа област.
- Покрај тоа, многу важна и итна задача е изградба на соодветни системи за водоснабдување, електрична енергија и канализација, во сите локалитети во подрачјата Опоље и Гора, како и елиминација на постојните нелегални и интегрирани депонии.

- Овие интервенции ќе придонесат за подобрување на пристапноста на туристите во високите планински региони и зголемување на целокупниот еколошки и туристички квалитет на областа, што треба да го стимулира интересот на поширока заедница за поголеми инвестиции.
- Во почетната фаза на развој на туризмот, сѐ додека не се добијат задоволителните услови на туристичка инфраструктура и супраструктура, во оваа област треба да се даде приоритет на други работи,  како на пример центар за развој на манифестациски туризам и логистичка поддршка во просторното проширување на оваа економска гранка во Опоље и Гора.
- На почетокот на масовниот развој на туризмот во оваа област, приоритет треба да се даде на оние зони чијашто разновидност на ресурси овозможува формирање поливалентни центри со целогодишно работење на туристичкиот производ, за да се обезбеди поголема рационална употреба на капацитетите и профитабилност.
- Туристичките субјекти од оваа област, особено поголемите туристичко-угостителски организации, треба трајно да работат на истражување и анимација на побарувачката, особено на оние сегменти кои сѐ повеќе се заинтересирани за таканаречените „бели“ и „зелено-еколошки“ дестинации. За тоа е неопходна е навремена подготовка на дизајниран и организиран изглед на пазарот на побарувачка и капитал.

Предност треба да се даде на домашниот туризам, кој ќе има детерминирал удел во оваа област на долг рок.

## 9.5 **Пестел анализа**

Пестел анализа е исто така потребна во процесот на иницирање и утврдување на стратегијата за развој на туризмот во Опоље и Гора, каде учествуваат менаџерите и сите други релевантни лица. Ваквата анализа разгледува голем број фактори, и оние кои го ограничуваат развојот на туризмот и оние кои го поттикнуваат и го стимулираат тој развој. Ставајќи на едната страна предностите, а на друга недостатоците, преку оваа анализа се дефинираат индивидуалните, но и заедничките влијанија на политичките, економските,

социјалните и техничко-технолошките фактори, како и еколошките услови и законски регулативи за туристички развој на областа.

| ФАКТОРИ | ПРЕДНОСТИ | НЕДОСТАТОЦИ |
|---|---|---|
| Политички фактори | - Согласност на политичките субјекти за потребата од развој на туризмот како економска гранка на ниво на Општината и економијата воопшто,<br>- Посветеност кон европска интеграција,<br>- Помош од UNDP, Европската унија и другите европски влади и CAD за одржување и проширување на Националниот парк Шар Планини. | - Чести промени на локалната власт и со тоа промена на стратегијата за развој на туризмот,<br>- Политизација на јавноста во креирање на развој на туризмот,<br>- Недоволен број стручен персонал во процесот на одлучување,<br>- Заминување на туристите кон други дестинации, заради ниската привлечност на туристичката понуда. |
| Економски фактори | - Желбата на населението да работи во оваа економска гранка и во угостителството и да се прилагоди на новите можности,<br>- Можност за снабдување на локалниот пазар со домашни земјоделски производи и услуги,<br>- Значителен контингент на работоспособното население,<br>- Зајакнување на приватното претприемништво,<br>- Помош од граѓани од дијаспората | - Лошата состојба на комуналната инфраструктура (патишта, водоснабдување, електрична енергија и канализација),<br>- Економска неефикасност на постојните економски субјекти,<br>- Недостаток на квалитетни основни сместувачки капацитети,<br>- Низок личен и социјален стандард на населението,<br>- Ниска активност на населението |

| | | |
|---|---|---|
| Еколошки фактори | - Релативно добра и сочувана природна убавина на областа,<br>- ридско - планинска конфигурација на теренот,<br>- Густа мрежа на планински потоци,<br>- Чист и здрав планински воздух,<br>- Снабдување со вода на домаќинствата и населбите со вода без претходно прочистување,<br>- Областа е богата со биодиверзитет и распространетост на пасишта,<br>- Бактериолошки, физички и хемиски релативно чиста и здрава вода. | - Нерешено прашање на комунални депонии за отпад,<br>- Несоодветно водоснабдување и нивна недоволна санитарна контрола,<br>- Недостаток на мониторинг за следење на квалитетот на животната средина,<br>- Неорганизирана заштита од ерозија, поплави и временски услови,<br>- Недостаток на колектори за отпадни води што се влеваат во водотеци,<br>- Незавидно ниво на еколошка свест, еколошка култура и еколошки морал на населението. |
| Техничко-технолошки фактори | - Покриеност на областа со мобилна телефонија, интернет сигнал и кабелски ТВ сигнал,<br>- Задоволителна работна технологија во одредени угостителски објекти. | - Слаба покриеност на области со фиксна телефонија и поштенски услуги,<br>- Лоши сообраќајни врски со економските центри во областа,<br>- Затвореност на подрачјето и лошо функционирање на автобуската станица во Драгаш,<br>- Неконтролирана технологија на подготовка на храна и пијалоци,<br>- Нецелосни технички услуги. |

| | | |
|---|---|---|
| Социјални фактори | - Создавање нови работни места и можности за вработување,<br>- Подготвеност на населението за преквалификација и обука. | - Голем процент на издржувана популација,<br>- Невработеност,<br>- Лоши демографски услови во селата,<br>- Недостаток на стручен персонал,<br>- Голем број на корисници на социјална помош. |
| Правни аспекти | - Законоски регулативи (Закон за туризам, Закон за заштита на животната средина, Закон за национални паркови, итн.) | - недоволно почитување на законите и другите акти,<br>- Несанкционирање на прекршителите на законите и решенијата на локалните власти,<br>- Прекумерни прерогативи на централната власт. |

Оваа збирна Пестел анализа покажува дека сите фактори во развојот на туризмот и економијата воопшто во овие области, особено економските, техничко-технолошките, еколошките и социјалните фактори, имаат повеќе недостатоци, отколку, исклучувајќи ги природните и културните ресурси. Со други зборови, земени како целина, ограничувачките фактори преовладуваат во однос на фаворизирачките фактори. Исто така, политичките фактори, кои се скоро клучни за креирање и спроведување на развојна политика, досега не дејствувале како стимул за економско-туристички развој. Под влијание на овие фактори, запоставениот развој на туризмот во овие региони од делот од Шар Планина, како што веќе беше кажано, имало големи диспропорции не само на регионалниот туризам, туку и на економскиот развој помеѓу јужниот регион на Косово, во споредба со другите региони на Косово.

## 9.6 SWOT анализа на туристичкиот развој во Опоље и Гора

Анализата на предности, слабости, можности и закани е метод на стратешко планирање што се користи за проценка на предностите, слабостите, можностите и заканите

во еден проект или деловен потфат. Анализата вклучува спецификација на целта на деловниот потфат или проектот и идентификација на внатрешни и надворешни фактори кои се поволни и неповолни за постигнување на целта на проектот. Поставувањето на целите треба да се преземе откако ќе се направи анализата на јаките и слабите страни, можностите и заканите. Ова ќе овозможи постигнување на целите или задачите на организацијата[155].

Во обласпа на урбанистичкото планирање, SWOT анализата често се користи за да се опишат карактеристиките на некои региони.

Следниве дефиниции беа користени за:

- ***Предности:*** карактеристики на регионите Опоље и Гора во можностите за развој на туризмот, во однос на другите региони.
- ***Слабости (или ограничувања):*** карактеристики што ја ограничуваат можноста за развој на туризмот, во споредба со другите региони,
- ***Можности:*** шанси за подобрување на регионалната состојба во иднина,
- ***Закани:*** елементи што можат да предизвикаат проблеми при идниот развој на туризмот во регионот на Опоље и Гора, во однос на другите региони.

SWOT анализата на предностите, неповолностите, опасностите и можностите за одржлив развој во областите Опоље и Гора, е неопходна во утврдувањето на стратегијата на таквиот развој. Покрај внатрешните фактори (природни, културни, економски и човечки ресурси), развојот на туризмот е под влијание на надворешни фактори, односно фактори на животната средина, како што се намалување или губење на домашниот и странскиот пазар, глобалната финансиска криза, протекционизмот, пренасочување на стоките и побарувачката за туризам во други дестинации, куповната моќ на населението итн. Врз основа на SWOT анализата, како и претходната (Пестел) анализа, оваа анализа дава проценка на можностите за развој на туризмот во регионите Опоље и Гора во општина Драгаш, од гледна точка на интегриран пристап за целата област.

---

[155] Wikipedia.org. Swot-analiza

SWOT анализа на туристичкиот развој во Опоље и Гора

| МОЖНОСТИ | ОПАСНОСТИ |
|---|---|
| - Еколошки здрава животна средина,<br>- географска положба,<br>- Зачуван животински свет во значаен дел од областа,<br>- Единствени естетски вредности на планинскиот пејзаж,<br>- Гранични области со две соседни земји, прекугранична соработка,<br>- Стапката на неписменост е само 1% (жени и мажи),<br>- Физичката состојба на училиштата е подобрена во последните неколку години,<br>- Подобрување на училишниот образовен систем за потребите на туризмот,<br>- Отворањето на нови стручни училишта ќе обезбеди одлична можност за подобрување на нивото на образование, особено во областа на стручното образование,<br>- Граѓаните од овие региони се подготвени да ги пречекаат гостите со гостопримството,<br>- Во населбите Опоље и Гора има голем број нови згради, така што условите за домување значително се подобрени,<br>- Населените места имаат долга историја и богат културен живот на овие региони,<br>- Продолжување на интеграциските процеси со Европската унија, | - Емиграција на населението,<br>- Далечните села ги губат своите жители поради емиграцијата до тој степен што е загрозено нивното идно постоење,<br>- Интензивните градежни активности го сменија изгледот на селото, историските градби или се оштетени или урнати, запоставен е јавниот простор,<br>- Неразвиена комунална и туристичка инфраструктура,<br>- Последици од глобалната финансиска и економска криза,<br>- Затвореност на подрачје и прилично изразена сообраќајна изолација на селото,<br>- Стапката на невработеност е на многу високо ниво,<br>- Скромен пазар на туристичка побарувачка во соседните земји заради нивната неразвиеност,<br>- Еколошко загадување, еколошки проблеми и опасност од еколошка катастрофа,<br>- Неправилниот начин на отстранување на отпадот (согорување, диви депонии во реките) го загрозува човековото здравје и животната средина,<br>- Општина Драгаш е достапна за остатокот од Косово преку еден единствен влез, |

| | |
|---|---|
| - Зголемена меѓународна побарувачка за туризам ориентирана кон природата,<br>- дијаспората може да дејствува како извидник на новите движења, амбасадор, посредник за промени и инвеститор,<br>- Дијаспората, која се враќа на подрачјето на општина Драгаш за време на летните одмори, претставува огромна група на потенцијални корисници на туристичката инфраструктура,<br>- Приливот на финансиски средства што доаѓа од дијаспората и од меѓународните фондови нуди можност за зајакнување на локалната економија доколку се потрошат на корисен начин,<br>- Природните ресурси и туризмот овозможуваат бројни можности за развој на нови претпријатија;<br>- Поефикасното управување со Националниот парк Шар Планина во својство на катализатор на туризмот нуди можности за економски развој на општина Драгаш<br>- Значителни, но недоволно искористени потенцијали за развој на туризмот, земјоделството и сточарството,<br>- Поволни услови за производство на еколошки здрава храна,<br>- Зголемување на бројот на сместувачки капацитети-хотели, мотели, апартмани, | - Влијание на климатските промени, особено врз земјоделството и туризмот,<br>- Недостаток на сместувачки капацитети за масовен туризам,<br>- Прекумерни цени на услугите во однос на стандардот,<br>- Необјективна туристичка пропаганда,<br>- Недостаток на свесност на граѓаните за развојот на оваа област, со акцент на туризмот, како економска гранка,<br>- Ориентација кон едносезонски туризам и еден вид понуда,<br>- Напуштање на земјоделското производство и сточарството во селата,<br>- Зголемена фреквенција на кражба на добиток,<br>- Чести прекини во сообраќајот заради зимската сезона, поради снег и нередовно чистење,<br>- Експанзија на дивоградби и неивно неспречување,<br>- Неповолен амбиент за инвеститорите,<br>- Неконтролираното проширување на населените места ги зголемува проблемите поврзани со инфраструктурата и може да уништи високо квалитетно земјоделско земјиште и животната средина,<br>- Постојаната небрежност кон инфраструктурата е голема закана за населените области, |

| | |
|---|---|
| - Создавање и реализација на туристички програми за целогодишен одмор,<br>- Реализација на туристички програми за задоволување на рекреативните потреби во природа за тематски содржини,<br>- Развој на програми за климатско лечење во планините и шумскиот екосистем,<br>- Постојат значајни места и објекти на културно наследство во регионите, како што е најстарата џамија на Косово, сместена во селото Млике;<br>- Населението во овие региони има богато и сочувано културно наследство,<br>- Презентација на програми засновани врз традицијата, културата и историјата,<br>- Развој на комплементарен туризам планина-море, град-планина. | - Недостатокот на инвестиции во земјоделска инфраструктура, технологија и знаење доведува до тоа луѓето да се откажат од земјоделството,<br>- Побарувачката за беспрекорни пејзажи и биолошка разновидност се натпреварува со барањата за зголемување на употребата на специфични средства, како скијачки центри, брзите патни врски и (во поголем обем) хидроцентрали; планирање на инфраструктурни проекти без да се земе предвид животната средина, може сериозно да ја загрози природата,<br>- Некоординираниот развој од кој било аспект може да ги уништи природните ресурси како основа за туризмот. |

Во секој од горенаведените аспекти, кои се детално објаснети во претходните поглавја, постојат можности и закани за понатамошен развој. Анализата на сегашната состојба покажува дека постојат некои трендови кои се чини дека создаваат најголем ризик за регионите на Опоље и Гора. Од друга страна, постојат и големи можности. Овие можности и закани се прикажани во табелата погоре.

Природните ресурси вклучуваат голем број на растенија и животни и мора да се сметаат за најголемо богатство на овие региони. Затоа, одржливото користење на земјиштето и заштитата на биолошката разновидност и проширувањето на Националниот парк Шар Планина, нудат можност за зачувување на ова богатство за иднината, што ќе биде од голема вредност за луѓето, природата и за развој на туризмот како економска гранка.

Доколку макроекономската состојба во целина и локалната економија во општина Драгаш останат слаби и подолг временски период не нудат работни места, приходи и перспективи (особено за помладите генерации), мора да се претпостави дека процесот на иселување ќе продолжи и во иднина. Ова може да доведе до депопулација на особено оддалечените села и може да го попречи развојот на овие региони.

Вредноста на просторните ресурси, убавината на природата и богатото културно наследство нудат можност за развој на повеќе форми на туризам, пред сѐ природен туризам, кој може да обезбеди приходи и работни места и со тоа да ја зајакне локалната економија. Големиот број луѓе од дијаспората кои ги поминуваат своите летни одмори во областа на Опоље и Гора, претставуваат еден позитивен фактор за сето ова. Проширувањето на Националниот парк Шар Планина нуди дополнителна можност за промовирање на Опоље и Гора како туристички области.

# 10 ВЕРИФИКАЦИЈА НА ХИПОТЕЗИТЕ

Врз основа на резултатите од емпириското истражување спроведено во регионите Опоље и Гора, кои покажаа дека испитаниците сметаат дека дијаспората покажува позитивен интерес за инвестирање во туризам во Опоље и Гора, благодарение на природните и антропогените ресурси за туризам, можеме да заклучиме дека се ***потврдува Н0 - општата хипотеза***. Резултатите од истражувањето исто така покажаа дека мнозинството испитаници (42,2%) не ја знаат правната рамка за инвестирање во Косово, додека истата ја познаваат само 27% од испитаниците. Ова укажува на тоа дека мнозинството испитаници веруваат дека Владата на Косово треба да го измени законот за туризам и туристички услуги на Косово, за да може заинтересираните инвеститори да управуваат врз основа на тој закон, што значи дека ***е потврдена и помошта Х1 хипотеза***. Мнозинството испитаници (41%) исто така сметаат дека е многу лесно да се инвестира во Косово, додека 35% сметаат дека не е лесно, 24% од испитаниците рекле дека не знаат, што значи дека ***хипотезата Х2 се отфрла***. ***Хипотезата Н3 се потврдува***, со оглед на тоа што во регионите Гора и Опоље 57% од популацијата е помлада од 34 години, додека само 9% од населението е постаро од 65 години. Тоа покажува дека регионите имаат големи човечки потенцијали, што е еден од факторите за развој на туризмот како економска дејност. ***Хипотезата Х4*** исто така ***се потврдува***. 47% од испитаниците посочија дека патната

инфраструктура е отежнувачка околност за инвестирање во Гора и Опоље, како што претходно укажавме при подготовката на докторската дисертација. ***Се потврдува и хипотезата Х5***. Туристичките потенцијали на Шар Планина во делот на Опоље и Гора досега не биле доволно искористени. Регионите Опоље и Гора со сите свои природни и антропогени ресурси (географска положба, релјеф/терен, климатски услови, богат хидрографски и биодиверзитетски потенцијал, живописен рурален пејзаж, природни резервати - национален парк, етнографски елементи, фолклорни фестивали, сакрални објекти, археолошки локалитети, обичаи и традиции), претставува туристичка вредност на регионот и можност за развој на повеќе форми на туризам. ***Исто толку важен е и планираниот пристап кон развој на туризмот и преземање активности насочени кон дефинирање на развојни цели, стратегии, политики и програми, како и средствата за нивна реализација.***

## ЗАКЛУЧОК

Во воведниот дел од трудот се дискутира за важноста на проучувањето на темата, накратко се презентирани поглавјата на докторската теза. Покрај воведот, заклучокот и литературата, докторската дисертација содржи десет поглавја со релевантни тези. Секое поглавје е поврзано со подпоглавја и делови, затоа што всушност сите заедно го претставуваат истражувачкиот процес.

Првото поглавје се занимава со теоретско - методолошкиот и практичниот пристап на истражување на темата Дијаспората во функција на развој на туризмот во Опоље и Гора. Вклучува дефинирање на предметот, истражувачките цели, дефинирање на методологијата на истражување што опфаќа користени методи и принципи применети во истражувањето и поставување хипотези.

Предмет на докторската теза е истражување на дијаспората и нејзино вклучување во функција на развој на туризмот во Опоље и Гора, т.е. волјата на дијаспората потенцијално да инвестира во својата татковина.

Целта на истражувањето во овој труд е да се испита инвестицискиот капацитет на дијаспората во туризмот во Опоље и Гора, како и анализа и идентификација на можностите

и предизвиците за непречен развој на туризмот во регионите Опоље и Гора, во согласност со законските, економските, еколошките и социјалните барања, како и анализа на физичко-географските комплекси, антропогените вредности и човечки ресурси на регионите и нивно активирање во насока на развој на туризмот како економска гранка.

Можеме да констатираме дека се потврдени главната и помошните хипотези поставени на почетокот на овој труд, односно дека дијаспората покажува позитивен интерес за инвестирање во туризмот во регионите Опоље и Гора. Регионите имаат значителни природни и антропогени туристички ресурси и можат да играат значителна улога во туристичкиот пазар во Косово и регионот, но можностите за развој на туризмот во овие области се недоволно искористени.

Во обработката на оваа сложена тема, беше применет комплексен и мултидисциплинарен пристап. Покрај класичните, користени се и современи научни методи. Најголема е примената на анализата и синтезата како средства за верификација на хипотезите, потоа дијалектичкиот метод со оглед на тоа што туризмот, како што споменавме, е дејност која се карактеризира со хетерогена структура. Користени се и каузалниот, компаративниот, дескриптивниот, анкетниот метод, статистички методи, картографски метод, метод на моделирање, како и Пестел и SWOT анализа.

Второто поглавје го анализира туризмот како систем, потоа туристичкиот пазар на Косово и јужниот регион на Косово. Туризмот, како масивен и динамичен социо-економски феномен кој се развива со голема брзина, се смета за еден од клучните фактори во развојот не само на индивидуалните дестинации, туку и на глобалната економија. Туризмот е голем и комплексен феномен со економски, еколошки и социо-културни импликации. Тој е комплексна и на многу начини специфична дејност во однос на другите делови на економијата. Косовскиот туризам е сè уште во почетна фаза на развој, иако Косово има значителни туристички потенцијали кои се недоволно истражени и експлоатирани, а се прават напори да се развива туризмот поинтензивно од другите економски гранки.

Јужниот регион на Косово е многу атрактивна туристичка област, бидејќи има ризница со богати туристички вредности и атракции, славна историја, мултиетничност и културна разновидност.

Регионите Опоље и Гора се карактеризираат со просторни ресурси, го зафаќаат јужниот дел на Косово и се наоѓаат на границата со Косово, Албанија и Македонија, зафаќаат површина од 435,8 км2, или околу 4% од вкупната територија на Косово. Со сите свои природни и антропогени ресурси (географска положба, релјеф/терен, климатски услови, богат хидрографски и биодиверзитетски потенцијал, живописен рурален предел, природни резерви - национален парк, граница со националните паркови Попова Шапка, Маврово и Кораб, етнографски елементи, фолклорни фестивали, сакрални објекти, археолошки локалитети, обичаи и традиции), претставува туристичка вредност на регионите и можност за развој на повеќе форми на туризам.

Релјефот на Опоље и Гора е видно ридско планински со доминантниот срт на Шар Планина, под кое се наоѓаат длабоки речни долини, пред се на Рестеличка и Бродска река. Тие се влеваат во Плавска река, создавајќи исклучително привлечно природно опкружување со бројни контрасти и геоморфолошки форми.

Целата област е изложена на изменета медитеранска клима, каде што има четири климатски зони: жупска, планинска, субалпска и алпска.

Надморската височина варира помеѓу 730 m на северот во регионот на Ополе, до 2.550 м.н.в. на југ во регионот Гора, а самата општина лежи во просек од 1.620 м надморска височина. Во исто време, надморската височина е и причина за изолирање на регионот и јавување на сегашните економски, туристички и инфраструктурни проблеми. Целата територија на регионите Опоље и Гора (општина Драгаш) е во доменот на Националниот парк Шар Планина. Регионите се карактеризираат со ниско ниво на развој како на целокупната економија така и на туристичката дејност, со глед на тоа што овие области, за сега, немаат доволно материјална основа и традиција на туристички развој.

Овие два региони имаат потенцијали што сè уште не се валоризирани. Развојот на туризмот во регионите Опоље и Гора е под влијание на бројни ограничувачки фактори како што се: лошата инфраструктура и супраструктура, затвореност на подрачјето, отсуство на туристички организации, традиции, маркетинг, свест на граѓаните и др.

И покрај предизвиците со кои се соочуваат регионите на Опоље и Гора, овој дел од Косово има огромен туристички потенцијал што произлегува од природните одлики, руралниот живот и културната разновидност.

Што се однесува до структурата на населението, во регионите Опоље и Гора, односно во општина Драгаш, како постојани жители живеат околу 33.997 лица, односно 1,95% од вкупното население на Косово. Двата региони имаат по 18 населени места (села), вкупно 36 села, а градот Драгаш е општински центар. 36% од населението живее во домаќинства кои имаат меѓу два и четири члена, 33% од населението живее во домаќинства со пет или шест члена. Етничката припадност на населението на општинско ниво е: околу 60% косовски Албанци, 12% Бошњаци, 26% Горани и мал број на други други етнички групи. Албанците живеат во регионот на Опоље, додека Горанците и Бошњаците живеат во регионот Гора. Во регионите доминира млада структура на населението, односно околу 57% се на возраст под 34 години, а 65% од постојаното население е на работна возраст (од 15-59 години за жени, а 15-65 за мажи), со околу 9% население над 65 години. Неписменоста е скоро искоренета со околу 4%, присутна е главно кај постарата популација во Опоље и Гора. Стапката на наталитет на општинско ниво изнесува 1,7%, додека стапката на морталитет е 0,58%. Густината на населението на општинско ниво е 78 лица на км², што ја прави петта најмалку густо населена општина на Косово.

Во поглавјето за културното наследство, беше истакнато дека целосната култура на регионите Опоље и Гора се потпира на исламската култура и цивилизација, со примеси на сродни исламски народи, но и на други пагански елементи од античкото минато. Оваа популација, веројатно несвесна за значењето и материјалната вредност на она што го поседува, не обрнува многу внимание на овие антиквитети и честопати ги отстранува, несвесна дека на тој начин го уништува своето минато.

Приемните капацитети во Опоље и Гора се ограничени и како такви се недоволно искористени во текот на целата година. Даватели на туристички и сместувачки услуги во општина Драгаш се: туристичко-рекреативен центар „Arxhena“ во Брод и хотел „Мека Шар“ во Драгаш. Овие амбиенти имаат капацитет за современи туристи и можат да бидат конкуренти во областа. Исто така, врз основа на анализата, можеме да заклучиме дека во периодот од 2010 година до денес е постигнат значителен напредок во инвестициските

активности во Опоље и Гора, каде што се изградени и реновирани некои хотели, мотели и ресторани, врз основа на кои во 2019 година постои значителен подобар резултат во однос на бројот на туристи. Во иднина се очекува зголемување на туристичкиот сообраќај.

Регионите Опоље и Гора се ограничени во однос на копнениот сообраќај. Тие се поврзани со остатокот на Косово со регионалниот пат Призрен - Драгаш. Во рамките на самата општина, има три регионални патишта, првиот е Призрен - Трокан - Заплужје во Опоље, вториот е Призрен - Драгаш - Рестелица и третиот пат е Драгаш - Брод. Регионите имаат три прекугранични премини, два кон Република Албанија (Шиштевец и Борје), и еден кон северот на Македонија, кој е сезонски прооден, на трасата Драгаш - Рестелица - Срезимир – Маврово. Сите гранични премини се наоѓаат во регионот Гора. Најблискиот град со кој се поврзани регионите Опоље и Гора е градот Призрен (37 км), Кукс во Албанија (47 км), и Маврово (40 км) во С. Македонија. Драгаш, како административен центар на регионот Опоље и Гора, е оддалечена 114 км од Приштина. Во тек е реконструкција и проширување на регионалниот пат Призрен - Драгаш.

Што се однесува до воздушната комуникација, општина Драгаш е оддалечена од:

- Меѓународниот аеродром Адем Јашари Приштина – Драгаш - 114 км,
- Никола Тесла Белград - Приштина – Драгаш - 479 км,
- Мајка Тереза Тирана – Драгаш - 245 км,
- Аеродром во Ниш Константин Велики - Приштина – Драгаш - 252 км,
- Аеродром Александар Велики Скопје - Приштина – Драгаш - 198 км.

Централните и локалните институции во Косово вложуваат големи напори за заживување на туризмот како економска гранка. Постои Одделение за туризам при Министерството за индустрија и трговија на Косово, кое се занимава со планирање и управување со туризмот, засновано на законот бр. 03 / L-168 за туризам и туристички услуги.

Додека на локално ниво, во општина Драгаш има дирекција за земјоделство, туризам, рурален развој и инспекција, што е регулирано со Статутот на општина Драгаш. Општина Драгаш се стреми да создаде позитивно опкружување за инвеститорите, во смисла на регулирање на патната инфраструктура, валидност на имотот - легална сопственост, општински даночни средства и административни процедури. Постојат даночни олеснувања

за деловно работење на локално ниво на општина Драгаш, кои се регулирани со законот за локална самоуправа, статутот на општината и прописите за висина на такси и даноци и правилник за субвенции.

Локално - економскиот развој на сите општини се разликува еден од друг. Разликата лежи во стратегијата и политиката на развој на туризмот во секоја општина. Во исто време, неопходно е континуирано да се следи процесот на спроведување на развојни политики, да се споредуваат постигнатите и планираните резултати, да се идентификуваат проблемите и да се утврдат причините за овие проблеми. Успехот во туристичкиот развој во една област во голема мерка зависи од подготвеноста и ставовите на локалното население да се вклучат во туристички активности, создавање и пласман на туристички производи и услуги, како и промовирање на туристичкиот развој во одредена област.

Дијаспората од Опоље и Гора е видлив потенцијал кој игра важна улога во развојот на туризмот во овие региони. Таа претставува движечка сила за опстанок и развој на домицилното население.

Бидејќи регионите Опоље и Гора се планински области, односно меѓугранични региони, стапката на невработеност отсекогаш била висока. Популацијата е принудена да бара егзистенција на друго место, надвор од својата татковина, но врската секогаш останувала блиска. Во овој труд, ги анализиравме можностите и тешкотиите што ги имаат областите на Опоље и Гора во процес на инвестирање во областа на туризмот како индустрија. Регионите имаат слабо развиена туристичка инфраструктура и супраструктура, поради што во оваа докторска дисертација ја вклучивме дијаспората која може да ја подобри туристичката индустрија во овие региони и да го развива туризмот како економска гранка на општинско ниво.

Врз основа на анализата на истражувањето и обработените податоци во трудот, можеме да заклучиме дека дијаспората е подготвена да инвестира во туризмот и угостителството во регионите Опоље и Гора. Дијаспората веќе има инвестирано во приватни станбени објекти и мали бизниси. Поголемиот дел од испитаниците посочија дека во практика ги знаат добро условите на туризмот во Косово, додека мнозинството испитаници не ја знаат правната рамка за инвестирање во Косово, затоа што Косово нема министерство за туризам, а законот за туризам е нецелосен. Испитаниците се согласни дека е потребно реновирање и изградба

на туристички и угостителски објекти на традиционален начин (максимално да се почитуваат автентичните природни, културни и традиционални вредности на регионите Опоље и Гора). За маркетинг и промоција на туризмот во регионите Опоље и Гора, потребно е да се користат современи медиуми (интернет, телевизија, радио, итн.), туристички, спортски и студентско-училишни организации. На туристите треба да им се понуди локална гастрономија.

Сите релевантни показатели за сегашниот развој на туризмот во регионите Опоље и Гора, укажуваат на тоа дека туризмот е пропуштена можност бидејќи сегашното ниво на валоризација на туристичките потенцијали не е задоволително.

Шансата за подобрување на туристичката понуда на Опоље и Гора треба да се бара во развојот на планинскиот, зимскиот, руралниот, спортско-рекреативниот, здравствениот, манифестацискиот, ловниот и риболовниот туризам.

Врз основа на идентификуваните фактори и добиените податоци, ги презентиравме чекорите што треба да се спроведат во реалноста, за туризмот во оваа област, покрај сточарството, да биде главната гранка на егзистенција на локалното население, а тоа се:

- Да се зголеми комуникативноста, економскиот, социјалниот, еколошкиот и културниот напредок на локалното население преку развој на туризмот,
- Преку соодветна употреба на природните потенцијали кои нема да го загрозат квалитетот на животната средина, ќе се зголеми богатството и ќе создадат подобри услови за подобрување на животниот стандард на населението,
- Трансформација на економијата преку развој на туризам, земјоделство (сточарство) и други дејности за да се овозможи побрз економски и социјален развој,
- Неопходно е да се внимава развојот на туризмот да не ја загрози еколошката состојба на животната средина и природното опкружување,
- Да се создадат услови за подобро професионално образование и вработување на млади луѓе во услужниот сектор.

На крајот, направивме комплетна ситуациона анализа на регионот на Опоље и Гора, во функција на развој на туризмот, каде што преку Пестел и SWOT анализа забележавме многу предности и недостатоци што влијаат на развојот на туризмот во овој дел на Косово. За

побрз развој на овие региони, постои недостаток на способни и заинтересирани развивачи, доверители, фондови, инвеститори и менаџери кои со нови инвестиции би го започнале развојот од мртва точка. Затоа, неопходна е помош од Владата на Косово, националните и меѓународните фондови, ресорните министерства, невладиниот сектор, успешните бизнисмени од регионот и дијаспората.

Развојот на туризмот би овозможил социјален, економски, културен и еколошки напредок, т.е. поголемо вработување, подобра валоризација на расположливите ресурси, ревитализација на селата, подобрување на стандардите, условите за живеење и работа, зголемување на социјалната активност на граѓаните во регионите Опоље и Гора.

***Регионите Опоље и Гора се неистражени области исполнети со можности за развој на туризмот.***

# ЛИТЕРАТУРА


1. Agencija za statistiku Kosova, 2012. godine
2. Agencija za statistiku Kosova, Broj turista po zemljama porekla, 2007-2017 god.
3. Kosovska agencija za statistiku, 2017. god.
4. Agencija za statistiku Kosova "Ljudi u pokretu: analiza međunarodnih, nacionalnih i lokalnih mobilnosti ljudi Kosova", Popis na Kosovu 2011.god.
5. Atlas održivog razvoja: Drugo izdanje (Nacrt) baze, UNDP, jun 2012. godine.
6. Administrativno uputstvo za regulaciju i razvoj sistema za ocenu smeštaja br. 19/2013, Ministarstva trgovine i industrije, Priština 2013. godine.
7. Adamović J. i Đoković V., Geografski fakultet, Beograd, Šarplaninske župe Gora, Opolje i Sredska, SANU, Geografski institut „Jovan Cvijić", Knjiga 40/III, Beograd, 1997.
8. Aga, Š., Gora kao turistička destinacija, Monografija. Prizren 2014. godine.
9. Blagojević, S. (2009). Planiranje razvoja turizma. Zbornik radova Departman za geografiju, turizam i hotelijerstvo 38/2009, str. 196-209, UDK: 338.48
10. Batkoska L. Metodologija na naučnoto istražuvanje, Ohrid, 2005 god..
11. Clarification: This data was obtained through the registration of emigrants, and was conducted from 20 May 2007 until 08 July 2007. This analysis took a sample of 10% of those included in the questionnaire (145 persons). From UNDP report on Population Projections for Dragash, Gollopeni, B., June 2012.
12. Corporate governance In publicly owned Enterprises in Kosovo, Improving transparency and governance of public funds in Kosovo, Prishtina, 2012.
13. Convention Concerning the Protection of the World Cultural and Natural Heritage (1972), United Nations Educational, Scientific and Cultural Organisation.
14. Ćukić D. Prirodni i antropogeni turistički motivi i mogučnosti razvoja turizma u Gori, Opolju i Sredskoj, Geografski institute "Jovan cvijić" SANU, Beograd, 1993.
15. Ćukić D., Priština Karakteristike razvoja turizma, Šarplaninske župe Gora, Opolje i Sredska, SANU, Geografski institut „Jovan Cvijić", Knjiga 40/III, Beograd, 1997.
16. Čačić, K. (2013), Poslovanje hotelskih preduzeća, Beograd, Univerzitet Singidunum.
17. Čorović, S. (2004). Istraživanje turističkog tržišta. Prirodno-matematički fakultet, Departman za geografiju, turizam I hotelijerstvo, Novi Sad. ISBN 86-7031-043-0.
18. Qoruhlu T. Kayip mirasin izinde "Gora halk sanatlari", Istanbul 2007.

19. Qafleshi M., Qafleshi V. Trashëgimia kulturore e Sharrit, Shar, 2019.
20. Dašić, N. & Jovich, D. (2011). Selektivni oblici turizma u Crnoj Gori. Glasnik Srpskog geografskog društva, sveska XCI - Br. 1, str. 135-146, UDC 911.3: 380.8 (497.16), DOI: 10.2298 / GSGD1101135D.
21. Dana, H. "Diploma Work – Opoja in external migration: Reasons, losses and benefits", Prishtina 2007.
22. Demokratski institute za razvoj Kosova, 2017 godine
23. "Feasibility Study on establishing a transboundary protected area Shar/Šarplanina – Korab – Dešat". UNEP Vienna – ISCC, 2010.
24. Fleischer, A. & Felsenstein, D. (2000). Support for rural tourism: does it make a difference? Annals of Tourism Research, 27 (4), 1007-1024.
25. Gašić, M., Ivanović, V. & Perić, G. (2015). Materijalna baza razvoja turizma na prostoru Topličkog okruga. Synthesis, International Scientific Conference of IT and Business – Related Research, DOI: 10.15308/Synthesis-2015-494-498.
26. Grubišić, A. Hi-kvadrat test i njegove primjene, seminarski rad, Fakultet elektrotehnike i računarstva, Sveučilište u Zagrebu, Split, veljača 2004.
27. IUCN SEE e-Bulletin Issue 25. mart - 2011. godine.
28. Jovičić, D. (2000). Turizam i životna sredina - koncept održivog turizma. Zadužbina Andrejević, Beograd.
29. Kući B., Perspektiva razvoja turizma na Kosovu u okviru evropskog turističkog tržišta, doktorska disertacija, Fakultet za turizam i ugostiteljstvo - Ohrid, 2017.
30. Kusen E., Turizam i prostor, Klasifikacija turistickih atrakcija, Izvorni znanstveni članak, Institut za turizam, Zagreb, 2002.
31. Krivošejev, V., Upravljanje baštinom i održivi turizam, Narodni muzej Valjevo, Artis, Valjevo, 2014.
**32.** Kovačević, B. (2014). Turizam Šajkaške. Doktorska disertacija, Prirodno-matematički fakultet, Departman za geografiju, turizam i hotelijerstvo, Novi Sad.
33. Kancelarija biroa za zapošljenje u Dragašu, 2012. godine.
34. Laiper, N., Tourism Menagment, 3 rd edition, pearson Education Australia, 2004.
35. Lutovac M. Gora i Opolje-Antropogeografska proučavanja, Srpski etnografski zbornik,knj.LXIX 35, Beograd.

36. Lokalni plan delovanja biodiverziteta opštine Dragaš 2011-2015.
37. Lokalni plan o delovanju za biodiverzitet, Dragaš, 2012. godine.
38. Lokalni ekološko akcioni plan opštine Dragaš 2013-2018. godine.
39. Maksin, M. (2012). Turizam i prostor, Univerzitet Singidunum, Odeljenje za turizam i hotelijerstvo, Beograd.
40. Marinoski N., Stamenković, P. & Ilić, D. (2015). Turistička geografija, Visoka poslovna škola stručnih studija, Leskovac.
41. Marinoski N., Turistička geografija R. Makedonije, Ohrid, 2001. god.
42. Marić R., Institut ekonomskih nauka, Beograd, Šarplaninske župe Gora, Opolje i Sredska, SANU, Geografski institut „Jovan Cvijić“, Knjiga 40/III, Beograd, 1997.
43. Mastilović M. Geografski Atlas za osnovne I srednje škole, Zavod za kartografiju, Geokarta, Beograd, 1990.
44. Mill,C.R.; Morrison, M.A. (1985) The Turism System – An introductory text – Prentice – Hall, Inc., New York.
45. Mclntosh, W.R; Goeldner, R.C. (1986) Tourism-Principles, Philosophies, John Wiley&Sons, New York.
46. McKercher, B., Somefundamental truths about tourism: understanding tourism’s social and enviromental impacts, Journal of Sustainable Tourism, No.1, 1993.
47. Ministarstva trgovine i industrije-Divizija za turizam – Kosova, 2019.
48. Ministarstvo za Trgovinu i Industriju, Profil turističkog sektora, mart 2014. god.
49. Monografija južnog regiona Kosova, 2012.
50. Mrnjavac, E., Radišić, B. i Pavia, N. (2008). Managament in Tourism and Environment Protection. Turizam, Volume 12, str. 16-22., dostupno na http://www.dgt.uns.ac.rs/turizam/arhiva/vol1_3.pdf
51. Neiman M. (2010), Vodič za neotkrivenu lepotu: UNDP Kosovo – Dragaš.
52. Očuvanje biološke raznolikosti i upravljanje održivim korišćenjem zemljišta u opštini Dragaš, Profil opštine Dragaš u Planu razvoja opštine, 2013-2023. godina.
53. Opštinska Kancelarija za Povratak, Strategija za Povratak, opština Dragaš, 2010. godine
54. Popesku, J. (2002.), Marketing u turizmu, Čigoja štampa, Centar za odgovorni i održivi razvoj turizma, Beograd.
55. Popesku, J. (2011), Menadžment turističke destinacije, Beograd, Univerzitet Singidunum.

56. Petrović, M. (2014). Kvalitet agroturizma Vojvodine i njegov uticaj na stavove lokalnog stanovništva. Doktorska disertacija, Prirodno-matematički fakultet, Departman za geografiju, turizam i hotelijerstvo, Novi Sad.
57. Plan razvoja opštine Dragaš 2013-2023. 2013. godine.
58. Program saradnje između institucija Kosova[1] i Razvojnog Programa Ujedinjenih Nacija – Kosovski Program Akcioni Plan 2011 – 2015 ([1] Kosovo pod Rezolucijom Saveta Bezbednosti Ujedinjenih Nacija 1244 (1999)).
59. Pravilnik o visini taksi, zaduženja i opštinskih kazni, 01 br. 06 – 15345/1, član 6., tačka 6.1. dt. 28.08.2014 god., Dragaš 2014.
60. Pravilnik o uslovima, kriterijumima i postupcima dodele subvencija, 01 br. 060/01-31587/1, 24.12.2019. Dragaš.
61. Rabotić B., Turističko vođenje u savremenom turizmu, doktorska dizertacija, Univerzitet Singidunum, 2009. godine.
62. Rashica E., Infrastruktura rrugore e Kosovës, Priština 2016.
63. Raporti i fundvitit 2008 i BQK.
64. Reçica F., Millaku B., Ekonomia e turizmit, Prishtinë, 2011.
65. Rezultatet preliminare të regjistrit të Diasporës, Prishtinë, 2017.
66. Romao, J. (2012). Tourism and Territorial Differentiation: An Analysis of the Competitiveness and Sustainability of Tourism, Ph.D Program in Tourism, University of Algarve, Faculty of Economics.
67. Republika Kosova, ministarstvo administracije lokalne administraciju:”Strategija za lokalnu samoupravu za 2016-2026”, Priština, februar, 2016.
68. Report on the State of Nature 2008-2009; KEPA, Priština., 2010.
69. Simić, V. (2011). Razvoj održivog banjskog turizma kao prilika za razvoj opštine Knjaževac, Prvi simpozijum o upravljanju prirodnim resursima, Zbornik radova, Fakultet za menadžment u Zaječaru, Univerzitet Magatrend.
70. Skenderović I. Geografski aspekti ekonomskog razvoja opštine Rožaje, doktorska disertacija, Novi Pazar, mart 2010.
71. Staka K., Bajrami H., Mehmeti Z., Zhvillimi i turizmit dhe planit hapësinor të turizmit, Prishtinë, 2014.

72. Stanković, S. (2003). Životna sredina, turizam i prostorno planiranje, Glasnik srpskog geografskog društva, sveska LXXXIII - br. 2.
73. Stefanović, V. & Gligorijević, Ž. (2010). Ekonomika turizma. SVEN, Niš.
74. Stojković, M. (2013). Situacijska analiza turističkih potencijala i resursa, Turizma i putovanje, dostupna na http://www.turizamiputovanja.com/situacijska-analiza-turistickih-potencijala-resursa.
75. Strategija za dijasporu i migraciju 2013-2018, Priština, juli 2013.
76. Strategija i akcioni plan za Biodiverzitet 2011-2020. godine, Departman za zaštitu životne sredine, Priština, 2011.
77. Strategije za Lokalni Ekonomski Razvoj 2019-2023, Priština, 2018.
78. Skupština opština Dragaš, Srednjoročni budžetski okvir opštine 2020-2022, Dragaš, 2019.
79. Statut opštine Dragaš, 01 Br.06-103/1, Dt. 11. 09. 2008 god.
80. Savet Evrope: „Dilema: korišćenje kulturnog nasleđa za turizam ili korišćenje turizma za zaštitu i održavanje kulturnog nasleđa?“ Dokument na engleskom jeziku:https://www.coe.int/t/dg4/cultureheritage/.../PejaHeritage Article.pdf.
81. Šarplaninske župe Gora, Opolje i Sredska, Društveno-Ekonomski Razvij (prošlost-sadašnjost-budućnost), SANU Geografski institut „Jovan Cvijić“, Knjiga 40/III, Beograd, 1997.
82. Turjačanin, V. & Čekrlija,Đ. (2006). Osnovne statističke metode i tehnike u SPSS-u, primena SPSS-a u društvenim naukama, Centar za kulturu I socijalni popravak, Banja Luka.
83. Topografska karta,Vojnogeografski institut, štampana 1980, br. Lista 163.
84. Ubavić, P. (2015). Turistička politika I mogući pravci razvoja turizma u Srbiji. Ekonomija, Teorija I praksa, godina VIII – broj 1, str. 20, UDK: 338.481(497.11)
85. Unković S., Zečević B., Ekonomika turizma, centar za izdavačku delatnost Ekonomskog fakulteta, Beograd, 2004.
86. UNDP - Atlas održivog razvoja za Dragaš – Kosovo, Tom 2, mart 2013.
87. UNDP-Atlas održivog razvoja za Dragaš, Tom 3, Dragaš – Kosovo, mart 2013.
88. Zakon o iskorišćavanju pašnjaka, član 11. ( Sl. Glasnik NRS br.15/60), opštinska Odluka Narodnog odbora opštine Dragaš 04-Br. 1536/60, 20.V. 1960 godine, Dragaš.
89. Zakon o turizmu br. L-04/176, Službeni glasnik Republike Kosovo br.14, Priština, 2013.

90. Zakon br. 03/l- 168 o turizmu i turistickim uslugama, Priština, mart 2010.
91. Zakona br. 04/l-174 O prostornom planiranju, član 21, tačka 1. Službeni list Republike Kosova / br. 30 / 23 avgust 2013, Priština.
92. Zakon br. 04/L-095 o dijaspori i migraciji (Službeni list Republike Kosovo br. 18 / 03 jul 2012. godine), Priština.
93. Živković, S. (2015). Analiza podataka u SPSS-u, Priručnik iz statistike, De Facto Consultancy, Podgorica.
94. Wassel T. (2011), Planine Dragaša, Vodič o planinarenju i prirodni turizam, UNDP Kosovo-Dragaš.

## ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ

1. Aerodrom Konstantin Veliki Niš, dostupno na http://nis-airport.com/statistika/
2. www.slobodnaevropa.org – Turizam na Kosovu: Potencijali veliki promocija slaba, 2013. godine.
3. http://www.mmph-rks.org/sr/Odeljenje za zaštitu životne sredine: Strategija i akcioni plan za Biodiverzitet 2011-2020. godine. str. 30.
4. http://www.google.com/url?sa=t&source0web&cd=4.
5. www. Gazeta zyrtare, zakon o nacionalnom parku Šara, član 2, Skupština Kosova, 2013. god.
6. http://dzamijegora.weebly.com/uloga-d382amija-u-islamu.html
7. http://dzamijegora.weebly.com/uloga-d382amija-u-islamu.html
8. www. Dragash ORP - deo I, pdf., jun 2013., str. 125.
9. http://www.booking.com/hotel/xk/meka.sr.html
10. http://www.tripadvisor.com/Hotel_Review-g6278555-d6226978-Reviews-Meka_Hotel-Dragas.html
11. www.google.com/#q=hotel+arxhena+brod+dragash
12. www. Ministarstvo za infrastrukturu R. Kosova.
13. http://www.airportpristina.com/companyprofile
14. https://hr.wikipedia.org/wiki/Dijaspora
15. http://diasporamatters.com/why-diaspora-matters/, 18.05.2013.

16. http://sdt.unwto.org/content/about-us
17. www.slobodnaevropa.org – Turizam na Kosovu: Potencijali veliki promocija slaba, 2013. godine.
18. Wikipedia.org. Swot-analiza

## СПИСОК НА ТАБЕЛИ

Табела бр. 1. Список на категоризирани угостителски објекти на Косово за 2014 година.........................................................................................................................29
Табела бр. 2: Број на туристи на Косово за периодот 2010-2018 година.............................. 31
Табела бр. 3: Ноќевања на Косово за периодот 2010 – 2018 година....................................33
Табела бр. 4: Број на туристи на Косово по земја на потекло за период 2010 – 2017 год..................................................................................................................................34
Табела бр. 5: Висински зони (%) во Опоље и Гора................................................................ 43
Табела бр. 6: Просечни сезонски температури во Драгаш..................................................... 47
Табела бр. 7: Врнежи и просечна температура за време на периодот на вегетација...........47
Табела бр. 8: Просечна месечна стапка на проток на големите реки......................................50
Табела бр. 9: Население и села на територијата на општина Драгаш 1921-2011 год.............60
Табела бр. 10: Број на вработени во јавни компании во општина Драгаш..............................65
Табела бр. 11: Национален доход по глава на жител ..............................................................66
Табела 12: Список на заштитени споменици, Југославија, 1967 година…………….............74
Табела 13: Главни локалитети на културно наследство во општина Драгаш……….............75
Табела 14: Културни објекти во општина Драгаш (Опоље и Гора)....................................... 76
Табела бр. 15: Органограм на хотелот Arxhena, Брод – општина Драгаш..................................................................................................................... 105
Табела бр. 16: Сместувачки капацитети по вид и локалитет во општина Драгаш............... 106
Табела бр. 17: Капацитети за ноќевање, број на посетители, број на посетители кои ноќеваат (домашни и странски) во општина Драгаш во 2018 година................................................. 108
Табела бр. 18: Број на ноќевања во хотел Мека за 2019 година............................................ 109
Табела бр. 19: Број на посетители во хотел Arxhena, Брод, во периодот 2015 - 2019………………………………………………………………………………........... 110

Табела бр. 20: Број на ноќевања во хотел Arxhena за период од 2015 до 2019 год.......................................................................................................................... 111
Табела бр. 21: Угостителски капацитети за храна и пијалак во Опоље и Гора – 2020 год....114
Табела бр. 22: Дијаспора на Косово и нивните причини за миграција................................ 146
Табела бр. 23: Косовската дијаспора во земјите со поголема фреквенција......................... 147
Табела бр. 24: Компарација на податоците на Исламската заедница во Драгаш и Канцеларијата на заедници, во врска со нивото на емиграција во селата во Гора за 2007 год..........................................................................................................................153
Табела бр. 25: Возраст на испитаниците........................................................................ 167
Табела бр. 26: Структура на испитаниците по пол............................................................ 168
Табела бр. 27: Образовен статус на испитаниците............................................................ 169
Табела бр. 28: Работен статус на испитаниците................................................................ 169
Табела бр. 29: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр. 1............ 170
Табела бр. 30: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр.3............. 171
Табела бр. 31: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр.5............. 172
Табела бр. 32: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр.6............. 172
Табела бр. 33: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр.8............. 173
Табела бр. 34: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр.10........... 175
Табела бр. 35: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр.11........... 175
Табела бр. 36: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр.12........... 176
Табела бр. 37: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр.15........... 177
Табела бр. 38: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр.16........... 178
Табела бр. 39: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр.19........... 180
Табела бр. 40: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр.20........... 180
Табела бр. 41: Структура на испитаниците според статусот на образованието и степенот на усогласеност со изјавата какво е вашето субјективно мислење, дали е законски лесно да се инвестира во Косово.......................................................................................................... 181
Табела бр. 42: Структура на испитаниците според статусот на образованието и степенот на усогласеност со изјавата во која туристичка дејност би инвестирале.................................. 182
Табела бр. 43: Структура на испитаниците според статусот на образованието и степенот на усогласеност со изјавата колку пари би вложиле во Опоље и Гора...................................... 183

Табела бр. 44 Структура на испитаниците според статусот на образованието и степенот на усогласеност со изјавата Што сметате дека претставува отежнувачка околност за инвестирање во Опоље и Гора? ........ 184
Табела бр. 45 Структура на испитаниците според статусот на образованието и степенот на усогласеност со изјавата кој вид маркетинг би го користеле за промовирање на туризмот во Опоље и Гора........ 186
Табела бр. 46: Анализа на варијанса (ANOVA) во однос на подготвеноста на испитаниците да инвестираат во туризмот и познавање на законската рамка за инвестирање во Косово........ 188
Табела бр. 47: Клучни елементи во процесот на креирање на производот........ 200
Пестел анализа на туристичкиот развој во Опоље и Гора........ 216
SWOT анализа на туристичкиот развој во Опоље и Гора........ 220

# СПИСОК НА ГРАФИКОНИ

Графикон бр. 1: Број на туристи на Косово од 2010 до 2018 год........ 31
Графикон бр. 2: Климатски дијаграм на Драгаш........ 46
Графикон бр. 3: Стапка на проток на големите реки на територија на општина Драгаш........ 49
Графикон бр. 4: Број на ноќевања на туристи во хотел Мека за 2019 година........ 109
Графикон бр. 5: Број на посетители во хотел Arxhena во периодот 2015 - 2019........ 110
Графикон бр. 6: Број на ноќевања во хотел Arxhena за период од 2015 до 2019 год........ 111
Графикон бр. 7: Угостителски капацитети за храна и пијалак во Опоље и Гора – 2020 год........ 115
Графикон бр. 8: Причини за миграција на Косово........ 146
Графикон бр. 9: Косовската дијаспора во земјите со повисока фреквенција........ 148
Графикон бр. 10: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр. 1........ 155
Графикон бр. 11: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр. 2........ 155
Графикон бр. 12: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр. 3........ 156

Графикон бр. 13: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр. 7........ 160
Графикон бр. 14: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр. 8........ 160
Графикон бр. 15: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашањето бр. 11...... 161
Графикон бр. 16: Возраст на испитаниците........................................................................ 168
Графикон бр. 17: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашање бр.2............ 170
Графикон бр.18: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашање бр.7............. 173
Графикон бр. 19: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашање бр.9............ 174
Графикон бр. 20: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашање бр.13.......... 176
Графикон бр. 21: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашање бр.14.......... 177
Графикон бр. 22: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашање бр.17.......... 179
Графикон бр. 23: Дистрибуција на одговорите на испитаниците на прашање бр.18.......... 179
Графикон бр. 24: Што сметате дека претставува отежнувачка околност за инвестирање во Опоље и Гора?........................................................................................................ 185

## СПИСОК НА КАРТИ

Карта бр. 1 Туристички региони на Косово........................................................................ 27

Карта бр. 2. Клима во Општина Драгаш.............................................................................. 45

Карта бр. 3: Границите на Националниот парк Шари исцртани во картографска приказ во соодност 1: 25,000 и се составен дел на овој Закон (Р. Косово 2012)..................................... 57

Карта 4: Дистрибуција на компании на територијата на општина Драгаш......................... 69

Карта бр. 5: Магистрални патишта на Косово.................................................................. 117

Карта бр. 6: Мапа на развојната рамка на Драгаш............................................................ 119

Карта бр. 7: Асоцијација на косовските општини.............................................................. 125

# СПИСОК НА СЛИКИ

Слики бр. 1: Фауна во Опоље и Гора (Шарпланински орел, кафеава мечка, дивокоза, срна, шарски рис, волк)........................................................................................................ 53

Слики бр. 2: Етнолошки музеј во Драгаш.................................................................... 78

Слики бр. 3: Џамијата во село Млике со нишан-плочата.......................................... 80

Слики бр. 4: Надгробни нишани на гробиштата во село Млике во рамките на џамијата... 81

Слики бр. 5: Надгробни нишани во регионот на Гора................................................ 82

Слика бр. 6: Селим-дедовото турбе во Рестелица....................................................... 83

Слика бр. 7: Турбе во селото Плав................................................................................ 84

Слика бр. 8: Намазџах во село Бузез (Опоље)............................................................. 86

Слика бр. 9: Моминска носија во Гора......................................................................... 87

Слика бр. 10: Носија на омажени девојки во село Брод (Гора)................................. 88

Слика бр. 11: Свадба во селата Рестелица и Радеша.................................................. 89

Слика бр. 12: Прослава за денот на општина Драгаш................................................ 90

Слика бр. 13: Прослава на Ѓурѓовден 08.05. Кошче Злипоток.................................. 92

Слики бр. 14: Пеливани во општина Драгаш.............................................................. 93

Слика бр. 15: Коњска трка во општина Драгаш......................................................... 95

Слика бр. 16: Шарпланинци од Рестелица.................................................................. 96

Слики бр. 17: Национални специјалитети во Опоље и Гора...................................... 98

Слики бр. 18: Хотел Мека, Драгаш............................................................................ 102

Слика бр. 19: Хотел Arxhena, Брод............................................................................ 103

Слика бр. 20: Ски терени кај Хотел Arxhena, Брод.................................................. 103

Слика бр. 21: Внатрешен изглед на ресторанот во Хотел Arxhena........................ 104

Слика бр. 22: Скијачка патека на рекреативниот центар Arxhena, Брод............................ 207

Слика бр. 23: Шутманско езеро – Шар Планина.................................................................. 208

Слика бр. 24: Планинарење на врвот Абдаф, над селото Рестелица................................. 209

Слика бр. 25: Дивокоза на Шар Планина............................................................................ 210

Слика бр. 26: Прошетка на Шар Планина – Шутманско езеро.......................................... 212

Слика бр. 27: Народна носија во Гора................................................................................ 213

# ПРИОЛОЗИ

Прилог бр. 1

**АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК**

Почитувани,

Оваа анкета претставува дел од истражувањето на тема „Дијаспората во функција на развој на туризмот во Опоље и Гора", во рамките на докторската дисертација на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, „Св. Климент Охридски" – Битола. Анкетата содржи 20 прашања, а одговорите се со заокружување и дополнување. Анкетата е од анонимен карактер, додека резултатите од истражувањето ќе се користат исклучиво за научни цели.

**Социо-демографска структура на испитаниците:**

**Возраст на испитаникот?**
а) Од 18-25 години,
б) Од 25-40 години,
в) Од 40-60 години,
г) Од 60 и повеќе години.

**Пол на испитаникот?**
а) Машки,
б) Женски.

**Образовен статус на испитаникот?**
а) Основно образование,
б) Средно образование,
б) Факултетско образование.

**Граѓански статус на испитаниците?**
а) Вработен,
б) Невработен,
в) Студент,
г)Пензионер.

1. **Во која држава сте дијаспора:**

а) Швајцарија
б) Германија
в) Италија
г) Франција
д) Ав, МКД, СРБ, Фин, Шв, Бел.

2. **Колку години сте во дијаспората:**

а) 0-5 год.
б) 5-10 год.
в) 10-15 год.
г) Повеќе 15 години

**3. Со каков вид на бизнис се занимавате?**

а) Градежништво
б) Туризам
в) Трговија
д) Здрав., Хот.

**4. Како ги сметате своите годишни примања?**

а) Под просекот
б) Просечни
в) Над просекот
г) Одлични

**5. Колку ги познавате туристичките услови на Косово?**

а) Не ги познавам
б) Многу малку
в) Добро
г) Одлично

**6. Колку ја познавате законската рамка за инвестирање на Косово?**

а) Не ја познавам
б) Малку
в) Ја познавам
г) Добро ја познавам

**7. Дали досега сте направиле некаква инвестиција на Косово?**
**Ако да, во која област?**

а) Приватен бизнис
б) Вложување со заеднички капитал
в) Приватни станбени објекти
г) Немам инвестирано
д) Инвестирање во акции

**8. Дали би инвестирале на Косово и во која област?**

а) Туризам
б) Угостителство
в) Трговија
г) Сточарство и земјоделство
д) Не би инвестирал
ѓ) Други дејности (старечки домови)

**9. Кој вид туризам сметате дека има најголем потенцијал во општина Драгаш?**

а) Зимско-спортски туризам
б) Планинарење и алпинизам
в) Манифестациски летен туризам
г) Здравствен туризам
д) Транзитен туризам
ѓ) Рурален туризам
е) ___________________________

**10. Какво е вашето субјективно мислење, дали е законски лесно да се инвестира на Косово?**

а) Да, лесно е
б) Не, не е лесно
в) Не знам
г) Со нормална тежина

**11. Кој модел на инвестирање во туризмот би бил најдобар?**

а) Приватна сопственост
б) Корпорација со државата
в) Повеќекратно приватно власништво

**12. Кој вид на туризам би бил најдобар?**

а) Мал бизнис
б) Хотелиерство, голем бизнис

**13. Во која туристичка дејност би инвестирале?**

а) Воздушна бања
б) Хотелиерство
в) Органска храна
г) Рурален туризам

**14. Доколку инвестирате во туризмот во Опоље и Гора, колку пари би вложиле?**

а) до 20 000 евра
б) до 50 000 евра
в) до 100 000 евра
г) преку 100 000 евра

**15. Ако би вложувале во изградба или обнова на туристичко-угостителски објекти, на кој начин би ја извеле изградбата или обновата?**

а) На традиционален начин (максимално да се почитува автентичната природа, културните и традиционалните вредности на подрачјето)
б) Современа изградба и обнова
в) Комбинирано

**16. Што сметате дека претставува отежнувачка околност за инвестирање во Опоље и Гора?**

а) Сообраќајна инфраструктура
б) Правни пречки
в) Лош релјеф на природата
г) Непостоење на туристички организации
д) Затвореност на подрачјето
ѓ) Остра конкуренција (Брезовица, Маврово)

**17. Согласно вашето мислење, кои се факторите за развој на туризмот во Опоље и Гора?**

а) Природните убавини на регионите
б) Човечките ресурси
в) Био храна
г) ____________________________

**18. Кој вид на маркетинг би го користеле за промоција на туризмот во Опоље и Гора?**

а) Туристички агенции
б)Користење на современи информациски средства: тв, интернет, радио
в)Спортско студентско училишни организации
г) Директен маркетинг
д) ___________________________

**19. Кои производи (специјалитети) би им ги понудиле на туристите?**

а) Домашни
б) Странски
в) Комбинирани (домашни и странски)

**20. Дали мислите дека развојот на туризмот во Опоље и Гора може да допринесе за намалување на невработеноста и миграциите и зголемување на животниот стандард на населението?**

а) Да
б) Не
в) Делумно

# БИОГРАФИЈА



**Шериф А. Ага** е роден на 01. Октомври 1978 година во Рестелица, општина Драгаш. Основно училиште запишува во своето родно место, а со семејството се сели во Дервента (Босна и Херцеговина) се до војната 1992 година, кога повторно доаѓа во своето родно место во Рестелица во 1992/3 година.

**Средното економско училиште** го завршува во Драгаш во 1996/97 година. Додипломските студии ги запишува на Универзитетот во Приштина, на Економскиот факултет, а студира и на Економскиот факултет при Универзитетот во Белград. Студиите ги завршува на Економскиот факултет при Универзитетот во Приштина во Митровица во 2002 година, на тема: **„Важноста на комуникациите во претприемништвото и нивна цел“**, на насоката Претприемништво и маркетинг.

**Првите мастер академски студии** ги завршува на Интернационалниот универзитет во Нови Пазар, во август 2012 година, на тема: **„Гора како туристичка дестинација“** и се стекнува со звање **Мастер економист.**

**Вторите мастер академски студии** ги завршува на факултетот KOLEGJI – College BIZNESI во Приштина во 2016 година, на насоката: **Менаџмент и финансирање**, на тема: **„Туризмот како фактор на економски развој на Општина Драгаш“.**

**Докторски академски  студии** ги запишува во 2016/2017 година на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола-Охрид, на Факултетот за туризам и угостителство, Македонија**, на студиската програма Туризам.**

Освен тоа, учесник е на преку дваесет научни конференции во земјата и странство. Има објавено преку 15 научни и стручни трудови во земјата и странство од областа на економијата, организацијата, маркетингот и туризмот. Има бројни контакти и соработка со колеги од областа во рамките на струката.

**Работно искуство:**

- 2000 година работи како менаџер во компанијата Калифорнија фитнес во Белград, шест месеци.
- Од 2003-2008 година работи како претпиемач во градежништво во Италија.

- Од 2009-2017 година работи како професор во Средното економско училиште Ружди Бериша во Драгаш.
- Од 2009-2017 година ја обавува функцијата Заменик претседател на Општинското собрание на Драгаш.
- Од 2017-2018 година, работи како економски советник на министерот во Министерството за регионален развој на Косово.
- Од 2017 година именуван е на функцијата заменик градоначалник на општина Драгаш.

Поседува организациски способности за тимска работа и комуникациски вештини кои ги ма докажано со успешно управување на работните места низ годините.
Зборува италијански и албански.